**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дваесет и деветата седница на Собранието на**

**Република Македонија одржана на 3 јули 2003 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10, 10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали можеме да почнеме со работа.

Дами и господа пратеници, ја отворам 29-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љупчо Мешков, Каролина Ристова, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Љубчо Георгиевски Ганка Самоиловска - Цветанова, Марија Којзаклиска, Петар Наумовски, Лилјана Ивановска, Сашко Кедев, Слободан Чашуле, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Ејуп Рустеми, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат, според картичките, 78 пратеници.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, генералниот директор на АД “Елекстростопанство” на Македонија.

Почитувани пратеници, оваа седница ја свикав по барање на 20 пратеници од опозицијата, заради разгледување на Информација за состојбите во АД “Електростопанство” на Македонија и селективната примена на правото во процесот на реформи со отпуштање на вработените.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

Информација за состојбата на АД “Електростопанство” на Македонија и селективната примена на правото во процесот на реформите со отпуштањето на вработените.

Би сакал неколку збора да кажам пред да почнеме со работа за динамиката на работа за оваа седница и за во иднина.

Како што знаете, последната седница ќе ја одржима во текот на јули. Направив еден распоред кој малку е модифициран од вообичаеното заради прославата на празниците и заради летните одмори.

Прво, предлагам на денешната седница, пред да гласаме, да Ве замолам сите да не бараме дополнување на дневниот ред и да биде само оваа точка, со оглед дека е по барање на опозицијата за итна седница.

Оваа седница планирам да ја работиме денеска, ако денеска не завршиме со расправа, а тоа зависи од вас, тогаш ќе продолжиме утре и утре ќе работиме до завршувањето па макар до доцните вечерни часови за да можеме идната недела да ја ослободиме целосно без седница за да можат да работат собраниските комисии. Седницата е закажана за втората недела со обемен дневен ред, па мора комисиите да ги ослободиме идната недела да не се работи на пленарна седница, а веројатно уште една седница после 16-ти ќе закажам по барање на Владата со уште неколку точки во сверата на финансиите кои дополнително ќе дојдат. Ќе го запазиме рокот.

Пратеничките прашања од 31 јули кога по Деловникот треба да се одржи, ве молам за разбирање за таа работа, ги преместувам на 24 јули значи, не последниот четврток, туку претпоследниот четврток во месецот затоа што на 31-ви нема да можеме да ја одржиме седницата,а на 30 јули ќе имаме свечена седница на Собранието по повод Сто годишнината од македонската држава, а на 31 јули ќе има свечена академија, која е во организација на Одборот.

После тоа на 2-ри август е Крушево и ни почнуваат годишните одмори.

Како што гледате, динамиката до крајот на месецот е богата, ќе имаме доста работа, практично секој ден или сесија или комисии на Собранието за тие сесии што ги свикувам.

Оттаму, ве молам да прифатите денеска да работиме до 17,00 часот, а ако не завршиме утре продолжуваме и завршуваме, па макар и вечерта за да не ни се поклопат работите.

Претпоставувам дека се согласувате со ваквото планирање на работата.

Предложениот дневен ред со една точка го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 78 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на првата точка од дневниот ред.

Информација за состојбата на АД “Електростопанство” на Македонија и селективната примена на правото во процесот на реформите со отпуштањето на вработените.

Информацијата Ви е доставена.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Едновремено ги молам 20-те предлагачи да ме известат кој е тој еден што ќе биде претставник на предлагачите по Информацијата во текот на расправата.

Значи Коце Трајановски е претставник на предлагачите.

Молам, кој бара збор?

Има збор г.Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, еве конечно по долги инсистирања стигнавме до оваа точка разгледување на ситуацијата во “Електростопанството” на Македонија вклучено со новите настани во врска со намалувањето на бројот или скратувањето во јавната администрација, како што е крстена.

Би сакал да кажам неколку збора на почетокот затоа што АД ЕСМ во сите извештаи, во сите пријави од г-динот генерален директор, и она што го читаме во средствата за јавно информирање се намалува бројот на вработените во јавната администрација. Бидејќи многу добро го познавам генералниот директор, тој произлегува директно од производството, не би се согласил, а мислам дека и тој нема да се согласи дека не станува збор за јавна администрција, станува збор за производство.

Под јавна администрација, ако можеме да ги рачунаме рудниците, термоелектраните, преносот, дистрибуцијата, диспечерските центри, хидроелектраните, развојните бироа, места кои побаруваат бенефициран стаж, тогаш навистина господа доаѓаме во една ситуација кон тие луѓе да правиме голема неправда.

На почетокот би ве замолил и вас како претседател на Собранието и генералнот директор на ЕСМ, бидејќи дискутираме за една многу сериозна тема, зборуваме за кичмата на државата, многу од пратениците, за жал, не го посетиле ниту РЕК Битола, ниту овие производни капацитети. Ако постои можност, еве Вие ја

кажавте програмата, некаде септември октомври, да се организира една посета на овие објекти затоа што сите натамошни разговори ќе бидат во поинаква насока кога пратениците ќе знаат за што разговараат, за кои проблеми на овие вработените кои се наоѓаат во ЕСМ. Мислам дека тоа ќе биде прифатено од моите колеги и потоа ќе можеме барем малку порамноправно да разговараме.

Работата во рудниците и другите капацитети што ги набројав пред малку доведоа до тоа многу луѓе да имаат инвалидски решенија поради долготрајната работа во овие рудници, долготрајна работа во никакви услови и сето тоа треба да го почитуваме оти само во РЕК “Битола” имаме над 220 такви решенија за луѓе кои моментално по систематизацијата на работните места воопшто не ги обавуваат тие работи, работат скратено работно време од 4 часа, тоа треба да го имаме во предвид, да најдеме решение прво, како фирма ЕСМ и како држава да се оддолжиме кон овие луѓе кои го заложија своето здравје во успесите на работата на ЕСМ.

Значи, тука има многу простор за размислување, тоа се тие вработени, тоа е вработувањето и евентуалното воведување на четврта смена која во рудниците се покажува како неопходна и воведување на многу млади луѓе, замена на работните места на оние луѓе кои веќе се при крајот на својот работен стаж.

Гледајќи ги сите информации кои доаѓаат до нас, гледаме дека е прогласена за технолошки вишок онаа млада работна сила и тоа стручна работна сила која требаше да биде замена за овие вработени, но изгледа единствениот проблем што овие луѓе се прогласуваат за технолошки вишок е токму тоа што се вработени во времето по 1999 година или поточно во времето на владеењето на ВМРО ДПМНЕ без разлика што во бројот на оние што се отпуштаат има и магистри, има најдобри студенти во својата генерација, дипломирани електроинжењери, машински инжењери, економисти, технолози, електротехничари, машински техничари, бравари, електричари, меѓу нив човечки гледано многу луѓе се роднините и делови од фамилиите на нашите бранители и самите бранители кои се пробласени за непродуктивни, некои од луѓето чекаа работа повеќе од 5-10 години, влегоа во некој нормален колосек на живеење и сега наеднаш се случува ова како гром од ведро небо повторно алтернатива која се нуди е улицата, безизлезот, хаосот во нивните глави, црните помисли на се она што следи со ваквата власт. Страв ми е да не се

случат истите работи како што се случуваа 1997 година во Битола со аферата ТАТ. Мислам дека и ова добива таква димензија.

Во оваа ситуација она што го добивме како извештај од г-дата од ЕСМ имаме чиста ситуација. Определена е целта бркање од работа на голема група вработени од времето на ВМРО ДПМНЕ, но, откако е пронајдена целта понатаму се продолжува да се најдат сите решенија, одлуки, анализи, елаборати што се оди во насока да се пронајдат начините и методите  како сето тоа да се изврши, што нормално донесува до статутарни и правни грешки, кои им даваат право на вработените да се сомневаат во се што е донесено и, за жал, имаат право.

Се што во меѓувреме можеше да биде пречка во реализација на овој план на груб начин беше рушено. Јас, неколку столбови од ова што го имаме можеме да го разгледаме и тоа на почетокот би почнал со синдикатот. Јас немав доволно време, но мислам дека има информација до вас, господине претседателе, и до Владата на РМ, во однос на изборите кои се случуваат во РЕК Битола и начинот на кој раководството на ЕСМ ги суспендира истите и стигна до оваа ситуација во која незнам дали во светот постои друга таква ситуација каде синдикатот се става на страната на работодавците и оди директно против работниците.

Еднаш во едно мое говорење кажав дека таква ситуација имаше 1929 година кога во Чикаго беше Ал Капоне и тој синдикат беше против тие вработени. Се надевам дека не е до тамуј стигната ситуацијата и сега на ваков начин, да се разрешува работата со синдикатот.

Јас би се задржал малку подолго, мислам дека во текот на седницата ќе имам доволно време на колегите пратеници да ги донесам заклучоците на правната служба во однос на регуларноста на се она што значеше легитимно избран синдикат и би сакал да кажам дека од легитимно избраниот синдикат има мислење во однос на она што значи отпуштање на вработените од ЕСМ за разлика од она што нам ни е понудено како информација на која е потпишан претседавачот Василије Србиновски кој законски е назначен на тоа место наместо на конгрес извор од 270 делегати го поддржаа само 22 делегати и за жал со тие насилно преземени печати на кои тој по една недела откако е назначен дава потполна поддршка на раководството на ЕСМ.

Мислењето на синдикатот и тоа легитимно избраниот за кој гласаа повеќе од 2000 луѓе во РЕК Битола од вкупно вработени 2700 или 80,33 проценти од сите што излегоа да гласаат кажува нивното мислење за да се спроведат сите овие реформи

кои ги предлага ЕСМ не постои ниту една причина, тоа значи дека нема воведување на нова технологија, нема влошена економска состојба, напротив, завршната сметка е позитивна и нема структурални промени.

Што се однсува на она што моментално постои во ЕСМ според постоечката систтематизација во Рек Битола а и во цело ЕСМ има сеуште упразнети работни места, значи има потреба од дополнителна работна сила.

Според фактичката состојба на упразнетите работни места како и на други места кои не се систематизирани, ангажирани се работници од други фирми кои во моментот работат во ЕСМ. ЕСМ како и РЕК Битола секој месец исплатува одработени саати заради прекувремено работење што е уште еден доказ за потребата од дополнителна работна сила, а не за отпуштање на работници.

Јас мислам дека ова мислење на синдикатот кое потполно го делам дека е во ред и дека ова значи она што сите ние го знаеме и каде секој нормален човек при размислувањето кога имате фирми кои работат во ЕСМ со договор на дело, а вашите работници кои имаат потполна одговорност и пред законот и она што го потпишале како решение се исфрлат од работа, а во меѓувреме за истите тие луѓе јас господинот генерален директор многу добро знае што значи, а би сакал да му назначам еден систем на РЕК Битола кои се тие кои работат од надворешни фирми значи има четири ракувачи на претоварен уред, има 12 ракувачи на погонска станица, 3 ракувачи на булдожери кои коштаат повеќе од милион евра, 5 ракувачи на унидачи, помошни работници во смена 25, ракувачи на багери, дреглајни еж 6, бравари, швајцери во смена 20, значи има една плејада на луѓе кои ќе ги видиме на список на отпуштените кои можат слободно да се пронајдат себе си и да работат на овие работни места. Тоа многу добро го знае г-динот Лазаров.

Зошто го зборувам ова? Се случувале доста хаварии и несреќи во РЕК Битола, за жал, некои со човечки последици и смртни случаи, но, ни се случувало и тоа во овие несреќи да учесртвуваат луѓе кои се ангажирани со договор на дело кои работат од други фирми чија нивна единствена одговорност во целата ситуација би била после тоа да бидат исклучени од работа т.е. од фирмаа во која работат.

Со ова би сакал да кажам се додека постои можност било кој од овие вработени да биде прераспореден на било кое работно место во ЕСМ мислам дека треба да се избориме и тоа да го направиме.

Синдикатот, кој е елиминиран на ваков незаконски начин, мислам дека се избрани 15 луѓе, стигнаа во ситуација да биде биран и претседател, но претседател не е избран, се направи упад во Синдикатот, направени се нови печати се води судска постапка која деновиве ќе почне да работи, значи направено е едно криминално дејание кое мислам дека ќе треба многу строго да се примени и да се одговара за сите нарушени права на работниците и вработените во ЕСМ.

Би сакал нешто да кажам во однос на она што значеше цело време повикувањето на извештаите на фирмите кои работеле во ЕСМ и нивната проценка дека бројот на вработените е преголем, дека поради тоа треба да се направат тие структурални промени 1100 работници да бидт отпуштени. Јас воопшто не би се согласил со таквите изјави кои се даваат од повеќе причини.

Прво, во одредени капацитети како што стои во извештаите од Мануел Банк според платата која учествува во вкупните трошоци во претпријатието ние учествуваме некаде со 9 проценти. Максималните 10 проценти кои се дозволени ние не ги надминуваме со тоа што ќе избркаме 1100 работници од вкупниот процент намалуваме 1%. Значи, заштедата е многу мала, проблемите со загубите се на друго место и треба раководството да се насочи токму тука да ги пронајде начините, изворите кои треба да се секнат или тие средства повторно да се вратат во комбинатот и така да продолжи со нормално работење.

Бројат на вработените во нашите капацитети, а како репер за мерење се земани РЕК “Битола”, ХЕЦ “Тиквеш” и одредени дистрибутивни капацитети, се стигна до таму дека бројот на вработените кај нас е приближно, како кај оние во Источна Европа. За разлика од Западна Европа, каде што тој број е многу намален, но знаејќи ја нивната технологија што тие ја имаат, знаејќи го големиот број на нуклеарни електрани што работат, мислам дека е тоа многу нормална работа, поради начинот на кој што функционираат нивните диспечерски центри, сето тоа е многу, многу далеку пред нас, така што воопшто не можеме да правиме споредба во однос на овие луѓе. Значи, се работи за платите. Платите на овие луѓе учествуваат само со толку трошок и тоа е единствениот трошок што го има во учеството во цената на киловат час. Тоа е најмеродавно да се оцени дали една работа е успешна или неуспешна.

По завршната сметка за 2002 година, гледаме дека фирмата работела со позитива, позитивно салдо. Значи, економската ситуација воопшто не е така

критична како што некој сака да ја прикаже. За разлика од западно-европските фирми, каде што ги работат овие работи, производство на електрична енергија, тие, за нивното одржување, почнувајќи од хигиеничарските служби, па службата за обезбедување и службата за одржување на компјутерски мрежи, сите оние кои ги изведуваат ремонтите во дадени термо или хидро електрани, сето тоа се надворешни организации и се ангажираат со договори за да ги извршуваат тие работи во одреден период. За разлика од нив, во РЕК Битола, во сите наши капацитети, сите тие луѓе се вработени и вклучени во производството. Значи, од одржување, се до превенција, заштита на сите проекти и плус тоа се вклучуваат во сите ремонти. Според платата што ја добиваат во однос на било кои западни анализи што се прават, мислам дека ние сме можеби со 8-9 пати помала плата од сите други вработени во Западна Европа. Кога ќе го земеме и ова, тоа се однесува исто и за хидроцентралите, бројот и причините поради кои што се вработени толкав број на луѓе, се затоа што, едноставно, кажав, диспечерските центри во западните центри функционираат на тој начин што командата, вклучувањето на хидроцентралите се изведува од еден центар, за разлика од кај нас, каде што и погонската подготвеност и ремонтите, се́ што следува во тие хидроцентрали извршуваат токму вработените вон. Значи, тука не би можеле да зборуваме за нешто што се случува на запад, кога ние сме далеку од сето тоа.

Другото што треба да се каже во оваа ситуација е дека нашата опрема, во 90% во случаевите, сем последните промени што се правеа, технолошки промени, се од Источна Европа. Така што, и по габарит и по начинот на кој што би требало да се делува и функционира, мислам дека побарува повеќе луѓе, така што тука не би сакал многу да образложувам во однос на начинот на кој што ќе треба Електростопанство сето тоа да го разрешува, затоа што имаме стари објекти кои што понатаму ќе треба, доколку државата има средства, повторно ќе се возобноват. Но, што е трагично, бидејќи поминува една година, неколку пати инсистиравме за енергетската состојба во Република Македонија, го гледаме зголемениот увоз, го гледаме сето она што се случува во Македонија, но едноставно нема реакција. Нема ништо што би помогнало понатаму како ќе се развиваме како енергетски систем како држава, затоа што знаеме дека држава без енергија едноставно не може да опстои. Ако РЕК Битола и Електростопанство не беа во тешките години во 1991 година, мислам дека и оваа држава многу тешко денеска ќе ја има. Затоа ќе треба многу

мислење за сето она што ни се случува да се дефинира што е приоритет во Република Македонија и тука државата да се вклучи во инвестиции. Значи, инвестиции за ново наоѓалиште “Брод - Неотино”, во кое што имаме можност да вработиме нови луѓе, значи нови вработувања, а не да испуштаме луѓе. Со тоа што самите капацитети би обезбедиле продолжување на работата на РЕК и ТЕ Битола, барем за наредните 10-12 години. Тука би ги спомнал исто и подинските слоеви за кои што господинот Лазаров знае и подобро во кои што многу брзо треба да се вклучиме. Така што за овие луѓе ќе има и дополнителна работа, значи може да се пронајде место за секој од нив.

Би сакал нешто во врска со она што значеше во документација. Во она што е проследено, мислам дека пратениците дали ја добија или не ја добија, или ќе имаме можност да биде распределена во секој одј пратениците, тоа е документацијата што ја направи ЕСМ, тоа е Елаборат - анализата со која што е започнато сето ова. Таа Елабората - анализа кажува, на самиот почеток, дека бројот на вработените на 31.12.1998 година бил 7945 со што се постигна оптимален број. Тука стои една најава дека претходно, на 26.11.1995 година бројот на работниците во претпријатието се намалил за 400, без последици на процесот на работа, а околу 600 работници беа преземени со овие друшта, основани од ЕСМ. Би сакал да го прокоментирал тоа решение, тогашно, кога повторно беше господинот Панде Лазаров во 1995 година.

Се работи за 400 луѓе кои самите искажаа желба да го напуштат ЕСМ, но под услови што беа многу поприфатливи, 24 плати, доплата на стаж, сите што имаа 25 години стаж. Многу поприфатливо. Многу од тие луѓе денес имаат отворено бизниси и мислам дека се задоволни од она што го добиваат како надокната за дотогашната работа во ЕСМ.

Но, овој предлог што сега се нуди, овие други работници што кажавме дека се преземани во други друштва што се основани од ЕСМ, да појасниме за оние што незнаат, тоа беа со ограничена одговорност од едно лице, како што беше “Фод” во Битола, со 200 вработени, “Фјорд” во Кичево, “Бисер”, “Молика”, “Крушино”, така што тие капацитети во меѓувреме не успеаја ниту да се приватизираат, па имаме еден проблем истите луѓе повторно да се вратат во недрата на ЕСМ. Значи, овие 600 вработени, поголем дел од нив воопшто не им е разрешено прашањето и не можеме да сметаме дека со нив ЕСМ завршила работа.

Во меѓувреме имаме некој извештај дека се примени 2127, но според бројот на години и број на вработени одиме до бројка од 1541 човек. Значи, има некоја разлика од 586 луѓе. Дали е разликата во тоа што е техничка грешка во броење или во меѓувреме се примени други луѓе, оставам господине Лазаров ако има објаснување или службите што го изготвувале овој Елаборат, да го донесат како информација.

Многу симптоматично е структурата на работници во подручниците. Според старосната структура од 56-65 години изнесува 812 вработени, од 46-55 години 3198 работници. Не добив информација за овие 1100 луѓе која е нивната старосна структура. А, за она што значеше техничка структура на работници на кои ќе им престане работниот однос, со високо образование се 117, во вишо 47, со ССС 437, со средно занимање и квалификувани работници 217 или некаде околу 1000 луѓе. Ќе беше добро со овој Елаборат и со отпуштените работници, бидејќи уште од почеток се знаеле нивните имиња и презимиња, се работеше само за проформа да поминат сите овие документи, ќе беше добро пред нас да имавме доставено која е старосната структура и колку тоа значи во однос на годините на стаж, бидејќи гледаме дека и со работен стаж од 31-40 годиин има 1002 вработени. Сето тоа дава една можност, голема можност да се седне да се разгледа и да се проанализира оваа работа.

Ако она што беше 1995 година, се покажа многу успешна, за многу луѓе повторно да се надминеме себеси, да ги најдеме правите критериуми и ако некој треба да оди, тогаш треба да направиме една права анализа, а не анализа според тоа кој кога е вработен. Зошто го зборувам ова? Затоа што и пред 1998 година се вработувале луѓе во ЕСМ. Во моментот има луѓе од фамилии што се по 2 или 3, во меѓувреме добиле станови за 1500-2000 марки, тие луѓе остануваат во ЕСМ, не се технолошки вишок. Значи, имаме еден проблем што треба сите заедно да седнеме и да го разрешиме. Затоа што се работи за судбина на луѓе, кои, после оваа ситуација ги оставаме да бидат социјални случаеви. Социјалните случаеви што биле години наназад, во меѓувреме многу од нив засновале фамилии, некои допрва треба да ги засноваат, се вратиле во нормален колосек на живеење, повторно сакаме да ги вратиме на улица, повторно да ги вратиме во канџите на она што значи начин да се избори човек да преживее. Тоа е многу опасна ситуација и на тоа требаше многу да се мисли пред да се донесат сите овие закои и акти и сето ова што го даде ЕСМ.

Ова е само почеток. Тоа е само Елаборат - анализа доставен на 25.04.2003 година. Но, би сакал да се вратам на тоа што значи, не знам дали ги имаат колегите пратеници овие документи, ќе се обидеме во текот на наредните часови да ги распределиме на секој од нив.

Во случајов имаме некои состави од кои што тука се гледа дека сите работници ќе бидат испуштени со нивното образование, со нивниот начин како ќе бидат отпуштени и дури се предвидува решавање на правата на нивните работници, еднократниот надомест согласно член 30 став 1 точка 3 од Законот за работни односи ќе се исплати со денот на престанокот на работниот однос. Ако во меѓувреме се пријави некој доброволно, ќе добие дури една плата плус. Со тие 20-25 илјади денари ќе може многу гордо да се вклучи во нашите реформски движења, што сега ги предвидува Владата и со тие 25 илјади да се вклучи во тоа да отвори негова фирма, да почне да работи и она последното, да се само вработи, што ќе биде тренд во следните години. Можеби така Владата предвидуваше да вработи 200 илјади луѓе. Луѓето веруваа, но сега се случува нешто сосема обратно. Значи, требало да се избркаат толку луѓе. Почетокот е сега. До крајот на годината имаме најава за 30 илјади отпуштање од работа во сите јавни установи и претпријатија. Не знам каде тие луѓе понатаму ќе работат, освен она што е понудено како само вработување, значи продавање по пазари и не знам што друго, како може некој да се само вработи кога воопшто немаме фирми што можат да работат.

Друштвото ги кажува овие работи и обезбедува средства што сигурно нема да бидат многу големи. Во меѓувреме се случува давање на упатство како сето ова да се заврши. Тоа е Одлуката број 024136 од 5 јуни, Упатство за сите овие обрасци. Би сакал најпрво да се задржам на образецот што е понуден и што е составен дел на сето ова, правење на листа за отпуштање на овие работници. Листата и бодувањето се обидов нешто да размислувам и видам за што се работи, што е тука што, но верувајте ми, кога ќе ја видите и вие останува вашиот шеф доколку ви е пријател или доколку е добар со вас или не дај боже да не биде добар со вас, едноставно неговото сугестивно мислење може да доведе до тоа преку ноќ да останете без вашето работно место.

За што всушност се работи:

Под а) имате вреднување според критериуми и неуспешност на работењето на работникот:

- работникот постигнува натпросечен квалитет и квантитет во работата - 90 бода
- работникот постигнува просечен квалитет и квантитет во работата - 45 бода
- работникот постигнува не постигнува ни просечен квалитет - тоа се 0 бодови

2) Навремено извршување на работите:

- работникот предвремено ги извршува работите - 60 бода
- работникот навреме ги извршува работите - 20 бода
- работникот навреме не ги извршува работите - 0 бодови.

3) Рационално и економично користење на средствата за работата и работното време:

- работникот рационално и економично ги користи средствата за работа - 20 бода
- работникот не ги користи рационално и економично срествата - 0 бодови.

Значи, според овој критериум или индивидуалното размислување на вашиот шеф во старт може да имате 170 бодови. 170 бодови поради под б) она што е реално и што е вредно, тоа е вреднување според стручната подготовка и квалификациите на работникот каде за ВИИ степен има 60 бода, за ВИ 50 итн, стигнуваме до И -ви степен каде имате само 5 бода.

Понатаму има вреднување според работниот стаж на работникот, до 10 години само 4 бода, од 10-20 години - 8  бода, над 20 - 30 имате 12 бода и над 30 години 16 бода.

Вреднување според работното искуство на работникот истата бонификација до 10 бода, до 10 години 4 бода, и над 30 години 16 бодови.

Вреднување според видот и значењето на работното место на работникот има 46 бода ако е од особено значење, од помало значење 23 бода, не знам како е сето тоа дефинирано и работно место со најмало значење 5 бода.

Според возраста на работникот имаме повторно од 4-16 бодови.

Кога ќе ги собереме сите овие работи и што е најстрашно под ж) имаме вреднување според здравствената состојба, инвалидност. Инвалидност што настанала во врска со работата добива 10 бода, за професионално заболување во врска со работата само 7 бодови, инвалидност што настанала од други причини 4 бодови. Значи, сето ова го донесува до некои 118 бодови. Значи со самото сакање и значењето на вашето работно место едноставно сте на работно место или не сте. Што значи, ако утре, некое друго раководство во ЕСМ си земе за право да почне да ги вреднува работниците, јас ве уверувам дека ќе се најдат други 1100 вработени што веднаш ќе го напуштат ЕСМ или 2200, зависи од критетиумот кој како сака и кога сака. Значи, било кој шеф може да ве остави или да ве избрка од работа. Ова не е критериум. Ова е субјективно мислење на некој кој добил наредба да го заврши сето ова. За жал, тоа е точно така и никој не може да ме убеди дека во ова има некаков критериум, дека има мерила според кој некој сакал да работи.

Понатаму, имаат известување, што е и нормално и сега одиме до клучните документи што значат поддршка и што значат мешање на баби и жаби, затоа што тука веќе се случува нешто друго.

Прво, овде имаме, дали е ова предмет-одговор на барање за мислење по Анализа - елаборат и предлог на програмата потпишања од господинот претседавач, не претседател на синдикатот, претседавач насилие Србиновски. Тоа носи број 21/1 - 204 од 15.05.2003 година. Во него се вели, мислење:

Во целост се прифаќа Анализа - елабораtот за економските, структуралните или слично промени што предизвикале потреба од намалување на работниците во АД ЕСМ во државна сопственост.

Во целост се прифаќа и Предлог програмата за решавање на правата на работниците за чија работа престанала потребата со утврдување на потребата од воведувањето на економски, структурални и слични промени во АД ЕСМ. Значи, ова зборува дека Синдикатот, едноставно ги поддржува сите овие предлози што пред малку сакав да ви ги образложам, дека се 20 или се 25 илјади, сите овие работници кои ќе се најдат на улица ќе почнат големи бизниси и ќе се вратат во она што значи помош на нашата држава и работењето, како што досега сработиле во Електростопанство дека ќе сработат и надвор од него.

Но, за жал, еве тука имаме уште еден документ, а тоа е 21/1-181 од 8.05.2003 година, со кој што се дава Одлуката за избор претседавач на Самостојниот синдикат

на работниците од “Електростопанство на Македонија”и тоа се изгласува Василие Србиновски, кој самиот се потпишув како претседавач, значи само 7 дена пред да биде ова Прелдог-програма и ова што значееше анализа и елаборат за извршените промени во “Електростопанство на Македонија”. Веднаш после тоа, многу брзо, веќе на 25-ти, господата од Управниот одбор заземаат свој став и тоа со Одлука број 02/35-87/5/2 од 20.05.2003 година, каде што стои претседател: д-р Татјана Колемишевска-Гугуловска, Управниот одбор го поддржува мислењето на Самостојниот синдикат на “Електростопанство на Македонија” во државна сопственост, Скопје, со која во целина се прифаќа Анализа - елаборатот за економски, структурални и слични промени кои предизвикале потреба од намалување на работниците и Предлог-програмата за утврдување на потребата од воведување на економски, структурални и слични промени. Значи, само 5 дена господинот Василе Србиновски, после 7 дена откако е поставен за претседавач, веќе има јасна ситуација за се ова што се случува во “Електростопанство на Македонија”, господата од Управниот одбор само после 5 дена без да се проследи до Синдикатот на разгледување, како и до сите луѓе, мислам дека сето тоа е фарса и дека мора да се запре, да се застане на здрави основи, ако сакаме нешто да правиме.

Би се вратил на одлуките, со кои почна сета ова работа, значи одлуката од 4 ноември, со која е назначен господинот Панде Лазаров за вршител на должноста генерален директор на “Електростопанство на Македонија”, потпишана од претседателот на Владата Бранко Црвенковски. Веќе на 6 ноември, до сите подружници од директорот има известување да се провери и итно да се достави список на нововработените во сите подружници и тоа во последниот месец, односно во периодот од 5.10. до 5.11, во последните три месеци во периодот од 5.8 до 5.11, вработените во последните 6 месеци од 5.05.до 5.11, вработените во последните 12 месеци во периодот од 5.11. до 5.11.2002 година и сите нови вработувања од 1.01.1999 година до 5.11.2002 година. Секој список поединечно треба да содржи податоци за секој работник поединечно и тоа: име и презиме, број и назив на работното место на кое работи, степен и вид на стручна подготовка и ден на заснoвањето на работниот однос. Доколку работникот е распореден од една во друга подружница, потребно е да се наведе денот на засновање на работниот однос во претходната подружница и денот на распоредување во Вашата подружница. Тоа

е доставено на 6.11.2002 година, а господинот Лазаров беше назначен на 4.11.2002 година. Веќе на 12.11.2002 година побаран е истиот ваков список, во кој ќе биде доставено за сите ангажирани работници по договор за дело и многу брзо сето тоа профункционира, така што поголем број од тие работници беа отпуштени под итно. Значи, списоците требаше да се постават најдоцна до 15.11.2002 година, значи за 3 дена и после тоа од 1.12. луѓето веќе беа избркани  од работа, значи прекинати договорите на дело. После 6.11. веќе на 8.11. значи после 2 дена помошникот генерален директор за правни работи бара дополнителни податоци исто од сите подружници, во кои побарува: основ на вработување, замена на отсутен работник , зголемен обем на работа, начин на вработување, фирмата од која спогодбено е преземен во АД "Електростопанство на Македонија", работен стаж во фирмата, потребна стручна подготовка, дали работникот во целина ги исполнува условите за работното место. Значи, уште тука, на 8.11.2002 година се направени сите овие форми и функции, каде што ќе може понатаму да се делува. Стигнуваме понатаму, за да биде про форма се задоволено, формирање на Координативно тело на 23.05.2003 година, под број 02-3976/1 во која Координативното тело има задача да ја следи реализацијата на Програмата за утврдување на потребата  за воведување на економски, структурални и слични промени на бројот на работниците, за чија работа престанува потребата во АД "Електростопанство на Македонија" и спроведување на сите активности предвидени со Оперативниот план за спроведување на Програмата и за истото го изветува генералниот директор на АД "Електростопанство на Македонија". Тука сега се случува нешто што многу често се случува во тие брзања. Имено, на 9.06. со број 03-473 е побарано од подружниците да известат дека вработените во сите објекти и подружници на "Електростопанство на Македонија" кои засновале работен однос после 5.11.да достават доказ за материјалната состојба на семејството. Значи само оние после 5.11.2001 година, и податоците да ги достават во рок од 3 дена. Ако знаеме како функционираат нашит служби и нашите Министерства, мислам дека за три дена многу тешко овие документи може да се извадат, но беа понудени така како што беа понудени.

И последното решение е од 19.06.2003 година кога сето ова е завершено, кога се објавени сите списоци со имиња, презимиња, со луѓе, доаѓа барање податоци, ова е предмет: Барање податоци под број 02-4477/1, потпишано исто така од господинот Панде Лазаров, "Во функција на спроведување на Програмата, потребно

е итно да доставите податоци за точниот назив на работните места кои треба да се укината или да се намали бројот на извршителите на работните места на кои работеле работниците што се утврдени во Одлуката од генералниот директор за престанување на потребата од работа на работниците во АД “Електростопанство на Македонија” во државна сопственост, Скопје, односно образецот 2.

Значи имаме еден голем проблем. Се стигна до тоа на крајот да се направи систематизација врз основа на оние што се избркани, значи тие што се брканите, нивните работни места едноставно ние само ќе стигнеме во ситуација да ги избришеме и со тоа стигнуваме до таа ситуација тие луѓе да не се на евиденција повеќе и таквите луѓе не ни требаат во процесот на производство. Но тука, господа, се јавува еден голем проблемот. Проблемот се состои токму во обратното. Ние, пред се, требаше да направиме една структурална промена, ако веќе ја правиме и ако се повикуваме на неа, што би значело структуралната промена да донесе до тоа ние да видиме кои работни места прво не се потребни, а потоа да видиме кои се тие луѓе и вработени кои треба да добијат отказни решенија или кои треба понатаму да не бидат вклучени во процесот на проиизводство. Но за жал, кај нас се случи обратното, на таа листа која што ние ја добивме и која што беше истакната по сите претпријатија и подружници на “Електростопанство на Македонија”, ќе видиме дека тука се работи за многу селективен пристап, се работи за ситуација која што воопшто нема оправдување и за која што ќе треба долго да се размислува. Би кажал само неколку примери, а ќе оставам и моите колеги нешто да кажат во своите излагања. Би сакал да го кажам следното.

Од она што значи барање на работниците, тоа што значи работење на Електро Скопје, тоа што значи работење на дистрибуциите, каде што се работи за голем број вработени со договор на дело, каде што имаме луѓе од надворешни фирми , ние си дозволуваме нашите вработени, на кои господинот Лазаров им поделува решение на 27.01.2003 година, во кое кажува дека поради неопходната потреба на процесот на трудот, а заради подобро користење на стручната подготовка и на работните способности на работникот, како и заради зголемување на обемот на работата на работното место на кое се распоредува работникот, согласно член 22 став 1 точка 1 и 27 од Колективнот договор на АД “Електростопанство на Македонија”, степенот на стручната подготовка на именуваниот работник одговара на степенот на стручна подготовка предвиден за

рабаотното место на кое се распоредува. Овој работник е распореден на 27.01.2003 година на работно место, што значи заштита. Заштитата многу му е јасна на господинот :Лазаров, затоа што  две дистрибутивни трафостаници изгореа во периодот пред 1998 година, од кои едната од 400 киловолти, па затоа би сакал овој технолошки вишок кој што е прогласен во заштитата, каде што се вработени само 16 луѓе, а сега се прогласуваат 4 од нив  за тенолошки вишок, од кои едниот од нив е дипломиран инженер со просек 10, другиот е дипломиран инженер со просек 9, третиот е вишиста а четвртиот електротехничар со добро познавање на компјутерите, англискиот јазик и енергетичар. Затоа, овие луѓе 200 дена е изложени во годината на секакви временски услови, по дожд и снег ги работат овие работи што се во интерес на “Електростопанство на Македонија”

и заштедата на големите штети кои се предизвикани токму со овие ризици кои до сега ги носевме самите, но одговорноста сигурно не ја споделивме и тука имаме големи проблеми.

Истото се случува и со она што значеше вработување на  луѓе - еве, многу актуелно е она што имаме загуби и она што значи наплата на електрична  енергија. Според бројот на броилата само во Скопје и по другите подружници, тука ќе ни требаат најмалку уште по 10, 20 луѓе, значи една до две екипи, за да се намалат овие загуби и да се регистрираат сите овие загуби. Ако мислиме дека со намалувањето на бројот на вработените, а истото беше и 1995 година, дека ќе стигнеме до некое зголемување на платите на вработените во “Електростопанство на Македонија”, таква работа не прочитав никаде, ниту некаде е најавена, значи останува само намалување. Но што станува со она што значи внатрешни борби на комбинатот, во кој ние треба да најдеме резереви, а резервите се неопходни, затоа што мислам дека овие стручњаци кои вие ги отстранувате од работа, а меѓу нив се: 42 електроинженери, 19 машински, 16 економисти, 7 технолози, 3 сообраќајни, 2 геодетски  и 2 хемиски, 1 рударско геолошки, 140 електротехничари, 74 машински техничари, бравари , монтери, електричари, рударски техничари, значи се се тоа луѓе кои единствено своето работење би го виделе и го гледаат точно во “Електростопанство на Македонија” . Ако овие луѓе ги прогласиме тука за технолошки вишок, не гледам на очи каде тие понатаму би работеле. Сигурно не, во Битолатекс, во Фрижидери и  другите фирми кои години наназад се затворени. Тука мислам дека се согласувам.

Но, од разговорите кои ги водевме со генералниот директор на РЕК Битола и она што значеше комисија што е формирана, која разговараше со генералниот директор на ЕСМ Панде Лазаров, јас мислам дека овие луѓе кои произлегуваат од производството мислам дека не се за овие промени, мислам дека не се за овие бркања на луѓето од работа, туку се работи за нешто друго. Ова е начин на кој што Владата на РМ врши притисок врз нив и врз сите останати за да можат овие луѓе едноставно да се избркаат, но со тоа мислам дека сите губиме, никој не добива.

Електростопанство, и покрај позитивното работење, има доста резерви кои може да ги пронајде и да се избори за истите. Значи, резервите во однос на она што беше втората точка, а тоа е економската оправданост за случувањето на овие резерви, може да ја пронајде во тоа што овие плати на вработените изнесуваат околу 5 милиони и 600 или 5 милиони евра. Пет милиони евра за 1100 вработени претставуваат она што го имаме ние.

Но што се случува? Имаме зголемен увоз на електрична енергија во година кога навистина имавме многу поголеми температури, кога хидролошката состојба во однос на претходните години беше скоро за два пати подобра, се случи да овеземе повеќе 350 гигават сати електрична енергија, која пресметана со 32 илјади евра дава износ од 11,2 милиони евра. Тоа се двегодишни плати за вработените кои треба да бидат исклучени.

Исто така, големиот потег на господинот Лазаров, прифаќањето на ДДВ и непокачувањето на цената на електричната енергија, што така упорно ни беше серфирано се до пред два дена, кога од 1јули веќе почнува да се смета новата тарифа, и покрај сите залагања и посакувања на господинот Лазаров, господинот министер веќе на 15 јуни го имаше потпишано решението и сите тоа го знаеја, но еве и тогаш имаше најава, ако тоа се случи, генералниот директор на ЕС мислам дека имаше понудено и оставка, која ние не можеме да ја бараме, но треба самиот да размисли дали тоа функционира со неговите видувања за сите овие ситуации што се случваат во Електростопанство на Македонија. Значи, како ДДВ и прифаќање на ова што го имаме сега, доколку Електростопанство го прифатеше, тоа беше наредна загуба од 20 милиони и 800 илјади евра или тоа се четири годишни плати за вработените кои треба да бидат избркани, но бидејќи сега како Електростопанство ќе ги добиеме тие пари, од кој се сметам и јас дел, мислам дека нема никаква основа за да можеме да говориме са нешто друго.

Каде би гледал и што би посакал во меѓувреме Електростопанство да се најде себеси?

Тоа е трансферот на електричната енергија, каде во последно време се добиваат многу мали средства за разлика од претходните години, скоро никакви. Тука не можам а да не го спомнам она што е болно за целата држава, кое помина така, а тоа е ХЕ Козјак, која што во последно време е многу често експлоатирана и која од првобитната проценка што ја имаше направено тогашната Влада, а кога генерален директор беше господинот Панде Лазаров, мислам дека се надмина за 100 милиони евра или долари, како сакате, што е еден огромен износ,значи повеќе од двојно од она што беше предвидено, некаде околу 78 милиони, и со тоа добиваме еден објект кој како што кажа и господинот Лазаров повеќе ќе биде за наводнување и водостопански објект, кој што целосно го инвестира Електростопанство на Македонија. Значи, тоа е загуба од цели 100 милиони долари. Овие пари, господа, ние ќе можеме  да ги вратиме наредниве 50 години или можеби нема да ги вратиме, сето тоа е во зависност од она што следи, дали годините ќе бидат сушни или ќе имаме многу вода, па да не се случуваат преливи како што се случуваа оваа година, каде што повеќе од милион евра ни истекоа по хидроцентралите, за кои треба многу ригорозно господинот Лазаров да ги казни ако треба одговорните за таквото лошо работење.

Понатаму, она што значеа договори, колку треба тоа да се испочитува и како понатаму ќе работат, тоа е ФЕНИ, тоа е Југохром, ќе треба да се седне и да се анализира, затоа што увозот на електрична енергија кој што се зголемува носи цена која што ние мораме да ја платиме и средства кои мораме да ги платиме. Значи, ангажманот на целата држава, гледаме од тука дека енергетиката ја носиме, покрај последните 8до 10 години работење на рудникот Суводол и со тоа престанување на работењето, а веќе после 4-5 години и еден систем од рудникот Суводол веќе испаѓа од функција, значи, мораме да размислуваме за отворањето на новиот коп каде што многу се доцни, како што се доцнеше исто така многу со отворањето на копот во РЕК Осломеј и сега стигнавме јагленот да биде на нула. Мислам дека за такви грешки, за такви размислувања секој треба да си ја понесе сопствената одговорност, секој за се, она што си работел и што си сработел. А да го бараме излезот во Електростопанство токму во овие 1100 луѓе и дека со тоа ние ќе ја завршиме огромната работа дека Електростопнаство ќе биде една фирма која ќе значи многу,

која ќе биде многу пред сите, господа, мислам дека имаме голема грешка и дека точно тоа е нашиот основен проблем за кој што денес тука разговараме. Проблемот се луѓето. Секој човек е сопствена судбина, многу од нив чекале и после долг низ години дочекале да се вработат. Сега, со оваа одлука на Владата на РМ не би го спомнувал повеќе директорот Панде Лазаров, значи дирекно со Бранко Црвенковски кој еве на некој начин што не ги прими овие избркани од работа, за кои мислам дека не треба да бидат избркани. На овој список пред нас се наоѓаат луѓе и треба за сите тие 1100 луѓе да размислуваме поединечно. Сите тие се судбини, самохрани мајки, браќа, сопруги на паднати бранители, бранители кои 2001 година биле на браникот на одбрана на уставниот поредок на РМ, стручни луѓе, млади кадри со висок просек, луѓе кои се оспособени за работа, некои веќе и четири години се на работа во Електростопанство и мислам дека треба длабоко да се замислиме, затоа што во 1998 година и годините пред неа, во ЕСМ исто така се примани работници и тоа во 1998 година, предизборна година, примена е комплетната младинска организација на СДСМ од Битола и тоа 20 луѓе, на едно решение, инжињер приправник во припрема. Значи без работно место. Ние 4 години се трудевме каде да ги пронајдеме нивните работни места во ЕСМ и во РЕК Битола. За голема ваша среќа, за среќа на СДСМ, еден од тие луѓе стана и кандидат за пратеник на последните парламентарни избори во 2002 година. Исто и луѓето кои беа примени помеѓу двата круга, на избори 1998 година, никој од нив не беше избркан од работа. Така што, не знам на што се должи сето ова, на што се должи ваквото размислување на Владата на РМ, а против сопствениот народ, зата што на крајот на краиштата и партиското убедување е со Устав загарантирано и секој може да биде член или да не биде член и симпатизер на било која партија на РМ. Ве уверувам дека социјалните случаи ако биле ваши членови, станале наши, сега се повторно ваши и тука ќе треба да се размислува за луѓето. Треба да размислуваме за човечкиот, хуманиот фактор за овие луѓе. Тука сите заеднички мораме да најдеме, посебно апелирам до вас пратениците, заеднички да размислиме како тоа најбезболно да се реши, затоа што сите тие предвидени 30.000 се луѓе кои хранат фамилии и стигнуваат до бројката од 100.000 луѓе, што, ќе признаете, е многу импресивна бројка. Луѓето веруваат во вас, гласаа за вас. На 15 септември народот ја зеде власта во свои раце, но после ова мислам дека доаѓа повторно 15 септември и тоа многу брзо. Ми е страв повторно

народот да не ја земе власта во свои раце и ги реализира своите права, бидејќи вие на ваков начин ги одземате.

Јас во интерес на вистината, оставам сите колеги да ги искажат своите мислења. Пред мене се бројот на луѓето кои лично ги познавам, на кои им се дадени решенија. Некои од нив се наоѓаат и во Нов Зеланд, веќе седум месеци, со дадено отказно решение, добиваат повторно отказно решение од ЕСМ, или луѓето кои беа избркани беа ставени први на список. Откако интервениравме и кажавме дека се роднини на некои бранители, сега можеби се повлечени од списоците. Беше кажано, за жал, во примањето за тие луѓе не пишувало дека тие биле примени токму поради тоа. А сега прашањето дали пишувало дека биле примени поради ВМРО-ДПМНЕ и токму поради тоа биле бркани, оставам тоа да го кажете вие. Но фактите се тие што ги изнесов. Мислам дека стои, не само овие 1100 вработени, туку господата од ЕСМ треба да најдат можности и начини за нови вработувања, затоа што ако ние тоа не го направиме, ако ЕСМ кое последните години наназад е столбот на државата, ако тука се обидеме да завршиме работа и ако тука неможеме да вработиме, верувајте ми, јас не гледам никаков капацитет, не гледам апсолутно ништо што би значело и од енергетски аспект и од било каков друг индустриски аспект, дека ние можеме да отвориме некои фирми во кои ќе вработиме 1000, 2000 или 3000 луѓе.

Засега имам толку. Тоа е мојата прва дискусија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ги молам сите пратеници во натамошната дискусија да не спомендуваме имиња на луѓе кои немаат никаква врска со државната власт и јавниот сектор, кои припаѓаат на невладини организации, вклучувајќи го и Синдикатот. Тие не се наша надлежност. Особено да не спомнуваме имиња на луѓе кои не можат јавно да се одбранат од тоа што ние овде го кажуваме.

По ред на пријавување, прво Киро Дојчиновски има процедурално.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Почитуван претседателе, покрај вашата заложба за рационален пристап во работењето на денешнава седница, колегата Спиро Мавровски, негово право е да ја продолжи дискусијата и до 17 часот, може да ја продолжи и утре и да завршиме утре вечер. Но тоа не е рационален пристап по едно вака сложено прашање. Тоа е едно.

Во неговиот двотабулар, не е мое да ценам, меѓутоа тоа произведува дејствие. Јас забележав 19 пати определба, дека ќе беше добро да има ваков податок, онаков податок, трет податок, четврт податок, што ќе го разјасни прашањето. Ако е тоа така од предлагачот, тој самиот да бара прашање, тогаш се поставува прашање зошто не ја прифативме определбата на последната седница утврдена овде дека ние ќе расправаме по тоа прашање тогаќ кога практично ЕСМ ќе ни поднесе информација.

Втора работа поради која навистина не ми се седи на оваа седница е следното.

Не е достојно Парламентот да расправа по ваков текст на информација. Ова е надвор од сите достоинствено во овој Парламент, ниту по содржина, ниту по структура, ниту по јазик. Не знам дали овие двајца што ја поднесуваат идејата за оваа седница, ја прочитале информацијата. Можеби е добро да ја видат уште еднаш па да продолжиме со работа.

Третно, ние денес сме во нерамноправна положба заради тоа што јас овде слушнав еден куп нови информации што останатиот дел од Парламентот ги нема. Мислам дека не би можеле да расправаме за таква ситуација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Жерновски има реплика, претпоставувам на господинот Мавровски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Беа спомнати бројки, беа спомнати вработувања, беше спомнато како се работи на Запад.

И покрај официјалниот став на поранешната Влада на премиерот Георгиевски дека нема да има нови вработувања во јавниот сектор, само последната година имате вработено близу 13.000 во оние кои се буџетски потрошувачи, во фондовите, агенциите, во јавните претпријатија. Тоа е најновиот податок. Претпоставуам таа бројка ќе се зголеми. Но, што би рекол претседателот да се држиме на точката ЕС.

Во периодот од 01.01.1999 година до 05.11.2002 година имате вработено нови, и покрај официјалниот став, 2127 вработени. Не ги кажавте тие бројки.

Последните 12 месеци имате вработено 1999 нововработени. Последните шест месеци 746 нововработени. И сега доаѓам до податокот што сакам целата македонска јавност да го знае. За време на кампањата вработувате 597 нови вработени. Последниот месец кога се дознаа резултатите вработувате 117 нови лица. Да го поткрепам тоа со документи што можете вие да ги видите, може јавноста да ги види, можат и новинарите, од господинот Ламбе Арнаудов.

На 05.08. отпочната кампања, се бара согласност од министерот за финансии, документот е тука дека е добиена, за нови 500 вработени, за да истиот месец, на 30 август, кога веќе се е јасно, барате нови 150 вработени. Вака не се води сметка за држава, вака не се води сметка за граѓаните. Ова, кога се знае изборниот пораз, се нарекува диверзија.

Ние, не јас, не пратениците на ЛДП, јавноста нека оцени, оние луѓе со кои сите сочувствуваме, кој ги изнесе надвор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика има господинто Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Се потрудив еден час да му објаснам на господинот Жерновски, но сепак излгеда не му е јасно што значи РЕК Битола и ЕС. Бројките што ги прочита, ако можев да ги следам стигнуваат бројка од 3000 луѓе.

Јас кажав дека бројките се од анализа на елаборатот, ако го има господинот Жерновски пред него и кажува дека има вработување, во 1999 година 211, 2000 година 50, 2001 година 300 и 2002 година 979 нови вработувања. Ако господинот Жерновски не знае дека во ЕСМ постои систематизација и врз основа на таа систематизација од господинот Ламбе Арнаудов како генерален директор, беше побарано токму од подружниците, а и сега господинот Лазаров не ја промени оваа систематизација,  преку ноќ да ги избрише сите овие места, има повторно потреба од вработување. Јас многу добро ви кажав дека на тие работни места каде што треба да има вработени во ЕСМ, во моментот работат работници со договор на дело, господине Жерновски, на кои им се дава одговорност за багер кој чини 70 милиони долари. Токму тоа сакав да ви го објаснам, но гледам дека имаме проблем и ќе треба повеќе време да се објасниме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги претставници, почитувани претставници на предлагачите,

Сметам дека ќе беше подобро за достоинството на Парламентот, тука покрај генералниот директор на ЕСМ, да беше и претставникот на Министерството за економија, да беше и министерот за економија и претседателот на Владата на РМ, затоа што генералниот директор на ЕСМ јавно истакна дека струјата нема да поскапи од 1 јуни. Владата тоа јасно го демантира и со цел да не настануваат неусогласености помеѓу овие две институции, сметам дека добро ќе беше да бидат присутни тука оние кои директно одлучуваа и кои се основачи на ЕСМ. Значи, независно од тоа, гледаме дека односот на Владата кон овој Парламент, во континуитет продолжува, затоа што и како предлагачи на одредени закони и одлуки, ги чекаме подолго време, или ги одлагаме точките со цел да дискутираме по нив, сметам дека за да не се врши опструкција, заради таа работа на работата на Парламентот, треба да се продолжи со работата и да се продискутира околу ова прашање.

Читајки ја макроекономската политика на Владата за 2003 година која беше доставена до нас пратениците во март о.г., јасно стои дека основни цели на макроекономската политика на Владата на господинот Црвенковски, за 2003 година ќе бидат, прво, поттикнување на вработувањето и второ, намалување на сиромаштијата. Значи овие две цели, како што гледаме помина веќе половина од оваа година, многу ревносно се реализираат.

Имено, во макроекономската политика за оваа година Владата на господинот Црвенковски вели дека политиката на вработување ќе биде насочена кон итно запирање на порастот на невработеноста. Исто така политиката на вработување ќе се фокусира на зголемување на можностите на:

Прво дипломирани млади лица со дополнително знаење, значи знаење на јазици, компјутери, исклучително талентирани лица.

Второ, членови на семејства на загинати бранители, потоа самохрани родители, жртви на воениот конфликт.

Трето, сиромашни семејства кои немаат ниту еден вработен член во своето семејство.

Ова претставува дел од макроекономската политика која ние ја добивме како Парламент во март о.г.

До колку, актите кои ги носи Владата, политиката која треба да ја води зависи од дневната потреба на Владата или политичките потреби на одредени политички партии, сметам дека навистина е несериозно да дискутираме за работи кои денес ги носиме, а утре веќе се случува нешто сосема спротивно од она што го имаме дефинирано како политика, не само ние како Парламент, туку Владата како највисок извршен орган во државата.

Исто така, во истата макроекономска политика стои: елиминирање на превработеноста во јавниот сектор, со транспарентна законска приватизација на деловите што не претставуваат основна дејност. Ова е макроекономската политика на актуелнтата Влада на РМ. За разлика од тоа ние добиваме ескалација на проблемите со невработеност, зголемување на социјалната сигурност, растечка сиромаштија која многу сериозно го загрозува квалитетот на животот на граѓаните.

Исто така, зборуваме за неподготвеност на голем дел од економските субјекти да се соочат со конкиуренцијата и на тој начин директно да се имплицираат негативни ефекти во нивното работење, што директно влијае и на социјалната состојба на населението во државата, а континуираното финансиско исцрпување и меѓусебната задолженост на економските субјекти, дополнително ја усложнува оваа ситуација.

Сметам дека успехот во остварувањето на целите за забрзување на реформите, затоа што сите овие активности кои се спроведуваат и кои како закон и мерки ги имаме добиено тука, како предлог на овој Парламент, се оправдуваат со забрзување на реформите и со постигнување на економски раст и интегрирање на РМ во европското семејство, нема да можат да се постигнат без притоа да владее правото, без нивни ефикасен начин на почитување на сопственичките права, но исто така да се има приоритет во однос на почитувањето на слободите и правата на граѓаните на РМ и почитувањата на меѓународните стандарди од оваа област.

Имајќи ги предвид сите овие работи, треба да се истакне дека реформите во јавната администрација треба да се спроведат. Зад тоа стои ВМРО-ДПМНЕ, зад тоа

стои и цела македонска јавност. Меѓутоа тоа да не биде средство за политички пресметки.

Во еден дел од оваа моја дискусија сакам да ги истакнам правните аргументи и да искажам некои пошироки гледања во однос на реформите на јавната администрација кои се сведуваат само на голо отпуштање на вработени работници во таа јавна администрација, со тоа што отпуштањето се врши чисто како голо отпуштање, без притоа да биде дел од еден систем на мерки кои ќе значат вистинска реформа во овој сегмент на државата. Имено, навистина треба да се активираат механизмите на правната држава, со цел да се спречат сите натамошни активности и постапки на извршната власт, мислам и оваа седница денес што ја држиме како Парламент е дел од тие активности, и да се спречи масовното кршење на човековото достоинство, професионалноста, човековите права, понатамошното влошување на социјално-економскиот статус на вработените во јавниот сектор, а со тоа индирекно и на граѓаните во цела држава.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Стојановски дискутирате веќе 7 минути и вашата дискусија неможам никако да ја доведам во контекст кој вие самите го предложивте, еден сте од предлагачите и нема потреба да ве потсеќам за што расправаме, Информација за состојбите во АД ЕСМ. Ве молам да се концентрирате на точката што е на дневен ред.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Се извинувам, меѓутоа морам да ги објаснам причините кои се последица за отпуштањето на тие вработени во ЕСМ, затоа што тие се оправдуваат со реформи во јавниот сектор. Од тој аспект сакам да ги објаснам позициите на Владата, што претставуваат макроекономска политика за оваа година, како документи што ние ги имаме добиено.

Имено во изминатиот период само се потврдија личните стравувања за развојот на демократијата во Македонија, со тоа што Владата јавно побара од одговорните лица во извршната власт да изготват списоци на лица кои се примени на работа до 05.11.2002 година, со цел да бидат отпуштени од работа или, со аргументација, намалување бројот на вработените и намалување на трошоците на

работење, да може да се намали бројот на сите оние кои биле вработени во јавниот сектор, односно  најнапред во јавните претпријатија а подоцна и во јавната администрација, од 01.01.1999 година до 01.11.2002 година. Вакви списоци се изготвени во сите министерства, јавни установи, здравствени организации, фондови и во сите јавни претпријатија.

Ваквиот пристап на извршната власт во евидентирањето на граѓаните на РМ кои се вработени во овој период, навистина, како отпочнување се појави невидената акција за нивно сменување, распоредување, разрешување и отпуштање.

Начинот на разрешувањето, прераспоредувањето или давањето на отказни решенија беше навистина со жестока брзина, а пред се со еден мотив на масовен политички реваншизам кон граѓани кои не се политички истомисленици со актуелната власт, или останале на позиција за време на тогашната Влада.

Во овој дел со овој бран на промени и разрешувања беа опфатени неколку илјади државни и јавни службеници, исто така директори на јавни установи, раководители на одделенија во подрачни  единици во министерства началници и управници, а Електростопанство на Македонија сега се појавува како најеклатантен пример, како кулминација на овие активности. Исто така, и Министерството за внатрешни работи беше пример каде што над 120 командири и началници беа распоредени на растојание поголемо од 50 километри од местото на живеење. Меѓутоа, откако се увиде дека мора на тој начин согласно колективниот договор и Законот за внатрешни работи да им се плаќа одвоен живот, да им се плаќа платата која што ја примиле на претходното работно место, се пристапи кон измени на Законот за внатрешни работи од што се гледа дека овие промени кои што се прават во јавниот сектор, а сега во Електростопанство, а утре во некоја друга јавна установа, или јавно претпријатие, значат само еден избрзан чекор кој што не е доволно осмислен за да може да се спроведе на реален, адекватен начин и согласно издржана анализа.

Сметам дека односот на оваа Влада кон реформите во јавниот сектор без притоа да се направат анализи кои што би значеле дефинирање на потребите за работа и правци за развој на јавниот сектор без никаква стратегија, без вклучување на јавноста, на научната мисла, без продолжување на веќе започнатата реформа од претходната Влада, но затоа со пристап кој што е мотивиран од актуелни и дневно-политички интереси и поведувањето исклучиво од политички мотиви и вршење на

освета врз лица кои што не се нејзини истомисленици е крајно штетно и поларизирачко за макеоднското граѓанско ткиво и контрапродуктивно за целокупниот развој на демократијата во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Стојаноски, по втор пат ве опоменувам, веќе дванаесета минута дискутирате, неможам вашата дискусија никако да ја доведам во контекст на точката што ја предложивте, Информација за состојбата на АД Електростопанство на Макеоднија и селективната примена на правото во процесот на реформите со отпуштањето на вработените.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас не сакам да спорам со вас, меѓутоа сакам да продолжам со тоа што би искажал една информација, бидејки сето ова се спроведува на начин кое што претставува надвор од јавноста, надвор од сознанијата на вработените и со целосно исклучување на Синдикатот како форма на заштита на интересите на вработените кои што се предвидени со законите на оваа држава и со колективните договори. Тука сакам да го истакнам упатството, или оперативнито план за спроведување на Програмата за утврдување на потреба од воведување на економски, структурални и слични потреби во АД Електростопанство на Макеоднија кое што е донесено на 5.06.2003 година и со кое што се предвидени сите активности и рокови во кои што треба да бидат реализирани активностите околу отпуштањата на вработените во АД Електростопанство на Макеоднија. Со оглед на фактот дека најголем дел од овие вработени не ги знаат овие податоци, јас ќе молам за стрпливост за да го прочитам ова упатство. Ова се однесува директно на начинот на отпуштање на работници, правните последици од тоа и потребата на кој начин е дефинирана за отпуштање на овие вработени. Имено, на 20.05. Управниот одбор на АД Електростопанство на Македнија донесе Одлука за воведување на економски, структурални и слични промени и Програма за утврдување на потреба од воведување на економски структурални и слични промени со Предлог за решавање на правата на работниците за чија работа престанала потребата во АД Електростопанство на Макеоднија, со која практично треба да започнат активностите за реализација на оваа програма. Заради еднообразно спроведување на програмата во АД Електростопанство на

Макеоднија треба да се преземат следните активности. Значи, ова е доставено до сите директори на подружници. Прво, во програмата определена е структурата на работниците во вашата подружница на кои ќе треба да им престане работниот однос поради економски, структурални и слични промени. За да се утврдат работниците на кои ќе им престане работниот однос треба да се изврши бодирање врз основа на примена на критериумите од Колективнито договор. Второ, за таа цел директорот на подружницата во рамки на подружницата треба да организира бодирање на сите работници по степен и вид на стручна подготовка определени со програмата со примена на сите критериуми од член 199 до член 207 од Колективниот договор на АД Електростопанство на Макеоднија. Бодирањето треба да започне на 6.06, значи наредниот ден од донесувањето на ова упатство, а да заврши најдоцна до 15. 06.2003 година. Заради еднообразно бодирање по сите критериуми изготвен е образец по кој треба да се изврши бодирањето. Ви напоменуваме дека треба да се пополни бодовна листа за сите работници за кои со програмата е предвидено намалување на бројот на работници за определен степен и вид на образование. Бодовната листа се составува со датум 10.06.2003 година и сите податоци по однос на стаж и старост и работно искуство на работниците се пресметуваат заклучно со 10.06.2003 година. Трето, бодовната листа задолжително ја потпишува директорот на подружницата, непосредниот раководител на работникот и раководителто на Секторот или службата во која работи работникот. Точноста на податоците во бодовната листа кои се однесвуаат на степенот и видот на образованието на работникот, стажот, староста и другите генералии на работникот ја потврдува раководителот на секторот и вработеното лице кое ги пополнил податоците според кадровската евиденција. Пред да се изврши бодирањето во време на подготовка на податоците во бодовните листи да се објави известување на огласните табли со кои ќе се известат работниците кои имаат примања по член на семејството под една петина од просечната плата во стопанството на Република Македонија да достават документ за семејно материјална положба издаден од надлежен орган, потврда за висина на платата а вработените членови во семејството , или потврда за невработен член од семејството и документи за постоење на основ за примена на член 210 став 1 точка 2, 3 и 7 од Колективниот договор на АД Електростопанство на Макеоднија. Во известувањето треба да се наведе дека работниците треба во рок од 4 дена да достават доказ за материјалната состојба на семејството, а во спротивно

работникот нема да биде бодиран по критериумот економско-социјална состојба на работникот. Овде индикативно е тоа што овој критериум , социјалниот критериум, значи семејства кои што примаат по член помалку од една петина од просечната плата на ниво на Републиката , кога се зборува за бодирањето, оној што е во најлоша социјална состојба добива максимум 10 бодови, за разлика од квалитетот на работното место кое што го оценува раководителот и извршувањето на работите, квалитетот на извршувањето на работите од кои две точки можат да се добијат 137 бодови. Ова значи дека воопшто не се водело сметка за социјалниот аспект на отпуштањето на овие вработени. Понатаму, по извршеното бодирање на сите работници од определен вид и степен на образование се пополнува листа на редослед на работници со вкупен збир на бодови утврдени со примената на критериумите од колективниот договор. По примена на сите одредби од колективниот договор, директорот на подружницата го констатира бројот на работниците кои имаат помал број на бодови и на кои треба да им престане работниот однос според бројот утврден во програмата со име и презиме на работниците и матичен број под кој се водат во подружницата. Овде е интересно тоа што во листата за бодирање стои напомена каде што се вели дека на предлог на непосредниот раководител на работникот вреднувањето под а) и д), ги цени, значи се работи за субјективен однос, ги цени директорот на подружницата по овластување на генералниот директор. а) значи вреднување според критериумот на успешност на работењето на работникот каде што за надпросечен квалитет и квантитет во работата каде што не е утврдено што претставува тоа над просечен, просечен, или под просечен, се добиваат максимум 90 бода, или со просечен квалитет се добиваат 45 бода. Додека, д) значи вреднување според видот и значењето на работното место на работникот. Значи, работното место може да биде од особено значење, од помало и со најмало значење. Кој е тој критериум за да се утврди дека еден електромонтер кој што врши исклучување, кој што е стручен од својата област, неговото работно место е од најмало значење, а работното место на некој админситративен работник е од особено значење. Значи, нема конкретни критериуми, туку се работи за паушална можност за оценка и на бодирање кое што може да доведе и веќе доведува до несакани последици во однос на правичноста на реализацијата на целата оваа активност.

Понатаму, сакам да истакнам во смисла на роковите кои што се предложени и утврдени со овој оперативен план. Значи, по доставувањето на овој образец, после бодирањето на вработените врз основа на истите генералниот директор на АД Електростопанство на Макеоднија ќе треба да донесе одлука за престанување на потреба од работа на работниците во која ќе се утврди бројот и имињата на работниците на кои ќе им престане работниот однос. Значи, она што ќе го добие од директорите на подружниците кои што имаат овластување да ги ценат овие работи ќе бидат внесени во одлуките за престанок на работен однос кои што се потпишуваат од страна на генералниот директор на АД Електростопанство на Макеоднија. Пред добивање на одлуката на генералниот директор ќе се достави Предлог одлука за престанување на потреба од работа на работниците во АД Електростопанство на Макеоднија до Синдикатот на АД Електростопанство на Макеоднија заради давање мислење по истата. Значи, предлог одлуката до Синдикатот се доставија на 18.06.2003 година. Ова е многу интересна работа, затоа што на 18.06. треба да се достави одлуката согласно ова. Мислењето од Синдикатот вели, по добивањето на мислењето на Синдикатот, генералниот директор ќе донесе одлука за престанување на потреба од работа на работниците која ќе се утврди бројот и имињата на работниците на кои ќе им престане работниот однос. А одлуката на генералниот директор се донесува и се доставува до подружниците на 20.06.2003 година. Значи, генералниот директор на 18-ти кога ќе ја донесе одлуката и ќе му ја достави на Синдикатот за мислење, дека Синдикатот на 19-ти ќе го врати тоа мислење, а на 20-ти со мислењето ќе може да ја достави до подружниците со цел да не се губи време. Одлуката на генералниот директор се донесува и се доставува до подружниците на 20.06.2003 година, а директорот на подружницата да ја објави одлуката од генералниот директор на огласна табла. Врз основа на одлуката на генералниот директор која ќе ви биде доставена, на секој работник поединечно ќе треба да му се достави известување дека ќе му престане работниот однос со отказ по истекот на три месеци сметано од денот на приемот на писменото известување. Одлуката на генералниот директор да се објави на огласните табли во подружницата. Со известувањето на работникто, односно известувањето на работникто треба да се изврши уредно со лично врачување на известувањето на работникот, или со истакнување на огласна табла согласно член 233 од колективниот договор на АД Електростопанство на Макеоднија. Во случај кога

известувањето се доставува лично на работникот, при приемот работникот задолжително се потпишува и го наведува датумот на приемот на известувањето. Доколку работникто одбие да го прими известувањето, истото се забележува во доставната книга и се наведуваат причините поради што не е примено известувањето. Известувањето се објавува на огласна табла, а во доставната книга на подружницата се забележува бројот на известувањето, името и презимето на работникот, датумот на истакнување на огласна табла и сето тоа го потврдува со свој потпис работникот кој го извршил истакнувањето. Со истекот на три дена од денот на истакнувањето на известувањето на огласната табла се смета дека известувањето е доставено на работникот. Известувањата на работниците се доставуваат од 23.06.до 30.06.2003 година. Значи, веднаш по истакнувањето на списоците на огласната табла. Утврдувањето на точниот датум на уредната достава на известувањето е битно бидејки работниот однос на работникот ќе му престане по истекот на три месеци сметано од денот на приемот на известувањето. Во текот на трите месеци од денот на доставувањето на известувањето до денот на престанокот на работниот однос работниците ги имаат сите права од работен однос. На сите работници на кои е утврдена потреба да им престане работниот однос им се доставува поединечно решение за престанок на работниот однос. Во решението се определува денот на престанокот на работниот однос на работникот кој не може да биде пред истекот на три месеци од денот на доставувањето на известувањето. Доколку известувањето е доставено заклучно до 30.06.2003 година во решението за престанок на работниот однос се утврдува датум на престанок на 30.9.2003 година. Решенијата се подготвуваат и доставуваат до работниците од 1.07. до 10.07.2003 година. Значи, ние сме во овој период кога треба да отпочне, или веќе е отпочнато доставувањето на решенијата до овие 1100 лица кои што остануваат без работа согласно известувањата во првиот период. По доставувањето на поединечните решенија за престанок за работниот однос на работниците да им се овозможи користење на годишниот одмор. Значи, да се одморат од активностите кои што ги имаа во однос на сите овие месеци со оглед на притисоците постојано кои се вршеа дека ќе бидат отпуштени од работа. Се препорачува пред доставување на решенијата за престанок да не се издаваат решенија за користење на годишен одмор. Значи, никој не смее да го користи годишниот одмор, а го има тоа право согласно Законот за работни односи пред да му се даде решение за престанок на

работниот однос. Тоа е еден од начините на селективна примена на правото кое што го споменуваме повеќе пати. Работниците имаат право на приговор против решението во рок од 15 дена од денот на приемот до Управниот одбор на АД Електростопанство на Макеоднија. Одлуката на Управниот одбор по приговорот на работникот му се доставува на работникот и со тоа решението за престанок на работниот однос станува конечно. По конечноста на решението тече отказниот рок. Значи, рокот за приговорот 15 дена е заклучно со 25.07.2003 година. Мислењето се бара до 31.07.2003 година од Синдикатот. Одлучување на Управниот одбор по приговори е заклучно со 10.08.2003 година, а доставување на одлуките по приговори е заклучно до 15.08.2003 година. Конечност на решението за престанок на работниот однос се утврдува со доставување на Одлуката за Управниот одбор. Решенијата за престанок на работниот однос на работник со еден месец отказен рок да бидат со 30.09. со два месеци со 31.10, а со три месеци отказен рок да бидат со 30.11.2003 година. По доставување на Одлуката за престанување во рок од 8 дена директорот на подружницата треба да ја извести подрачната единица на Бирото за вработување и да ја достави истата. По истекот на отказниот рок на денот на престанок на работниот однос на работниците им се исплатува еднократниот надоместок во вид на испратнина што се евидентира во работната книшка . Точка 19, на работниците на кои работниот однос во АД Електростопанство на Макеоднија им престанува по сила на Закон до 31.12.2003 година поради исполнување на услови за пензија, без оглед дали доброволно се пријавиле да им престане работниот однос, не им се исплатува еднократен надомест во вид на испратнина, туку само испратнина што се исплатува при заминување во пензија и на оние работници не им се доставува известување од ова упатство. Значи, тие не се дел од оние кои што заминуваат по овој основ. Бодовните листи, известувањата и целокупната документација се чува во досието на работникот. Доколку во рамки на подружницата се пробијат утврдените рокови за прием на известувањето од страна на работниците да се води грижа за датумот на престанокот на работниот однос согласно Законот за работни односи.

Овде има една многу интересна ситуација во која што генералниот директор на АД Електростопанство на Макеоднија му дава рокови во кои што треба да се состане , да донесе одлука Управниот одбор, рокови во кои што треба да го даде мислењето Синдикатот и сето тоа да биде направено со точни рокови на престанок на работниот однос со рокови во кои што може , или не може да се користи

годишниот одмор на работниците и т.н. Сметам дека од ова што го прочитав , јасно се гледа дека сето ова што се случува претставува една смислена акција , имајќи ги во предвид и активностите кои што се преземени од страна на генералниот директор на АД Електростопанство на Македнија, а што е многу чудно да речам. Имено, на 4 ноември Владата на Република Македонија носи решение за именување вршител на должноста генерален директор на ЕСМ во државна сопственост Скопје. Ова решение Владата на 5.11. го доставува до АД Електростопанство на Македнија и тоа го прима на 5.11.2002 година. Наредниот ден, 6.11. веќе ВД генералниот директор кој што уште не е заведен во судскиот регистар испраќа до директорите на подружниците известување во кое што бара да бидат доставени сите нови вработувања од 1.01.1999 година до 5.11.2002 година. Ако ова претставува обмислена активност со цел да се изврши преструктуирање на претпријатието, да се извршат, структрални, економски и незнам какви промени во претпријатието, или пак за еден ден, ако се утврдила навистина тешката состојба на претпријатието, навистина незнам која е таа брзина и која е таа способност која што ја има ВД генералниот директор во тој период. Сметам дека сето ова е донесено врз основа на политички одлуки кои што се и пред неговото именување донесени врз основа на разговори со Владата, со одговорните лица за оваа проблематика во партиите на власт. Сметам дека оваа активност која што се гледа , еве на 12.11.2002 уште еднаш има доставено барање за податоци каде што се внесени ангажирањата по договор за дело, значи сите кои што биле ангажирани од 1.01.1999 година до 5.11.2002 година треба да бидат доставени и изготвени по списоци и т.н. Се работи навистина за една чудна брзина во постапувањето по однос на ова прашање.

А, сето ова во овој период наваму се подготвувало, со цел сето тоа да се спакува во една многу добро дефинирана правна рамка, за да не падне пред судот или да се намалат можностите за незаконитост во донесувањето на овие решенија.

Овде, во контекст на ова, сигурно е и прашањето на Синдикатот на Електростопанство на Македонија, каде што многу експресно се именува нов претседател, имајќи превид дека согласно Статутот на Синдикатот на Електростопанство на Македонија, постојниот претседател ја врши должноста до изборот на легитимен нов претседател на Синдикатот, а никаде не стои можност за именување на претседавач на Синдикатот, сметав дека тоа претставуваше една

подготовка за нормална реализација и почитување на овие рокови за кои зборував претходно, а кои се однесуваат на директно утврдување на временската динамика за отпуштање на овие вработени. Имено, именувањето на Синдикатот, на претседавачот, кој е лично е и самиот тој потпишан на одлуката за избор на претседавач е извршено на 7 мај 2003 година, каде што стои дека за претседавач на самостојниот Синдикат на работниците на Електростопанство на Македонија се избира Василие Србиновски, претседател на ХЕЦ Маврово - основна организација на Синдикатот до избор на нов претседател на самостојниот Синдикат на Електростопанство на Македонија.

Второ, истовремено претседавачот на самостојниот Синдикат на работниците од Електростопанство на Македонија е член и претседавач на Претседателството на самостојниот Синдикат на работниците од Електростопанство на Македонија. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, потпис претседавач Василие Србиновски. Значи, самиот претседавач, кој истовремено со тоа станува и член и претседавач на Претседателството и потписник на сите овие мислења и акти, на само неколку дена потоа, на 15 мај 2003 година доставува мислење до генералниот директор на Електростопанство на Македонија, каде што стои дека во целост се прифаќа анализата и елаборатот на економските, структуралните или слични промени, кои предизвикале потреба од намалување на работниците во АД Електростопанство на Македонија во државна сопственост. Цело време зборуваме за структурални промени, зборуваме за почитување на закони и за примени на закони, кои се тие економски, структурални или слични промени, кои се извршени во овој период и како последица на тоа дошло до потреба на отпуштање од работа и примена од член 130 од Законот за работни односи. Ниту една, во ниту една информација не е наведена. Единствено, има спомнато во еден дел од ова прашање, во информацијата за која ќе зборувам малку подоцна на Владата на Република Македонија, по однос на ова прашање. Значи, после давањето на мислењето на 15 мај и веднаш на 20 мај Управниот одбор закажува, согласно Статутот на Електростопанство на Македонија, свикува седница, ја одржува таа седница на 20 мај и зазема став по мислењето на Синдикатот на Електростопанство на Македонија. Многу експедитивно и многу ревносно. Управниот одбор го поддржува мислењето на самостојниот Синдикат на АД Електростопанство на Македонија во државна сопственост, со кој во целост се прифаќа анализата - елаборатот за

економски, стртуктурални и слични промени кои предизвикале птореба до намалување на работниците. Значи, Синдикатот не е сам, туку зад него стои и Управниот одбор и генералниот директор на Електростопанство на Македонија. Уште работниците да стојат зад него, се ќе биде како што треба.

Понатаму, Владата на Република Македонија единствено, реков, дека има спомнато дел од причините кои што како последица ги имаат намалувањето на бројот на редовно вработените во Електростопанство на Македонија. Имено, таа наведува дека во матрицата на претходните активности и структурни мерки и квантитативни критериуми за извршување на стен бај аранжманот со Меѓународниот монетарен фонд во делот на Електростопанство предвидени се повеќе конкретни обврски за подобрување на економската состојба и реконтруирањето на АД Електростопанство на Македонија. Значи, во матрица на претхјодни активости, каде што во економскиот дел се предвидува соодветно анализирање на економско - финансиската состојба и преземање на адекватни мерки за нејзино подобрување, што ќе резултира со намалување на бројот на редовно вработените во висина потребна за заштита на 200 милиони денари во 2003 година. А, истовремено по основ на намалување на бројот на вработените, трошоците за бруто плати, согласно информацијата од Владата на Република Македонија, се намалуваат за 9%. Значи, заштедата во однос на вкупниот износ на бруто плати, средства за бруто плати кои се издвојуваат и во Електростопанство на Македонија, со отпуштањето на вработените се намалува за 9%. Исто така, ова било за да се обезбеди економично работење и т.н., меѓутоа, основното прашање е ова. Кога дискутиравме околу буџетот на Република Македонија, околу донесувањето на буџетот на Република Македонија, од сите министери, од министерот за финансии и од другите министери во Владата на Република Македонија бевме убедувани дека покачувањето на стапката на данокот на додадена вредност што беше проектирано во буџетот на Република Македонија, воопшто нема да се одрази на социјалната сигурност на граѓаните на Република Македонија, а Електростопанство на Македонија врз основа на сопствените заштети, кои што ќе ги врши, ќез може да го поднесе товарот на покачувањето на данокот на додадена вредност односно струјата нема да поскапи. Тоа беше кажано во експозето на министерот за финансии во тој период. Потоа, еволуира тој став и дојде до потреба од покачување на 7%, а се надевам дека нема да се случи ново покачување, меѓутоа, не можам да поверувам во тоа. Истовремено,

со тие изјави, беше ставен во заблуда и директорот на Електростопанство на Македонија, кој што мораше јавно да го искажува ставот дека струјата нема да поскапи, но тоа се случи. Ова што го зборувам дека заштедите во Електростопанство на Македонија, треба а се направат на друг начин, а не со зголемување на стапката на данокот на додадена вредност и со ставање на товар на компанијата на износот на средства, кој што е предизвикан со зголемувањето на данокот, односно кој што ќе претставува товар на буџетот на Република Македонија, а не приход на Електростопанство на Македонија, претставува една од основните причини и проблеми и доколку тоа не се случеше, сметам дека многу порелаксирана работа ќе имаше Електростопанство на Македонија. Инаку, факт е дека цената во многу години наназад во Електростопанство на Македонија, претставува социјална категорија што е условена од општата социјална состојба во Република Македонија.

На крајот, да завршам, сметам дека сите овие промени се мотивирани политички и имаат само една цел да се отпуштат вработените, кои се вработени од 1999 година наваму. Не се работи за концепција, за навистина структурно прилагодување на Електростопанство на Македонија на пазараните услови и на идните проекции кои што треба да бидат реализирани во однос на неговото рботење. Сметам дека сето ова што се случува претставува само една фарса со цел да се убеди јавноста, да се направи едно убедување кое не е можно да се оствари, а тоа е сите вработени после 1999 година биле непродуктивни, сите биле ставени на работни места кои што не биле особено значајни, сите кои се вработени не придонесуваат за Електростопанство на Македонија. Тоа е една голема лага и јас апелирам да не случуваат вакви политички мотивирани работи, а реформата треба да се спроведе и сите тука и во Парламентот и надвор од него, стоиме зад спроведување на реформите во јавниот сектор, а особено во делот на јавните претпријатија и тука е Електростопанство на Македонија како еден најзначаен сегмент во стопанството на Република Македонија, не само сега, туку и за целиот иден период.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Стојановски.

Госпоѓа Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници,

Однапред ви благодарам за вниманието со кое што ќе проследите моето искажување. Јас сум по професија правник па би се осврнала нешто околу правниот аспект на одлуката која е донесена за престанување на работниот однос на овие работници. Имено, генералниот директор на АД Електростопанство на Македонија на 20 јуни 2003 година донел одлука за престанување на потребата до работа на работници, а поради економски, структурни и слични промени во АД Електростопанство на Македонија. Цитираната одлука ја истакна на огласна табла на ден 23 јуни 2003 година. Со одлуката се одлучува за поединечни права од работен однос на работниците, а истата не содржи никаква правна поука. Според мене, како правник, ваквата одлука е првно манлива. Во одлуката, исто така, е наведено дека работниот однос на работниците, кои се наведени во истата, ќе им престане по истекот на три месеци. Согласно членот 125 од Законот за работни односи, како и член 190 од Колективниот договор на Електростопанство на Македонија, на работникот навистина може да му престане работниот однос со отказ, поради економски, структурни и слични промени, но во случај кога Управниот одбор ќе донесе одлука да воведе поголеми промени во производството, програмата, организацијата, структурата и технологијата на фирмата, а кои пак ќе предизвикаат потреба од намалување на бројот на работниците. Согласно пак одредбата од член 193 од Колективниот договор на АД Електростопанство на Македонија, Управниот одбор ја утврдил потребата од воведување на промените, го утврдува бројот на работниците за чија работа престанала потребата, поради воведување на промени и донесува програма за воведување на промените, која меѓу останатото содржи и анализа на промените кои ќе бидат воведени со посебен осврт на причините за потребите од тие промени. Меѓутоа, во анализата потребно е да се даде број и квалификациона структура на работниците за чија работа ќе престане пторебата, но исто така и мерки кои ќе се преземат за ублажување на негативните последици од престанокот на работниот однос. Меѓутоа, имајќи ја предвид содржината на програмата донесена од Управниот одбор, очигледно е дека не се воведуваат никакви промени ниту во производството, ниту во програмат, ниту во реорганизацијата и технологијата, а камоли поголеми промени какви што бара Законот за работни односи. Ако во програмата на Управниот одбор не се воведува

никакви промени, се прашувам од кои причини престанала потребата од натамошна работа на работниците, а поготово во толкав број, како што е наведен во програмата.

Исто така, видно од содржината на програмата е дека не се применети мерките од член 193 од Колективниот договор на АД Електростопанство на Македонија за ублажување на негативните последици од престанокот на работниот однос. Овие мерки не се никако од декларативна природа, тоа се мерки кои имаат императивен карактер и според мене, ќе се сложите сите, го обврзуваат работодавецот да ги примени, но во случајов такво нешто немаме. Бидејќи, не се применети одребите од Законот за работни односи и Колективниот договор како два носечки закони за решавање на овој проблем, произлегува дека единствена причина поради која 1100 работници треба да бидат отпуштени од работа, т.е. буквално да останат на улица е фактот дека работодавецот треба да се ослободи од работниците кои се вработени во последниве две - три години. Многу пати беше пласирано дека Електростопанство на Македонија има загуби, треба да се штеди и како под наводно плаштот на штедење се отпуштаат голем број на работници. Меѓутоа, која Електростопанство на Македонија би ја остварила со испуштањето од работа на овие работници, би изнесувала, ќе ми извинете ако бројката не е точна, меѓутоа, не сум економист, околу 315 милиони денари според некои податоци, бројка која спроедбено со вкупната реализација на АД Електростопанство на Македонија во 2002 година, навистина е смешна. Да не би навлегувале понатаму во бројки, бидејќи тие самите за себе зборуваат, би се задржала на тврдењето наведено во предлог програмата на Управниот одбор на АД Електростопанство на Македонија дека сите овие вработувања биле непродуктивни. Меѓутоа, многу е јасно дека со оглед на однапред подготвените списоци за бодување, кои што тие велат по Колективниот договор, се тенденциозни и пред се проформа за луѓето што треба да останат надвор од работа, односно на улица. Имено, самото скалило за вреднување спроед критериум за успешно работење на работникот, според некои мои сознанија се даваат околу 90-тина бода за оние успешните, а за оние помалку успешните, 45 и нешто помалку, јасно укажува на еден мнгоу субјективен критериум за оценување на успешноста на работниците по налог на директорот, до непосредните раководители кои треба да кажат и да одлучат за успешноста на работењето. Се прашувам само како можат да ги бодуваат по ваков субјективен критериум работниците за кои ниту

знаат дека постојат, односно ги знаат како бројка, ниту пак како изгледаат тие работници, со какви проблеми се соочуваат и каков е нивниот живот, а камо ли да знаат нешто повеќе за нивната стручност, квалитет, продуктивност и ефикасност во работењето. Ова го велам, не затоа што сакасм да ги нападнам раководителите на Електростопанство на Македонија, меѓутоа, никогаш, барем јас не сум разбрала дека сегашната раководна структура не поразговарала, ниту повикала и не ги удостоила овие луѓе што сега ги испуштаат, барем со еден разговор, ниту пак ги прашала дали имаат некакви проблеми во работењето и дали имаат желба за напредување. При тоа, не е извршена никаква проверка на знаењето, ниту пак некакво тестирање, ниту преквалификација, прераспоредување, што според мене лично ги било една прва фаза во случај на зголемен број на работници, кои имаат потреба да се испуштат.

Ако ја погледнеме одлуката за престанување од потребата од работа на работниците во Електростопанство на Македонија, ќе видиме многу нелогичности во самите списоци на отпуштените работници. Како пример би го навела отпуштањето од дирекцијата во Скопје, која што меѓу другите, испушта и осум инженери од електро струка и пет инженери од машинска струка. Според некои мои сознанија тие се доста квалитетни и надежни луѓе кои се интелектуален потенцијал во фирмата и не треба да ги отпуштат, туку да ги развива и надоградува, а не да ги остава на улица. Ништо не е порозово, ниту во подружниците ширум земјата според она што успева да го прочитам во одлуката. Се прашувам, исто така за какви промени станува збор, да речеме, ако од секторот ако секторот за информации на АД Електростопанство на Македонија од вкупно пет вработени, се отпуштаат четворица. Како може единствено оставениот вработен, кој не е новинар по професија само тој да не биде технолошки вишок, а единствениот новинар од Секторот за информирање да биде технолошки вишок. Навистина голема нелогичност.

Понатаму, како е можно од подружницата ХЕЦ Козјак од околу 32 врботени, на 26 работници му престанува работниот однос и се технолошки вишок. ДА не зборуваме за бројки колку работници ќе се отпуштат од РЕК Битола, од Осломеј и сите други подружници. Нешто што посебно ми падна в очи се испуштањата од Подружницата во Охрид, за кое што јас доаѓав од Охрид. Во оваа Подружница се отпуштаат точно 35 луѓе. Во одлуката меѓу другите графи, стои и матичен број на работникот. Колку што јас знам, матичните броеви на работниците

се добиваат според тоа како доаѓаат, како се вработуваат така ги добиваат и матичните броеви. Нема да верувате, меѓутоа, во Подружницата во Охрид од матичен број 1501 до матичен број 1536, се отпуштаат 35 вработени. Значи, точно онака како што доаѓале наназад, така сите комплет ќе си одат. Не верувам во вакви случајности, а вакви примери има многу и сите вие добро ги знаете, сте го проанализирале, сте ги продискутирале до сега, од сето ова што го изнесов само едно ми стана јасно. Овде не се работи за технолошки вишок или за неспособни луѓе, туку се работи за чиста политика, поинаку нема објаснување. Ова го кажувам затоа што примерите што ги наведов, како и оние што не ги наведов, а многумина од вас знаат го зборуваат тоа. Мене не ми е јасно и не можам да си објаснам како може фирма која држи до своето реноме и која е носечки столб во државата да ги испушта од работа своите високообразовни стручни кадри, првенци во генерација ако не е во прашање политика.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Ванчо Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас сакам да дадам некој придонес по точката на дневниот ред. ЕСМ, најпрофитабилната, а можеби и најсилната работна организација од јавниот сектор па и од сите други сектори на територијата на Република Македонија е првата која што излегува со технолошки вишок, иако не слушнавме дека се затворени некои погони, како на пример дека е затворен Осломеј, или некоја друга термоцентрала или нешто друго така да некоја од оние работни единици каде што се вработени луѓето односно, како споредба можеме да кажеме ТЦ Неготино, која многу малку работи, и сега би било во ред да се затвори целосно и сите тие луѓе да бидат прогласени за технолошки вишок. Тоа е одлука која можеби и би се прифатила. Инаку, да одговориме прво на прашањето дали Електростопанство на Македонија влегува во Јавната администрација и што е тоа администрација.

Од колегите пред мене беше кажано нешто во врска со таа тема, а и јас сакам да кажам дека не може некој што се занимава со производство, само заради тоа што е во групата на Јавниот сектор да влезе во Јавна администрација, или во таа бројка од 120 илјади вработени, каде влегуваат и овие околу 9000, колку се вработени во

ЕСМ. Мислам дека тоа е погрешно и еднаш засекогаш треба да се расчисти дека електростопанство не е државна јавна администрација.

Инаку, залагањата на Владата за рационализацијана државната јавна администрација држи место и ние како опозиција како и сите граѓани во Македонија сме за таа рационалилзација, бидејќи една држава толку мала, со толку малку капацитети, толку малку национален доход тешкоможе да изврши толку голема администрација. точно вотаа насока треба да се работи за да направиме една јавна администрација и која што ќе одговара на нашите потреби како држава. Никако не смееме ЕСМ да го сместуваме во државната јавна администрација и дека ова отпуштање од работа е во насока на рационализација на државната јавна администрација.

Втора работа е состојбата во ЕСМ. Каква е состојбата дали е толку лоша за да навистина бара отпуштање на овие луѓе од работа.

Изјавите што можевме да ги проследиме на јавните медиуми на сегашното раководство на електростопанство покажуваат дека не е толку лоша состојбата и дека единствен проблем е наплатата на испорачаната електрична енергија до корисниците. Значи имаме состојба каде наплатата е многу ниска и основнит проблем на ЕСМ, преку кој ќе ги реши проблемите што ги има во работењето е подобрувањето на наплатата.Зошто сега ако веќе е едуциран проблемот на ЕСМ во наплатата не се насочиме ние и како парламент и како држава и како влада да му помогнеме на електростопанство да се подобри наплатата со тоа што би си ги решило проблемите што си ги има. Имаме информации од медиумите дека цели села, цели населби, цели градови воопшто дури и не плаќаат електрична енергија. да ги видиме тие проблеми и да ги решаваме. Зошто одиме во погрешна насока со отпуштање од работа на луѓе кои што се вработени таму по некоја си систематизација а та систематизација која што е напраена во одреден период е направена во согласност со потребите на Електростопанство. Сега, ние треба да ги решиме проблемите на електростопанство со отпуштање на работници наместо да го решиме со одобрување на процентот на наплата на испорачаната енергија.

Уште еден момент кој што сакам да го изнесам е покачувањето на цената на електричната енергија, со која што веќе имаме и поделба на граѓаните на Македонија на граѓани кои мора да плаќаат и граѓани кои не мора да плаќаат електрична енергија. Сега, тие што плаќаат редовно електрична енергија уште

повеќе ќе ги оптовариме, да издвојат уште повеќе пари од својот семеен буџет за сметка на оние правни или физички лица кои што едноставно имаат граѓанска непослушност, не ги почитуваат Уставот и законите во оваа држава, не сакаат да ги исполнуваат обврските произлезени со самото тоа што егзистираат и живеат во оваа држава и ги користат сите благодети на оваа држава. Ќе ги ослободиме од таа обврска и не мора да плаќаат електрична енергија, да си ги плаќаат сметките кои што ги имаат направено.

Значи, имаме две грешки, првата е отпуштањето од работа,

втората е покачувањето на електричната енергија, а ја правиме и третата со отпуштањето сакајќи да ги регулираме овие две грешки што ги правиме. Многу грешки, за многу кратко време, може да се каже на целата Влада, скоро на сите министерства, ова е во делот на Министрството за економија, почнувајќи од увозот на нафта и нафтени деривати, но сега да не ги набројувам бидејќи тоа не е тема на дневен ред, македонските граѓани добро ги знаат сите грешки Што се направени во изминатите месеци и нема да ги заборават. Се надевам дека конечно моќеби од наесен ќе почнеме да работиме попаметно и подобри одлуки ќе донесува Владата се со цел конечно да се застане на патот на пропаѓањерто на македонската држава и стандардот на македонскиот граѓанин.

Технолошкиот вишок се прогласува само ако одреден технолошки процес или технолошка единица биде затворена како недоходовен, непрофитабилен, непродуктивен. Овде немаме таков случај, и ние мораме да го признаеме. Ниту еден од технолошките процеси во Електростопанство не е запрен и не се наведува како прижина, туку се наведува како прижина економско структурални реформи. Тоа е многу широк поим и за такви работи не се прогласува технолошки вишок. Можеби одредени профили на луѓе кои се вработени во електростопанство, кои се на пример со гимназија или со некое друго образование кое што не одговара на работата со кое што се занимава електростопанство, со оглед дека не се соодветно образовани луѓе, во одреден период се вработиле и можат да влезаат во таква група на луѓе кои штио би требало сепак со некоја програма за нивната социјална сигурност да сен отпуштат од работа. Не може единствен критериум да биде денот на вработување односно годината и денот кога тие луѓе се вработени. Тоа не смееме ние да си го дозволиме како парламент врз основа на денот кога некој влегол на работа да биде основен критериум за тоа да биде прв приоритет за отпуштање. Ова асоцира дека

ова отпуштање не е врз основа на анализа, врз основа на реално структурни реформи. Ова е едноставно политичка одлука на Владата на РМ, на владеачката партија со коалиционите партнери. Мора да признаеме дека тоа е така, бидејќи тоа го знаат и малите деца во Македонија, а и ние во парламентот знаеме дека тоа е така.  Еднаш да ја изговориме вистината дека е така, тоа го правиме поради таа причина, заради тоа што тие луѓе се вработени во времето на претходната влада, за време на власта на ВМРО ДПМНЕ. Ако е тоа така, ние ќе признаеме, ќе воведеме еден нов модел на тоа кој може да работи во државата и кој може да биде вработен. Значи, ќе бидат вработени луѓето кои што припаѓаат на владеачката партија, а сите други ќе чекаат нивната партија да дојде на власт за да се вработат. Тоа е вистината и треба да си ја кажеме.

Значи, не е случајно ова што го слушнав од некои дискутанти, колеги пред мене дека во македонија веќе граѓаните имаат книшки од повеќе партии. Тоа е само заради тоа, бидејќи единствена шанса за вработување е во поседување на партиска книшка на владеачката партија. Сега имаме случаи, сега луѓе едноставно која партија како ќе дојде на власт земаат партиска книшка од таа партија со надеж дека ќе се вработат во тој период. Сега, како што го воведуваме овој принцип на бркање од работа на луѓето вработени во одреден период, односно дека е битен денот и датумот на вработување ќе воведеме принцип актуелната власт едноставно се што е вработено во овој период да го избрка од работа и ќе станеме една, нема да личи на држава, туку ќе биде еден општ хаос. Едноставно граѓаните кои што и така се исплашени поради многу други причини, безбедносната ситуација во државата се повеќе врши пресија врз нив, а тоа сигурно не е наша цел. Ние не сме избрани заради тоа, за да ние истите кои што сме избрани од тие граѓани да вршиме пресија врз нив. тоа се спротивности кои што треба да ги увидиме и да ги исправиме, бидејќи ние овде сме дојдени заради тоа што истите овие граѓани на Македонија гласале за нас за да ги преставуваме и браниме нивните интереси односно да го подобриме животот во Македонија.

Исто така, во спротивност на оваа одлука на Владата на РМ, бидејќи сметам дека ова не е одлука на Електростопанство, на Владата, на Репбулика Македонија, односно на владеачките партии е во спротивност со залагањето за зголемување на вработеноста во државата. Не може една Влада и една партија која што се декларира дека ќе изврши зголемување на вработеноста и дека основен акцент

односно целата борб ќе ја насочи на тоа бројот на вработените луѓе во РМ да се зголеми, а бројот на невработените луѓе да се намали, сега спротивно на тоа залагање да донесеме одлука за отпуштање на 1100 работници. Бројката до која што веќе достигнавме, 385 илјади невработени покажува дека не работиме во таа насока односно владеачката гарнитура не работи во таа насока, бидејќи ние како опозиција немаме можност да влијаеме на тоа. Прогнозите се дека веќе наредната година, односно  почетокот на 2004 година, ќе ја надминеме бројката од 400 илјади невработени.

Штета е што Заводот за статистика не ни доставува бројка на вработени во државата, по населени места односно општини. би требало тоа да се исправи и секогаш да имаме споредбено колку е бројката на вработени и тоа по гранќи и по населено место.

Инаку, конкретно ако зборувам за луѓето кои ќе треба да ги напуштат своите работни места во источниот дел на Македонија Кочани, Делчево Виница, ќе видиме дека се работи за повеќето стружни луѓе со соодветно образование, млади луѓе со фамилии, со две- три деца на кои што им е основна егзистенција платата на нивнот родител од Електростопанство. Значи, и социјалната димензија е занемарена. Не можеме ние да го запоставиме тој аргумент дека секој човек има право на една минимална социјална сигурност и право, така да овие луѓе што успеале да се вработат токму заради таа социјална свера, бидејќи од нивната фамилија не работел никој, немале основни средства за егзистенција успеале да се вработат и сега во оваа владеачка гарнитура да им го одземе тоа право и да каже дека они не заслужуваат да имаат еден нормален живот, една нормална егистенција. Имаме такви случаи, еве конкретно во Кочани, Кирчо Серафимов, со средно училиште бравар, татко на три деца, жена без никаква друга егзистенција, е отпуштен од работа. И другите кои што се на овој список скоро 90% се такви лица, кои што ја нашле среќата во еден момент и сметале дека, почнале да веруваат прво во својата среќа, во државата, добиле одредена надеж дека и нивниот живот ќе се подобри и сега со политижка одлука да им се одземе тоа право бидејќаи се вработени во погрешно време. Значи тоа може да се случи само во една ваква држава каква што е Македонија, каде што ништо не се почтува.  Мислам дека таков проседа не постои никаде во светот и од друга страна сакаме да не сваќаат сериозно дека ние сме сериозна држава и со сериозни политичари. Мислам дека вакви никој нема да не

свати сериозни, и ќе не свaќаат само дневно политички како Што ние се однесуваме дневно политижки во нашата работа.

тука има многу луѓе електроинженери, дипломирани економисти, електротехничари, од што може да се види дека структурата на вработените е повеќето, барем во источниот дел на РМ, барем одговара на она со кое што се занимава електростопнство на Македонија. И ова е во насока дека имаме чисто политичка одлука. Има една цел која ќе ја дознеме многу брзо, која е крајната цел на оваа политичка одлука, тоа ќе се дознае затоа што секогаш вистината излегува на виделина. Можеби може да се забави, но секогаш ќе излезе на виделина, како и тоа која е крајната цел на оваа отпуштање.

Во оваа насока сакам да кажам дека се греши многу. ако некој мисли дека врз основа на тоа што ќе вработи повеќе членови на партијата во државната структура односно во јавната администрација и јавниот сектор дека ќе може да се одржи на власт. Мислам дека прави голема грешка и дека тоа не е решението, со зголемувањето на бројот на членството и со зголемувањето на вработнеите на тоа членство дека може да се опстане и да се дојде на власт. Сметам дека со тоа прави голема грешка и тоа на штета на Македонија, правиме штета на македонските граѓани.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

На сите ни е јасно дека невработеноста е рак рана во државата. Секоја иницијатива за негово решение дава искрена надеж на илјадниците македонски невработени граѓани. Која Влада ќе го реши или ублажи ова егзистенционално прашање на граѓаните на Република Македонија, таа е добра и ќе се запамети по добро и обратно. Владата што сега раководи со државата дојде на власт токму преку убедувањето на избирачите дека ќе го реши ова најбитно прашање. Но, наместо да го реши прашањето на невработените, создава армија на ново невработени, т.е. отпуштање на веќе вработените еве како што е случајот со Електростопанство на Македонија. Се најавуваат нови отпуштања во здравството и

други установи од јавниот сектор изговорот е - превработеност. Но, јас мислам пожитувани дами и господа дека овој изговор е лажен. Зад него се кријат партиско манипулантски причини од најнизок нехуман човечки вид и политичка пресметка на владеачката гарнитура на СДСМ со својот политички противник ВМРО-ДПМНЕ.

Со масовните отпуштања од работа на илјадници вработени само затоа што се членови или симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ или се вработени во време на претходната Влада сака да се постигне психолошки ефект покажување сила, да внесе страв и несигурност кај оние граѓани што не се од нејзината партија и што не мислат како нив. Со тоа се нарушува елементарното човечко достоинство и правото на сопствено политичко убедување и определување. Со таквите политички пресметки посегнувајќи по егзистенционалното прашање на човекот со огромни чекори се враќаме назад во едноумието и со брзина на светлосна година се оддалечуваме од демократските процеси во светот. Тоа не води во катастрофа.

Почитувани дами и господа, за да го потврдам ова што го кажувам дека не е во прашање превработеност и дека се отпуштаат од работа како технолошки вишок само оние што не се истомисленици со СДСМ има илјадници примери. Но, јас ќе наведам само еден што може веднаш да се провери и ако не е така ќе ви се извинам вам господа владетели од СДСМ, а ќе си дадам оставка од пратеник. Се работи за електроинженерот и магистер по енергетика Тоне Белчовски од Електро Скопје. Тој е единствениот магистер по енергитика со 6 години стаж во Електро Скопје кој лично го познавам и како најучен од таа област е прогласен за технолошки вишок и е прв на списокот за отпуштање.

Како електроинженер и магистер по енергетика ги решава најсложените прашања од неговата област и тоа во Секторот за планирање каде што работи. Неговата единствена грешка е тоа што е симпатизер на ВМРО-ДПМНЕ и што во претходната Влада извесно време беше технички директор на Електро Скопје. Како технички директор му немаат никаква замерка, а единствена замерка е тоа што е симпатизер на ВМРО-ДПМНЕ.

Почитувани дами и господа пратеници тоа е очигледен пример за политичка пресметка на која треба да се стави крајот. Доколку не се стави крај на овие отпуштања од работа на илјадници граѓани како од Електростопанство на Македонија така и од други јавни установи, а мотивирани пред се од политичко партиски причини може да дојде до хаос во државата и тоа општо незадоволство кај

сите граѓани поради тоа што јасно се гледа дека селективноста при отпуштањето од работа е исклучиво партиско политичко, а не стручноста, работливоста и социјалниот момент.

Тоа општо незадоволство пропратено со огромни социјални трауми може да доведе до масовни демонстрации, штрајкови, блокади, нереди, кои прво ќе ја дестабилизираат Електростопанство на Македонија, а воедно со тоа и целата држава, а можеби некој од страна тоа го посакува и не турка во катастрофа што со два збора се именува како граѓанска војна во која сите ќе настрадаме.

За да се спречи да дојде до несакани последици од овие несакани отпуштања од работа треба сите со ладни глави да размислиме и да најдеме соодветно правично решение затоа што ние овде што седиме во овие клупи најмногу сме одговорни за се што се случува во државата.

Јас како дел од овој собраниски состав сакам да си го кажам моето видување колку решавањето на проблемот со отпуштањето на вработени во јавниот сектор конкретно сега во Електростопанство на Македонија.

Како прво итно да се повлечат списоците за отпуштање на вработените, бидејќи се докажа дека се селективни, мотивирани од партиско - политички цели и за тоа да се смират страстите.

Второ, да се направат пресметки за предвремено пензионирање и тоа да оди линеарно за сите независно од партиските бои.

Трето, да се пристапи кон размислување околу можноста за намалување на личниот доход во Електростопанство на Македонија на тие што имаат просек од 15 илјади за 5-10% од тие да се покријат платите на оние за кои сега се мисли дека се вишок, се до моментот додека со пензионирање и други природни закони не се изврши изедначување на потребите од работна сила во Електростопанство на Македонија, што претставува најсоодветен израз на солидарност која постоела во минатото кај македонскиот народ, а која ни е оставена во наследство да ја обновиме ние денеска.

На крајот почитувани дами и  господа пратеници сакам да укажам на најбитниот факт, а тоа е стимулирање, развој на приватниот стопански сектор. Тоа е единственото решение за невработеноста како и развојот на инвестирање во земјоделието кое може да апсорбира огромен број. Со тие проблеми Владата треба најсериозно да се нафати, тоа се единствените решенија. Во такви услови многу

луѓе вработени во јавниот сектор ќе најдат леб и работно место во овие гранки. Работите треба да се решаваат со добрина, а не со злоба и неправда. Имаме прекрасен народ и треба да си го сочуваме.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на г. Георгиевски.

За збор се јави г. Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Би сакал да го кажам моето мислење во пократки црти во однос на состојбите во Електростопанство на Македонија и отпуштањето на работници од истото Јавно претпријатие.

Ќе се потрудам да не ги повторувам работите што ги кажаа претходните дискутанти, но сепак ќе настојувам да го кажам моето мислење како јас гледам на овие работи.

Уште на почетокот би сакал да кажам дека донесената одлука од Електростопанство на Македонија за отпуштање на 1100 работника, а во иднина следи уште толку ја сметам како политичка одлука, а не како одлука на настанати технолошки, економски или структурални промени во ова Јавно претпријатие. Видно е отпуштањето на одреден број работници е политичко од причини што се отпуштаат работници на време на посебно вработување односно во времето од 1999 па наваму. Таквото нешто е прилично тежок акт за Република Македонија исто така и за нас овде како пратеници со тоа што лично сметам дека не постојат такви околности што токму тој вид на работници од таквото време на вработување па наваму се некаков вишок и дека за нив нема работа во ова Јавно претпријатие, туку бројот на вработените до тогаш до 1999 година е тој број кој ги задоволува потребите на работници од ова претпријатие.

Сметам дека ваквиот акт на Електростопанство на Македонија се коси со политиката на Владата и со политиката на партиите кои се во позицијата денеска во Република Македонија и кои ја водат државата, а тоа од причини што генералната политика како на партиите кои се на власт и партиите во опозиција на

изборите и пред изборите е јасна и иста борба за вработување на невработени луѓе, а не борба за отпуштање на вработени луѓе. Зошто уште тогаш во тој временски период политичките партии кои сега се на власт не кажаа дека ќе отпуштиме толку работници од Електростопанство на Македонија, ќе отпуштиме толку работници од здравство и од било кои јавни или државни претпријатија, туку тогаш одевме со други видувања дека ќе вработуваме дури по еден член од семејствата што беше ептен смешно таквото најавување.

Сепак ние како пратеници  кои ја гледаме контролирано политиката на Владата мислам дека треба да бидеме единствени во тој поглед дали навистина во ова Јавно претпријатие постои преработеност, бидејќи нема технолошки или структурални промени, туку веројатно можеме да размислуваме за преработеност колкава е, дали навистина постои и дали можеме таквиот број на работници кои постојат да се обезбеди работа затоа што наша единствена цел е обезбедување работа, водење таква политика, а не политика за отпуштање.

Ако погледнеме не само во ова Јавно претпријатие иако веројатно во сите јавни претпријатија кои се од државен карактер можеби има некаква преработеност, да ги земеме аеродроми или било кои од нив што сметам дека секаде има некаква преработеност затоа што во изминатиот период кога на власт била една друга гарнитура во политиката веројатно има превработување, а имало и порано, а ќе има и денеска и утре. Наша основна задача е како на тоа вработување да обезбедиме работа. Најголем акцент треба да посветиме на тоа. На овој проблем би укажал мое размислување сепак да се повлечат ваквите решенија или списоци на кои се ставени луѓето за отпуштање од работа, Владата на Република Македонија да изготви поголема програма, поширока програма колкав е тој број денеска и доколку постои навистина таква преработеност или постојат причини во Електростопанство на Македонија поради несобирање на парични средства, а со тоа доаѓа во лоши економски услови, па ќе го решиме прашањето со отпуштање на работниците.

На нас ни треба и те како квалитетна, економска развоја програма за Република Македонија, а во таа развојна програма се согледува и бројот на вработувањата во текот на година, две или целиот мандатен период на овој Парламент. Такво нешто не сме гледале и немаме сигурни податоци и видувања по која програма би патувала Република Македонија, а на основа на што би дошло до

подобрување на безбедносната состојба во Република Македонија инаку сето тоа секојдневно го согледуваме и кое го емитуваат нашите медиуми дека безбедносната состојба, а тоа по укажувањето на политичарите од било која политичка партија или власт дека безбедносната состојба е кревка, но се подобрува. Сметам дека таквото нешто треба да го тргнеме од ум и вистински да размислиме дека безбедносната состојба и те како е тешка и лоша, а со отпуштање на работници, зголемување на бројот на невработените ќе стане катастрофална состојбата и прашање е како ќе го дочекаме крајот на годинита, бидејќи неспорен пат е во текот на оваа година, јас не можам да дадам комплетен одговор кои се причините, но животниот стандард на граѓаните во Република Македонија и те како опаѓа. Доволен е бројот на невработеноста која се зголемува секој месец по две до три илјади и веројатно крајот на годината ќе го дочекаме со над 400 илјади невработени луѓе, а тоа што пред малку зборуваше мојот колега Стаменков кој кажа дека ние го немаме доволниот број на вработени луѓе во Македонија каде и колкав е тој број, немаме показатели во кои насоки треба да се развива Република Македонија. Многу едноставно го прифативме пазарното стопанство дека секој треба да се снаоѓа, сепак има далеку поквалитетни луѓе од мене кои повеќе ја разбираат економијата, јас сум правник а не економист, но сепак и пазарното стопанство се движи во некои договорени рамки, затоа постои Западно Европска Унија или Европска Унија во која сакаме да влеземе и ние, постојат рамки во кои се движи стопанството. Не може било кој производител, ако ги земеме индивидуалните земјоделци да креираат стопанска политика и развој, денеска пиперките се продаваат по 10 денари и во тој дел, во тој сегмент од безброј луѓе кои ќе се пријавуваат во заводите да бараат работа и од тие причини сметам дека најпаметно би било на Владата да и предложиме да ни даде развојна програма, а во развојната програма да се опфати и вработувањето. Не можеш да имаш развојна програма без гледање во тој економски сегмент колку вработувања ќе имаме. Основна цел на секоја Влада е да вработи што повеќе луѓе и оттука сметам дека не би размислувале поинаку и пратениците од позицијата, и тие не би се согласиле да се отпуштаат работници, туку да побараме како да го решаваме статусот на невработените, да имаме секој месец зголемување на бројот на вработеноста, да создаваме услови на економски план луѓето да наоѓаат работа во оваа држава.

Инаку јас би кажал уште една работа доколку се случи тоа што го побаруваме ние пратениците секогаш Република Македонија да биде визно ослободена држава треба да очекуваме дека во Република Македонија ќе нема граѓани и ваквата политика каква што ја водиме, бидејќи ние не сме кадарни да им обезбедиме услови за работа на нашите граѓани во Република Македонија и тие ќе го фатат патот во држави во кои можат да живеат.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Манев.

За збор се јави госпоѓа Весна Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани колеги,

После серијата дискусии од претходните говорници кои говореа за ЕСМ воглавном како социјална установа, место за партиски вработувања, и воопшто како за бунар без дно, сакам да преговорам за електростопанство и за енергертиката како многу сериозна стопанска гранка и базична стопанска гранка во оваа држава.

Состојбата во оваа држава е таква што електроенергетскиот систем на Македонија е во потполност интегриран и со него стопанисува ЕСМ од позиција на монопол. Една многу повластена позиција.

За да ни биде на сите јасно, уште веднаш ќе нагласам, за да ни биде јасно зашто дискутираме овде, главна карактеристика на вакви системи, какви што гин опишав е нивната робусност и нивната инерција. Што тоа значи? Тоа значи дека ваквите системи за да функционираат исправно, треба со години однапред од технички аспект да се планираат и да се инвестира во нив . Меѓутоа,  исто така значи дека лошото раководење денеска можеби нема со вистински интензитет нема да се почуствува во моментов, туку ќе се почуствува после пет, шест, десет и повеќе години. Ова е една прекрасна порака за една влада што е избрана со ограничен мандат од 4 години, за да нема проблеми во моментов, да ги задржи во работен однос сите овие 1100 вработени кои во моментот се предлагаат за отпиштање, нормално да вработи уште 2000, 3000, ново вработени во текот на својот мандат, нормално коалицијата на власт има свое членство што треба да го задоволи со

сигурни вработувања и до крајот на мандатот на оваа влада тоа нема посериозно да се почуствува на работењето на системот.

Можеби е треба да се зголеми увозот на електрична енергија, можеби ќе дојдеме во ситуација да има и одредени рестрикции во снабдувањето со енергија, меѓутоа сето тоа ќе престојува за извесен период. Но, ако во овој момент итно сега не се обезбеди инвестиција за електраните во Битола конкретно, доаѓа 2010 година кога сегашните рудници во Битола ќе останат без јаглен. Само да кажам на македонската јавност, немаат сите технички информации за потполно да им биде јасно за што зборувам термоелектраните во Македонија снабдуваат 80% од потребите на електрична енергија. Рудниците во Битола, термоелектраните во Битола, обезбедуваат околу 75% од потребите. Веднаш да кажам за оние кои се тотално пазарно ориентирани и тврдат дека енергијата ќе ја набавиме на пазарот, имаше доста такви во минатото раководство на ЕСМ, во професионалните кругови се смета дека една држава треба да има минимум национално производство на елктрична енергија од 70% за да може да се зборува за некоја национална електроенергетика.

Тука ќе го искажам, можеби единственото согласување со колегата Спиро Мавровски во моето зборување, дека оној кој ќе ја изгуби енергијата, ќе ја изгуби еконмијата, ќе ја изгуби држвата. Дали сме ние на пат тоа да го дозволиме?

Заради тоа сметам дека е навистина опасно да ЕСМ се третира главно од социјален аспект и како социјална установа. Многу е тешко да се зборува во овој момент за отпуштање на голем број работници, за нивните семејства, за нивната социјална положба. Меѓутоа, сакам да нагласам дека денеска не зборувам за било кое претпријатие. Во Македонија имаше отпуштање на голем, голем број вработени од различни претпријатија. Што заради одење во стечај на претпријатијата, но ние овде зборуваме за претпријатија од суштинско значење не само за економијата на државата, туку и за опстанокот за базата на целата држава.

На кој пат сме во третманот на ова претпријатие? Нема да зборувам наведувајќи технички податоци, тоа не ни е целта, макар што можам тоа да го направам и во бројки и во факти, сакам да наведам само еден илустративен економски показател. Ако се споредат периодите од 1995 до 1998 и периодот од 1999 до 2002 година, просечната амортизација е намалена од 22% на 19%. Економистите тврдат дека ова укажува на намалената инвестициона активност.

Значи намалувањето на инвестициите во претпријатието и стареењерто на опремата што се експлоатира. Додека во истото време средствата за плати е золемена од 19% во првиот период на 22% во вториот период. Нас што ова укажува? Ова укажува на континуираното подјадување на масата на претпријатието. Ова укажува токму дека ова е најдобриот пат до црното сценарио што го предочив а треба да се случи во 2010 година, ако во моментов итно не се преземе нешто.

Одговорноста се разликува од неодговорноста по тоа дали тоа сценарио е биде пресретнато денес или ќе се остави да го решава утре некоја друга влада или некои други, со цел да се зачува социјалниот мир во оваа држава.

Беа искажани зборови дека отпуштање на работници се прави без претходно извршена анализа, без претходни елеборати и анализа на техничко-технолошкиот процес, беше искажано дури бројки и факти за тоа каква е техничката екипираност кај ЕСМ. Тука беа искажани многу факти со кои што јас нема да се согласам. Конкретно не сметам од технички аспект технологијата на ЕСМ е лоша, воопшто не е лоша, иако опремата е воглавном од источните земји. Источната технологија не е ништо полоша од западната. Тоа што и недостасува, што мож да се забелжи на источниот дел е само послабата организација а не и техника. Во никој случај. И воопшто генерални тврдења кои што можат да ги искажат луѓе кои воглавном почнале денеска или вчера да размислува за електростопанство од глобална точка.

Меѓутоа, а познавачите на приликите во електроенергетиката, веднаш по доаѓањето во ЕС на новиот, последниот менаџерски тим, на крајот на 2002 година, по постапките што се презедоа, познавачите веднаш го препознаа процесот на комерцијализација што беше започнат во ЕСМ уште во 11995 година.
Што се случи во 1995 година? Тоа беше период кога на економската сцена во Македонија се појави Светската банка со своите програми за санирање на 27 најголеми загубари во Македонија, а ЕС беше едно од тие претпријатија. ЕСМ беше сместено во оваа група на најголеми загубари, затоа што во претходниот период , некаде од 1985 до 1995 година цената на елктричната енергија во замјата беше максимално депресирана и на моменти, што заради третирањето на цената на електричната енергија како социјална категорија повеќе него како економска, шт заради големата инфлација, на моменти таа цена достигнуваше и до 0,7 центи по

киловат час. Некоја процечна светска цена, заради споредба, е десет пати поголема од оваа што ја наведов.

Како резултат на ова во претпријатието се соочија со големи финансиски загуби и со гранд понуден од Светска банка во 1995 година беше ангажирана консултатнска куќа “Артур Андерсен” за снимање на финансиското и техничкото работење на претпријатието. Консултантот беше задолжен да даде предлози за реструктуирање, унапредувањето на работењето, врз основа на искуства од слични претпријатија. После изработената студија од ова консултантска куќа беше искажано мислењето дека покрај мали технички унапредувања што се потребни со внесување на автоматика, пред се во работењето, она што треба да се направи во претпријатието е да се изврши целосно организационо преструктуирање, одвојување на споредните дејности за да може точно да се утврди цената на електричната енергија во одделни технолошки сегменти то значи Производств, Пренос и Дистрибу ција. Беше нагласено дека е потребно големо намалување на бројот на вработените, што во тоа време мислам дека изнесуваше околу 8500 вработени.

ЕСМ почна да работи во правец на задоволување на овие барања. Направени се напори за намалување на бројот на вработени по пат на природен одлив, што значи со ненадоместување на работниците кои одат во пензија, со одвојување на споредните дејности. Точно е, во тоа време беа издвоени споредните дејности како хотели и слично, што беа трансформирани во ДОЕЛ-и и кои што требаше да се приватизираат. За жал, нивиот проблем сеуште не е решен. Мислам дека сите знаеме кој ја спречи приватизацијата на овие ДОЕЛ-и. Приватизацијата требаше да се изврши на тој начин што сите вработени ќе учествуваа во добивање акции од овие пратпријатија. Тоа важно да се нагласи. За жал овие претпријатија, за изминативе 4 години,во рамките на претпријатието беа направени ефдни од најголемите финансиски малверзации за кои што денеска читаме по весниците. Но, тоа не е тема на денешнава дискусија.

Во овој период, во секој случај се успеа да се намали бројот на вработени, јас располагам со податок од 1120 вработени, тука беше спомната бројка од 400+600 околу 1000 вработени. Како и да е, резултатите на овие напори беа проценети со анализи. Значи сепак постојат анализи во ЕСМ, направени од страна, повторно на странски консултантска фирма “Бехтел”. Овој консултатнт ја почна оваа анализа во

1998 година. Резултатите од Студијата ги предаде на тотгашното ново раководство на претпријатието во 1999 година. Оваа студија го констатира следново:

- успешно завршување на значајни инвестиции, тука ќе може да се спомне покачувањето на инсталираната моќност на рудниците во Битола, на 45 мегавати, изградба на 400 киловолтен далекувод Битола-Скопје, изградба на голем број трафостаници на напонско ниво 110 киловолти, загубите во системот, техничките загуби беа сведени на минимум а платата подигната на 90%.

Студијата ги пофалува овие напори и понатаму ги предлага следниве насоки: изработка на модели за раздвојување на сегментите Производство, Пренос, Дистрибуција за да може да се утврди еконмската цена на енергијата. Понатаму, потребата од техничко унапредување на диспичерскиот центар и прилагодување на претпријатието кон условите за работа предвидени со Европската директива 9692, подоцна ќе се осврнам повеќе на овие барања. И, во некоја крајна далечна инстанца беше препорачана приватизација на претпријатието.

Од сите овие препораки минатото раководство на ЕСМ веројатно имаше најмногу салух за последната препорака - приватизација на електростопанството и почна да работи на оваа препорака. Во меѓувреме загубите во електроењнергетскиот систем и наплатата беа сведени во спротивна насока, на бројки што се невидени во сличните стопанства во светот, финансиските резултати исто така беа катастрофални. Се наведува бројка од 211 милиони евра ненаплатен долг на крај на 2002 година. Ако тоа се покажува како финансиски успех, ја промашуваме целта на дискусијата.

Што стана со бројот на вработените? Воглавном во 4-годишниот период, вработувањата се вршеа по договор з дело. Бројот на нови вработувања можеби достигна до 5000 . Меѓутоа, сите тие, воглавном беа по договор за дело. Сите се сеќаваме, можеби и минатата година во ова време сеуште се водеше кампања против избрзаната приватизаација на ЕСМ што се одвиваше и тука во ова Собрание. Дури когха на тогашното раководство му стана јасно дека нема да има време, време да ја изврши брзата приватизација на ЕСМ тогаш се започна со масовно вработување на неопределено време.

Што знчеше тоа? Тоа знчеше дека и на тоа раководстство му беше многу јасно дека тие вработувања воопшто не се потребни. И, дека по мерилата на светското

електростопанство, светските критериуми претпријатието веќе има преголем број на вработени.

Веќе беше спомнато за динамиката, преку 1000 работници беа вработени токму околу изборите. Пред или после изборите. Нормално, тука следеше и станпедното крчмење на имотот на ЕС.

Во спротивно на ова што се обидов да го истакнам, што е перспективата на ЕСМ? Веќе еднаш зборуввме во ова Собрание, мислам дека во кракти вцрти тзреба да се обидам да го повторам тоа.

Во ноември 2002 година, Владата на Македонија го потпиша таканаречениот меморандум, атински меморандум за разбирање, според кој што се обврзуваме дека е земеме учество во регионалниот пазар на енергија што треба да се креира во југоисточна Европа, земји членки на овој пазар треба да бидат, покрај бившите југословенски републики Бугарија и Романија, мислам балканские земји, од европските земји тука би учествувале Грција , Италија, Словенија и како посматрач Австрија и Турција. Ова е првата форма во која што Европа предлага интегрирање на институциите на балканските држави во Европа.

Значи, интегрирањето на нашиот енергетски систем во енергетскиот систем на Европа ќе биде прва форма во која ние ќе се придружиме во институциите на Европа. Европа тоа го прави заради своите потреби за напојување и снабдување со енергија, кои извори ги гледа на Исток, главно во Кавкаскиот регион, но зошто ние го правиме тоа? Ние го правиме тоа за да станеме дел од организираното тргување со електрична енергија, кое е присутно веќе секаде во светот, и покрај преносите во регионалниот пазар, може да дојдат до израз предностите на позицијата на Македонија и максимално искористување на преносните капацитети, значи преносната мрежа на електроенергетскиот систем на Македонија, кој што може добро да се наплати во услови на регионално тргување со енергија и она што е многу важно за нас, преку оваа институција да се обезбеди сигурно снабдување на економијата, на потрошувачите со електрична енергија во Македонија и тоа под транспарентни и еднакви услови какви што европјаните ги имаат денес кај нив. Тоа е она што тие го бараат, за да можеме воопшто да разговараме за идни инвестиции во Македонија.

Јас сум имала можност да присуствувам на неколку разговори за можни инвестиции во регионот и секаде е нагласено дека, доколку не се изврши реформа

на институциите во Македонија и реформа на секторот и доколку успешно не се интегрираме во пазарот на електрична енергија, не станува збор дека некој ќе вложи, ќе инвестира средства, а да нема гарантирани транспарентни услови за снабдување со електрична енергија.

Колегата Спиро Мавровски рече дека не верува во овие инвестиции. Јас верувам и вработувањето на младите стручњаци, со чие спомнување овде доста се манипулира, го гледам токму да биде овозможено со овие и вакви инвестиции во Македонија.

Исто така, на неколку пати беше поставувано прашањето кои се реформите заради кои се предвидува отпуштањето на овој број на луѓе. Реформите кои што се бараат, пред се, се заради барањата на Атинскиот форум или Атинскиот меморандум и реформите се главно структурални, воопшто не се технолошки промени. Значи денес воопшто не зборуваме за технолошки вишоци и не зборуваме за технолошки промени во електростопанството. Барањата од Атинскиот меморандум се однесуваат на задолжителни структурални промени во електростопанството. Ние веќе сме потпишале согласност за тоа и сме се обврзале како држава дека Ќе ги направиме тие промени.

Од овие промени само да спомнам, односно да нафрлам, мислам дека нема смисла во детали да се опишува што треба да се направи, потребно е да се изврши најпрво финансиско, а потоа и правно раздвојување меѓу производството, преносот и дистрибуцијата на електричната енергија. Од овие делови кои во моментот сите припаѓаат на Електростопанство на Македонија треба да се издвои таканаречен систем оператор или што соодветствува на денешниот диспечерски центар и маркет оператор, значи оној кој ќе го води тргувањето со идната електрична енергија. Подготвувајќи го ова структурално преобразување на претпријатието, кое веќе е во напредната фаза во Електростопанство колку што сум информирана, е најден вишокот на вработени.

Што ќе биде цел на ова преструктуирање? Ако се сеќаваме во декември минатата година, ние донесовме измени во Законот за енергетика во овој состав на Собранието и тогаш за прв пат беше кажано, беше проговорено и за економските реформи кои ги подразбира донесувањето на овој закон. Во таа прилика, тука истакнав дека тоа е еден историски момент за стопанисувањето со енергија во земјава и дека со тој акт Владата и државата се откажува од директното управување

со енергетиката во земјата и се откажува од правото да ја утврдува цената на електричната енергија. Имено, наскоро Регулаторната комисија треба да биде именвуана и да почне со својата работа и една од основните функции на таа Регулаторна комисија ќе биде да ја утврдува цената на електричната енергија за потрошувачите, значи не за големите потрошувачи, за индустријата кои слободно ќе се снабдуваат со енергија на пазарот, туку за малите потрошувачи, за домаќинствата, оние кои се најмногу засегнати. Регулаторната комисија нема да може да ја одредува цената на електричната енергија онака како што самата ќе најде за сходно, туку ќе биде задолжена според однапред утврдена методологија, прифатена секаде во светот, која што функционира во сите електростопанства, да ја утврди цената на електричната енергија како цена на произведена електрична енергија која е утврдена на пазарот, плус трошоците за пренос и дистрибција.

Економските реформи, кои ги спроведува Електростопанство на Македонија, се однесуваат токму на овој сегмент. ЕСМ мора интензивно да работи во наредната година две на намалување на трошоците во преносот и дистрибуцијата и воопшто на сите трошоци во нејзино работење. Зошто? За да го амали овој процент на учеството на трошоците во крајата цена на електричната енергија. Ако не го направи тоа, може да се случи покачување на електричната енергија за 50%, можеби и повеќе и тогаш ќе имаме не 1100 луѓе на улица кои ќе штрајкуваат, туку ќе ја имаме цела Македонија на улица која ќе штрајкува.

Затоа, сметам неблагодарно е воопшто секогаш да се зборува за судбините на луѓето, за нивните вработувања, меѓутоа, сметам дека на денешната Влада, затоа што сме повикани денес да дискутираме и на ова Собрание, им е западната одговорноста да ги поддржат овие структурални и економски промени и реформи во Електростопанство на Македонија. Притоа можам да се заложам, да инсистирам кај Владата на Република Македонија да се интересира малку повеќе и да инсистира малку повеќе кај меѓународните донатори и институции, кои придружено со овој процес на реформи, Атински форум, ветија и програми за социјална компензација на проблемите кои ќе настанат со реформите.

Според моите информации, првата програма треба да биде готова некаде во септември, меѓутоа, сметам дека ние треба повеќе да се интересираме и да ги усогласиме примената на тие социјални програми и постапките кои се извршуваат од страна на Електростопанство со отпуштање. Исто така, сите останати форми што

беа спомнати тука, како скратено работно време, грижата на Синдикатот и тн., треба да се земат предвид.

На крајот беа спомнати стручњаците кои се отпуштаат од работа. Секако, прилично сум засегната за оваа категорија млади луѓе, со кои работам во мојот професионален живот исто така, каде тие ќе работат. Тие мора да го најдат своето место во стопанството на Македонија и во ова општество и за вакви вработувања јас лично мислам дека ќе се заложам ако Електростопнаство објави конкурс, меѓутоа, не со преземање, туку да објави конкурс под еднакви услови за сите дипломирани електро и инженери од друга струка, да речеме 10 или 20 на број, кои завршиле неколку генерации station наназад и кои воопшто немаат работа. Такви луѓе со нивните идеи и со нивниот начин на работа сигурно дека ќе придонесат кон реформите и кон новиот начин на работа за кој што треба да се подготвува Електростопанството.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на госпоѓа Борозан.

Господин Мавровски има реплика на госпоѓа Борозан.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ние дискутиравме и прво предупредивме дека треба да дискутираме за отпуштањата од Електростопанство, но добивме едно објаснување од госпоѓата Борозан што значи тоа во глобала дека причината е токму во техничките загуби, комерцијалните загуби кои се случуваа во времето од 1998 до 2002 година, но како стручњак по енергетика треба да знае нешто друго, а не да се манипулира со јавноста. Имено, техничките загуби се зголемени токму во времето кога НАТО ја бомбардираше Југославија и кога испаднаа 220 киловолтните далекуводи од Косово кон Македонија и кога тие загуби се поголеми, за да се одржи тоа напонско ниво и мрежата која што требаше да ја има Македонија, колку за изгреадба на една термоелектрана. Комерцијалните загуби, госпоѓо Борозан, ќе земеме конкретно во Тетово до 2000 година беа 90% како што кажавте вие, но после војната наплатата се сведе на 10%. Господинот Панде Лазаров треба да ги наплати тие и пред нив одеа со борни коли од НАТО пактот и не знам уште кои, колку инкасатори беа вратени, па не можат до ден денес да ги наплатат тие средства. Значи, зборуваме за

една постоечка состојба, една фактичка состојба. Ние не можеме сега да кажуваме, како што вие кажувате, дека средствата кои требаше некој да ги добие и ние влеговме во некоја голема трансформација 1995 година, со тоа што Електростопанство беше прогласено за загубар поради резултатите поради тоа што натаму ќе се развиваме во развојот. Зошто беше прогласен од 1985 до 1995 година - не знам дали да го образложувам сега,  сакам повторно да се јавам за дискусија, затоа што има многу дискусии, јавноста треба да ги знае сите работи. Значи, не држат сите овие најави и ова што го кажавте на крајот, ако ги испуштиме овие 1100 луѓе, ние ќе ги намалиме трошоците за пренос, затоа што тоа воопшто не е поврзано со овие 1100 луѓе. Тоа е прво.

И второ,  кое е вашето чувство, ако во Електростопанство работат само 1100 луѓе, дека ќе имаме многу успешно претпријатие. Вие треба многу подобро да знаете што значи и РЕК Битола и целиот тој гигант, на  што се држи и како се држи. Мене не треба да ми кажувате дека до 2010 година за опремата источноевропска, кога сите термоелектрани во скоро време ќе треба да вршт генерални ремонти  на котлите кои изискуваат огромни средства. Тоа е неминовност што мора да се направи. Затоа, да бидеме објективни и да не манипулираме со работи кои треба да ги знаат луѓето.

Благодарам, а понатаму ќе ги образложам и другите работи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Весна Борозан, реплика.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Мислам дека колегата Спиро Мавровски потполно ја промаши суштината на мојата дискусија. Јас зборував за потребата од големи структурни и економски реформи во Електростопанство на Македонија, иницирани  од уредувањето на Европа, кон која сите ние се стремиме и напуштањето на начинот на работа од 19985 до 1995 година, во кој начин на работа струјата и цената на електричната енергија беа третирани како социјална категорија, а не како економска категорија. Тоа беше суштината на моето излагање.

Инаку, ако колегата сака да зборуваме за загубите, технички и комерцијални, тоа е моја омилена тема затоа што тоа беше тема на мојот докторат, така што

мислам дека можеме неколкудневна дебата да направиме на таа тема, меѓутоа, сметам дека воопшто не е место тоа овде да го правиме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика за господинот Трендафилов на госпоѓа Борозан.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Навистина се согласувам, особено во делот на излагањето на госпоѓата Борозан кога зборуваше за начинот на кој ние треба како Собрание да помогнеме, стручњаците, особено младите стручњаци кои веќе се најдени на списокот за отпуштање од Електростопанство на Македонија преку конкурси или на било каков друг начин да им овозможиме повторно нивниот професинален ангажман да биде во функција на пошироката тема за која денес зборуваме. Но освен декларативната заложба, би сакал тоа да го видам и во пракса, од она што досега го има, барем во овој дел направено, за да се олесни таквата состојба со превработеноста обрнувам внимание дека во изминатиот период се примени луѓе во Електростопанство на Македонија на пример од Собранието на град Скопје, од Автосервис Голф, од Медицинскиот центар, исто така се примени и невработени што не е спорно, од Монтинг - АД Битола и да не ги набројуваме другите фирми, практичнно во сите подружници на Електростопанство на Македонија ширум земјата.

Значи, во иднина, кога било кој од пратениците ќе се обидува да зборува овде во Собранието колку ние како Собрание треба да бидеме загрижени затоа што некои луѓе ќе останат, односно не некои туку 1100 луѓе, треба да видиме и што сме направиле во меѓувреме, за да не се случува ова бројка од 1100 души да биде толку голема.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Сакам да искажам едно согледување од она што го кажа претходниот дискутант, колеката Борозан, а тоа е дека треба да се извршат структурни реформи во Електростопанство. Тогаш ако треба да се извршат во иднина, која е причината

за отпуштањето на овие 1100 вработени, кои треба да бидат последица од извршените структурни реформи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика за госпоѓа Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Активностите се преземаат паралелно и за структурни реформи и за економско раздвојвуање на одделните делови на претпријатието и за правно раздвојување и за намалување на трошоците и отпуштањето на вишокот на вработени, токму заради тоа што минатото раководство изгуби четири години за да ги врши сите овие работи. Обврските од Атинскиот меморандум се до 2005 година треба да функционираме, да работиме, да бидеме структуирани како сите европски електростопанства. Можеби во овој момент не изгледа логично сето ова што го зборувам, меѓутоа, постапките кои што ќе се нижат со огромна брзина во оваа и наредната година ќе ја покажат логиката и потребата од сето тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот панде Лазаров директор на ЕСМ.

ПАНДЕ ЛАЗАРОВ:

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници.

Тешко на оние работници што остануваат без работа, уште потешко за оние кој досега немале работа. Меѓутоа, многу е опасно почарот на невработеност да е гасне во јавниот сектор. Тоа е најголемото зло што би можело да го направи било која влада. Тоа кај нас се направи. И се удри во најсуптилниот дел, во центарот што се вели на Алхиловата пета, тоа е практично невработеноста.

И покрај тоа што се знаеше дека ЕСМ и пред тоа беше преоптоварен со работна сила во сите сегменти и еве сега што е епилогот, чесните луѓе ни криви ни должни ќе останат на улица. Актерите на таа неправда ги водат немоќните луѓе по улиците, имавме такви случаи пред некој ден во Скопје и во другите градови, а тие седат мртви ладни во кафулињата по истите улици каде што ги водат луѓето и изигруваат “национални душобрижници”

Електростопанството претставува стожер на секоај држава. Меѓутоа, ако тој стожер се претовари, тој ќе се сруши. Нашта компанија веќе е во таква состојба. Таа веќе не може да издржи таков товар, односно мора постепено да се растоварува, инаку не ќе може да си ја извршува својата основна функција, да ја обезбедува државата со најпотребниот производ, електричната енергија.

Во секоај држава каде што има, на пример термоелектрани на јаглен, а пред малку една од излагачите кажа дека кај нас 80% од продукцијата се обезбедува , заправо од ТЕ на јаглен, се разбира . Каде во процесот има рудник и електрана, вработеноста на исталиран мегават изнесува, во Светот и во Европа, отприлика 1/5 до 2/2 вработени. Кај нас, да го земеме на пример примерот со РЕК Осломеј. Таму имаме исталира снага со од 120 мегавати, а бројто на вработентие изнесува околу 1000 вработени. Тука, во овој момент е направена најголемата аномалија, што значи, само во 2002 година вработени се нови 220 вработени, во онаа организација каде има превработеност. Можете да замислите за каква економија се работи во тој комбинат.

Јас знам дека со оваа констатација нема да ги утешам вработените од РЕК Осломеј. Апсолутно. Они дошле да работат во таа прашаина, бидјеки во Оломеј има и рудник, па постои прашина, по коповите, дошле за корка леб, не дошле таму да се сликаат и да уживаат. Меѓутоа, на горлчивата македонска вистина мора да и се погледне во очи. Тој комбинат не може економски да егзистира со таква превработеност. Еден ден ќе се сруши и целиот Град и околината на Кичево ќе остане без основна егзистенција, бидејки , за разлика од Битола, каде РЕК Битола е носител, меѓутоа има и други фирми во Кичево, бидејки сум работел и таму и таму, во Кичево, практично, ако не е Оломеј, целиот Град ќе клекне на нозе, не само вработените во Осломеј, туку и бројни други фирми кои се врзани за тој комбинат. Да не ги набројувам сите други подружници, во склоп на ЕСМ. Секаде скоро е слична ситуацијата. Меѓутоа мораме да го истакнеме нашиот најголем комбинат РЕК Битола.

Ние мроаме во најбрзо време да ги подготвиме за експлоатација двете јаглени наоѓалишта. Меѓутоа, веднаш треба да истакнеме, да не се прави забуна, ние од тие два нови копа и сегашниот Суво Дол, ќе обезбедуваме јаглен само за сегашниве три блока кои се на функција. Ние со тоа нема да го зголемиме производството на електрична енергија. Практично ќе имаме иста продукција на електрична енергија,

затоа што не градиме нов термоблок. И натаму остануваме со сегашниве три термоблока. Значи иста продукција на електрична енергија. Само го продолжуваме текот на сегашниве електрани. Место она што рече излагачот, со овие наоѓалишта имаме од прилика да работат трите блока до 2010 година, ние со овие два нови копа, практично ќе го продолжиме векот до 2025, не до 2010 година. Значи, практично со отварање на овие два копа, на пример Брот , Неготино ќе го обезбедува едниот агрегат до 2025 година, Подинските слоеви другиот агрегат до 2025 година, и останативе резерви сега што се од Суво Дол, едниот агрегат до 2025 година. Меѓутоа треба да напоменам дека наш единствен производ, од што се остварува приход е испорачаниот киловат час на електрична енергија, на нашите потрошувачи, дури уште посурово, наплатениот киловат час за електрична енергија, а не оние системи, тука е и колегата Спиро, први БТЛ, втори БТО, незнам , нулти и т.н. Тие практично вршат раскривање на јагленот, они практично прават само трошоци, не остваруваат приход. Приходот е врзан само за испорачаниот КВТЧ на електрична енергија од било која електрана, а не и да раскривката и т.н. Сето останато е само трошковна страна. Значи да не се занесуваме дека, ако отвориме други копови ќе вработиме, незнам каква работна сила. Ние практично не го зголемвуаме производството на електрична енергија. Приходот се врзува за испорачаниот КВТЧ . Но да не зборувам многу.

Морам да напоменам и неколку дистрибуции. На пример дистрибуцијата Берово. Во таа дистрибуција само во тековната 2002 година примени се нови 23 работници , а знаеме дека дистрибузицијата Берово е една од малите дистрибуции. За идната електрана Матка ИИ или
Света Петка, примени се повеќе работници, каде уште ни патот не е изграден, за да започне градбата а камоли да работи електраната. Веровратно темелникот ќе го удриме на 8.09., за градба а не за производство.

Првите чекори во реформата во ЕСМ, започнати се во 1995 година. Интересно е, како се зголемуваше бројот на вработените, тоа можете да го проверите, така растеше производството.

Најмало вработување имавме во 1998 година, тогаш кога испуштивме 1120 луѓе што беа врзани пак со реформите. Тогаш имаме најголемо производство од осамостојувањето на Македонија односно 6.519.000,000 КВТЧ електрична енергија. Значи најголемо производствоод осамостојувањето на Македонија, не зборувам за

оној период пред 2000 година, кога бевме во системот ЈУЕЛ, Југославија. Второ највисок процент на наплата, преку 90%, имавме во тој период. Значи најголема продукција, најмало вработување, најголем процент на напалта, најниски загуби на мрежа во системот, околу 11%, а ќе кажам после колку ги затекнавме кога дојдовме сега во ноември месец. Највисок степен на вработеност имавме во 2002 година. И, во истиот период имаме најмало производство во системот. Петмилијади и шесто. Значи, 6,5 во 1998 година, а сега петмилијарди и шесто КВТЧ електрична енергија од истите системи. Најнизок степен на наплата 49%. Најмали загуби односно најголеми загуби во системот преку 21%. Затекнати се огромни обврски спрем анаши добавувачи и изведувачи односно околу 78 млиони евра и бројни судски процеси за ненаплатени побарувања. И ден денес не знаеме од каде. Секој ден се јавуваат од сите судови во Македонија, имате оптужба дека не сте ги намириле обврските. Значи секој ден нови изненадувања. Ќе спомнам само неколку:

ЕМпо -Охрид 4,7 милиони евра. КЈУБИ - осигурување 3,6 милиони евра, долгови. ОКТА 1,2 милиони евра. Студентчица 1 милион и т.н. Со сите сме на суд.

Ненаплатени побарувања изнесуваат 211 милиони евра, значи ненаплатена електрична енергија. Непотребни залихи во магацините цирка 5 милиони евра и т.н. Значи бројни негативности.

Во моментов, да не кажам за кратко време, наплатата, кулмулативно е над 67%. Многу мала, меѓутоа не е 47%. Загубите, реков пред малку 21%, сега сме меѓу 16 и 17%. Ненаплатенит епобарувања ги намаливме и сега се испод 180 милиони евра, од 211, сега сме испод 180 милиони евра, а обврските према добавувачите ги намаливме на 45 милиони евра. Замислете 45 милиони евра обврски сеуште имаме.

Во однос на истиот период од минатата година материјалнит етрошоци се намалени за 13% односно за 10 милиони евра.

Во структурата на вкупните трошоци на ЕСМ на бруто платите припаѓаат 22%. Тоа го нема никаде, а додека амортизацијата е 18%.

Ако се проанализир аовој податок, веројатно има овде економисти во салата па нека сами пресудат што тоа значи во една витална компанија, или било која компанија, поголеми бруто плати од издвојување за амортизација. Ако некој малку разбира економија нека самиот пресуди што значи бруто платите да бидат поголеми од амортизацијата. За каков развој се работи односно каков развој ќе очекув аова претпријатие и оваа држава, а викаме дека Електростопанство е стожер на оваа

држава. Каква аномалија е тоа, а инатаму ние таа аномаија сакаме да ја зголемуваме. Тогаш да си ги земеме ташнит еи да си заминеме. Какви сме ние стручњаци, какви академски граѓани, ќе го водат ова претпријатие, платите да предничат пред амортизацијата. Тоа е невидена аномалија.

Согласно стратегијата и акциониот план за имплементација на обврските од Атинскиот меморандум и хармонизацијата со директивата на ЕУ 1992 година, АД ЕСМ неопходно е да направи одредени промени и во својата организација на работење. Тоа мора брзо да се направи, а ние тоа веќе го правиме, брзо да се преструктуираме. Овие промени се наметнуваат од потребата за хармонизација на домашната легислатива со онаа од ЕУ, за која постојано зборуваме, сакаме да одиме во Европа, меѓутоа не сакаме да слушнеме за нивните нормативи односно не ни одговараат и фаќаме кривини. Меѓутоа, ние не можеме да бегаме од таа работа, ако сакаме во Европа. Ако сакам еда седиме изолирани тогаш шможеме да се откажеме од сите овие работи и д ауживаме, меѓутоа нема долго време да уживаме.

За постигнување еднаквост во поврзување со регионалните и европските пазари како и обезбедување на кохерентен стопански и технолошки развој, со земјите од регионот. Ние не можеме да бидеме одвоени од една Грција, од една Бугарија, од една Србија, од една Романија, од една Албанија. Ние сме тука на овој простор, а уште повеќе, токот на електричната енергија. Ние не можеме да кажеме, сега дотука ќе оди струјата, нема да оди натаму. Каква е таа логика. Веднаш наставуваме со нова организациона структура каде ќе иаме ние уште по строги мерки.

Од постоечките 28 дистрибутивни подружници, сега ги имаме 28, ќе се оформи и тоа многу брзо , само една посебна економска единица т.е. една подружница. Значи од 28 ќе имаме само една подружница. Некои општини, да не кажувам кои и сега бараат овие 28 да ги зголемиме. А ние викаме дека од 28 ќе формираме само една и таа една подружница што ќе биде е многу помала од неколкуте што ги има во Бугарија, 6 или незнам колку се или било која друга во околината. Едната е многу помала од тие нивните 6 сегменти.

Втората економска единица ќе бид епроизводството, целокупното производство мислам тероелектраните, хидроелектраите, односно една економска единица.

Третата економска единица ќе биде преносот и управувањето. Значи од 40-тина подружници ќе имаме само три, се со цел да ги смалиме трошоците за да бидеме функционални и да бидеме во дослух со Европа, таму каде што целиме.

Овие три економски подружници претставуваат три независни дејности, во вертикално интегрирана компанија АД ЕСМ во државна сопственост. Трите подружници ќе работат со меѓусебни финансиски односи и примена на меѓународните сметководства. Значи ќе сечеме фактури између производството, преносот и управувањето односно дистрибуцијата, и стандарди на сметководствената евиденција, европските стандарди. Ние мораме да дефинираме. Ние веќе го имаме во нашето претпријатие. Од сега до нова година ќе работиме можеби паралелно, меѓутоа од нова година ние мораме тотално да го примениме европското сметководство.

Морам сега да му одговорам на колегата Спиро.

Многу се експлоатираше Синдикатот. Мислам тоа се две дејности кои немаат врска една со друга. Значи тоа се две дејности, извршна функција односно управувањето и Синдикатот.

Незнам што толку го експлоатирате Синдикатот. Имено, сега имаше редовни избори во Синдикатот и си дојдоа редовно луѓе на тие функции. Во меѓувреме се избрал таму некој Србиновски. Тој бил најстар член на тој состанок и по тие нивни синдикални прописи тој требало да го води Синдикатот до изборот, тој да ги спроведе изборите.  Се направија изборит еи сега ние имаме редовен Синдикат, легален синдикат. Јас незнам од каде тие пароли дека имало вонреден синдикат, упади.  Замислете, незнам каква е таа логика, извршната власт пропаднала во синдикатот. Незнам чија работа е таа.  Слушнав, некои фирми кои работеле, незнам во РЕК Битола во Суво Дол и во Осломеј. Тие фирми се избрани на јавни тендери.

Да викажам само еден податок.

До 31.12., во РЕК Битола таму работеле 1250 луѓе. Сега работат 600. Значи ги намалиле повеќе од пола.

Сега да кажам и еден друг податок. Имено сега брзо јас бев во Франција и посетив еден комплекс на електрани, 4 ТЕ кои имаат исталирано снага од 1150 мегавати. Вкупно вработени 400. Направете паралела сега што тоа значи.

Се спомна увозот на електрична енергија.

До крајто на 1998 година во ЕСМ не постоеше институција, купување на електрична енергија. Ние вршевме меѓусебна размена со Бугарија, со Југославија, со Црна Гора, Грција. Меѓутоа , никогаш не сме купувале.

Во 1998 година на големи врати влезе институцијата, купување на електрична енергија. Отогаш наваму секогаш ќе има купување на електрична енергија. Оваа работа со размената завршува. Меѓутоа, овој период, сеганиот, денес, во однос на истиот минатогодишен период, увезената електрична енергија е 28% помало, при услови кога работи и "Југохром". Минатата година "Југохром" не работеше, а вие знаете колку троши "Југохром". Тој е најголем потрошувач на електрична енергија во Макеоднија. Значи 28% имаме помалку, при услови кога "Југохром" работи. Тука многу и ние да не се фалиме затоа што имавме добра хидрологија во овој период. Меѓутоа да не велиме дека сме зголемиле 50% кога е од 28% помалку. Проверете ги податоците. Незнам од каде е тој податок.

Имаше податок што го изнесе колегата Спиро Мавровски дека во 1998 година испуштивме 1100 вработени, меѓутоа многу поблаго. Сега има нов Закон за работни односи. Тогаш ние за 2 години плаќавме една плата, а сега за 3 години една плата се плаќа. Јас не го изменив Законот за работни односи. Тој Закон овде се измени односно сега брзо се донесе тој. Значи беше две за една, а сега е три за една.

Како е тоа донесено, јас незнам, веројатно овде е донесен тој закон. Се спомнаа семејствата на нашите бранители, дека со оваа акција, незнам жените, незнам таква работа ниту била, ниту ќе биде. Се спомнаа некои првенци на факултетите кои што биле само со десетки. Ако има некои само со десетки избркан, јас мојата диплома ќе ја искинам, ако има некој кој завршил само со десетки, а испуште е од Електростопанство на Македонија.

Во врска со процедурата како било бодирањето. Во 1998 година е донесен колективен договор. Тој е прв колективен договор во Република Македонија. Здравството незнам кога го усвои. Ние усвоивме прв колективен договор во државата во 1998 година. Тој веројатно има пропусти, апсолутно, јас не сум правник, има пропусти и ние сметавме брзо да го прочешламе, меѓутоа во 1999 година практично дојдоа промените и сепак малку е иновинар тој колективен договор. Меѓутоа, ако почнеме сега да го иновираме колективниот договор, каква ќе беше реакцијата? Еве си го местат како им одговара, затоа ние воопшто не го гибнавме колективниот договор. Колективниот договор е потпишан помеѓу Електростопанство

на Македонија, Сојузот на Синдикатите на Република Македонија и Владата на Република Македонија во 1998 година. Таму некој реагираше дека кога дошло новото раководство побарал да види колку има вработени. Па тоа апсолутно е нормално. Прво, мора да се смири ситуацијата. Не само за вработените, ние побаравме податоци за се, економски долгови, обврски и друго. Проверете, ќе видите. Какво е тоа раководство кое ќе дојде ако не ја сними состојбата во компанијата што ја води, какво е тоа раководство? Што е тоа толку чудно, сме побарале колку биле вработени незнам трите месеци, незнам двата месеци. Тоа апсолутно било каде, во било која компанија кога ќе дојде ново раководство прво тоа го прави, или пак на било кое работно место. Ми се чини дека тоа го слушнав од господинот Спиро Мавровски. Дали имало грешки во бодирањето? Тоа практично е работа на судските органи. Тие нека видат дали се направени грешки. Ако се направени грешки, грешките мора да се исправат. Меѓутоа, тоа не е наша работа, тоа е работа на судските органи, апсолутно работа на судските органи, затоа што ние со ова практично до завршување на оваа акција практично имаме уште неколку операции кои треба да се завршат.

Прво, Управниот одбор, веројатно ќе изврши корекција, па ќе изврши судот, ако има аномалии. И на крајот има и меѓународни судови и т.н. Меѓутоа, знам дека еден од критериумите во тој колективен договор е дека оној што има најмалку стаж практично добива најмалку поени, што е нормално. Кој ќе добие? Дали ќе добие оној што има работен стаж 15 години, или оној што има една година работен стаж. Едноставно, така е направен и колективниот договор. Во колективниот договор точно има критериуми кои кажуваат дека за ова се добива толку бодови, за тоа се добива толку бодови, ако е направена некоја грешка веројатно судот ќе ја исправи таа грешка.

Некој спомна дека млади инженери биле примени овде во централата и дека тие многу ќе помогнат и т.н. Апсолутно, младите инженери мора да се примаат, меѓутоа прво да одат таму во базата да работат. Ние практично овде во централата апсорбираме луѓе кои поминале низ сите фази, во хидроцентралите Осломеј, во Суводол и незнам каде, а не овде да ги собираме. Сите млади инженери што дошле во централата, тоа се луѓе кои што дошле со дебели врски, а не заради потребите на централата. Ние имаме на пример десетина машински инженери во централата. Машински инженер во централата? Каков е тој аспурд. Што ќе работи машински

инежењер овде? Сега зборувам за машински инженери. Никогаш не памти нашата централа да има повеќе од еден машински инженер, максимум два и тоа луѓе кои биле во базата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ги молам пратениците од опозицијата да се воздржат од континуирано дофрлање. Господине Караџоски на секоја реченица само дофрлате. Вие кога зборувате, јас исто водам грижа и вас да не ви дофрлаат.

Господине Мавровски, еден час и 10 минути зборувавте, никој не ви дофрли. Не коментирајте, имате право на збор.

ПАНДЕ ЛАЗАРОВ:

Значи, 10 машински инженери во централата. Најдете оправдување што тие млади, сигурно добри студенти, што ќе работи дипломиран машински инженер во нашата централа, дали ќе ги намали загубите на мрежата, или преносот ќе го подобри? Јас незнам што ќе направат тие машински инженери. Никогаш во нашата фирма немало повеќе од еден, односно два дипломирани машински инженери кој едниот беше долго време во мавровски електрани технички директор и во последните години дојде овде да работи за да координира машински работи во погоните, а не овде да учи. Овде нема што да учи дипломиран машински инженер.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлагам пауза до 15,оо часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,05 часот)

По паузата со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието на Република Македонија госпоѓа Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со работа.

За реплика на претходниот дискутант господинот Панде Лазаров се јави господин Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас би го прашал господинот директор, бидејќи тука кажавме и по објаснувањето дека рудникот може да биде само трошок. Значи, системите нултиот, првиот и вториот БТЛ се трошок, јас се согласувам, но работењето на тие системи носат шест до 6,6 милиони тони јаглен без кои што термоелектраните Битола не ќе можат да работат. Што значи, ако ние го немаме рудникот Суводол, останува да и кажеме на јавноста дека една по една термоелектраните Битола испаѓаат од системот, значи остануваме без енергетски ресурси од 225 мегавати континуирано на секои пет години. Или, како што ќе работи РЕК Битола 10 години, за 10 години ќе ги изгубиме и трите термоелектрани. Се поведе еден разговор што би работел машински инженер во централата. Јас колку што знам господинот Панде Лазаров е дипломиран геолошки инженер и се знаеме многу добро уште од рудникот далечната 1985 година. Така што секој инженер од било кој калибар може да се најде и може да допринесе за работењето во Електростопанство на Македонија. Исто во неговата дискусија имаше најава дека од 211 милиони кои што требаше да ги наплати Електростопанство на Македонија, наплатени се некаде околу 31 милион и сега имаме за наплата уште 180, но кон оние што побаруваат од Електростопанство на Македонија платени се само 15 милиони. Значи, сега долгот кон нив изнесува 45 милиони евра. Исто имаше коментар дека материјалните трошоци се намалени за 10 милиони евра. Но, јас мислам дека и тука треба да се води една поголема сметка, посебно би кажал за РЕК Битола за ремонтите и сите потребни резервни делови за извршување на тие ремонти, затоа што градежната механизација тотално е исфрлена од рудникот Суводол што значи можност за нарушување на геомеханичката стабилност што господинот Лазаров многу добро ја знае и имавме можност и двајцата да видиме како изгледа еден од најголемите одрони во 1995 година. Затоа мислам дека ќе треба да се поведе многу повеќе внимание токму на тие работи и условите за работа со тоа што ја нема оваа механизација условите стануваат потешки за вработените во рудникот Суводол.

ПАНДЕ ЛАЗАРОВ:

Ќе му одговорам само на првиот дел. Погрешно ме разбра. Сите елементи, амортизација, плати се смета на испорачан киловат час, односно

произведен киловат час во РЕК Битола. Како може да не треба БТЛ систем, два, три и т.н., зависи од висинската разлика до јагленот. Меѓутоа, сите елементи се сметаат на произведен киловат час електрична енергија, сите елементи, економски елементи. Ние можеме да имаме десет системи на јеловина, меѓутоа тоа е само трошковната страна на работењето. Уште еднаш кажувам, сите елементи економски се рачунаат на произведениот киловат час електрична енергија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувани пратеници, би сакал да реплицирам на господинот Лазаров во неколку работи.

Прво, заштедите за кои господинот Лазаров говореше дека се направени во последните седум осум месеци, очигледно дека се направени на сосема друг начин, а не со отупуштање на вработените. Значи, јасно е дека до сега не е отпуштен ниту еден вработен, а сепак може да се прават заштеди со сите вработени на број.

Второ, дека бројот на вработени не се определува според институционалната моќност, ниту пак според наплатена електрична енергија, туку според количината на продадената електрична енергија говори извештајот на Маел банк на страна 83 каде е дадена табела на соодносот на бројот на вработени во однос на продадената електрична енергија. Значи ли тоа дека во регионите каде наплатата е скоро никаква треба да се отпуштат сите вработени. Напротив, извештајот на Маел банк дава препорака да се ангажираат дополнителен број на вработени во сегментот на наплатата и намалување на техничките и комерцијалните загуби. Или доколку Република Македонија нема производствен капацитет, а целата потребна електрична енергија се увезува, дека АД Електростопанство на Македонија треба да нема ниту еден вработен.

Трето, се спомена од страна на господинот Лазаров дека во ХЕЦ Свети Петка, инаку тоа е името на новата електрана која се планира да се изгради во многу блиска иднина на реката Треска помеѓу ХЕЦ Козјак и ХЕЦ Матка, имало млади инженери кои не го познавале процесот на производството. Па има ли подобро

место во Електростопанство на Македонија за секој млад инженер да го запознае целокупниот процес на изградба на електрана, учествувајќи од првичните студии и анализи преку изработка на проекти, тендерската постапка, самата изградба, а понатаму со работење во истата електрана.

Четврто, при изградбата на ХЕЦ Козјак за да може господинот Лазаров "да ја венча невестата", се работеше денонокно. За да ја искаже својата благодарност господинот Лазаров на 75 кинески работници им подели по 1000 долари, или вкупно 75 илјади долари. Додека за 26 вработени во Електростопанство на Македонија подружница Козјак исто така им даде награда, отказни решенија.

Петто, по однос на машинските инженери за кои што зборуваше дека немаат место во дирекцијата, јас би поставил контра прашање, што бара таму рударски инженер?

Шесто, на крајот, може ли да се верува на господинот Лазаров на сето она што ни го кажа кога до вчера зборуваше дека струјата нема да поскапи. Па, од 1 јули е веќе поскапена. А слушајќи овде и од сите претходни дискутанти дури има најави за поскапување до 50% до крајот на годината. На крајот на краиштата изнесувајќи ги сите аргументи што господинот Лазаров ги кажа по однос на се она што зборуваше, се поставува прашањето зошто сето ова што овде го кажа, не го кажа на луѓето кои што штрајкуваа, туку ја обвини Владата на Република Македонија за сето тоа дека тоа е политичка одлука, а тој е должен само да спроведува.

ПАНДЕ ЛАЗАРОВ:

Јас не им реков на штрајкувачите дека тоа е одлука на Владата на Република Македонија, туку им објаснив, исто како и вас сега што ви објаснив. Меѓутоа, така беше протолкувано.

Втората работа, во врска со кинезите. Вие знаете дека имаше проблеми со сарсот во Кина. Ние моравме истите луѓе кои работеа таму да ги ангажираме да работат нон стоп. Требаше да дојде екипа од Кина, екипа која практично требаше да учествува во завршните фази за затворање на езерото. Меѓутоа, заради сарсот неможеа да дојдат и ние моравме да ги ангажираме истите луѓе да работат, се со цел да го фатиме водениот бран во оваа година. Ако ние не завршевме со Козјак до оној период кога го запревме, ние практично ја губиме целата година. Практично, во август месец ние знаеме дека дотокот на Треска е практично да не речам нула,

многу малку. И ние практично ќе изгубевме и наредната година околу 9 милиони долари, бидејќи годишната продукција, односно реализација, годишната продукција на Козјак е од прилика 9 милиони долари.

Рече дека имаме заштеди и дека тие се доволни. Ние имаме заштеди, меѓутоа не се доволни за да можеме да го оправдаме тој наш киловат час електрична енергија. Ние не можеме да го оправдаме тоа и ние мораме и имаме интензивна програма да ги намалиме трошоците, затоа што сеуште сме далеку од она што треба да биде нашиот испорачан киловат час, мислам трошковно.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави госпоѓа Весна Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Се јавив само да изјавам не е во ред да се манипулира со податокот кој што го кажав. Јас реков дека може да се случи да поскапи електричната енергија во рок од две, три години од сега, ако не се работи сериозно на смалување на трошоците во врска со производството на електрична енергија. Воопшто тоа не е никаква ни случајно најава за поскапување на електричната енергија до 50%, ниту јас сум во позиција да најавувам поскапување на електричната енергија. Рековме дека од септември ќе биде етаблирана регулаторната комисија за енергија која што ќе биде единствено надлежна да ја одредува цената на енергијата и тоа врз основа на светски установена методологија. Значи, не методологија која што ќе ја измисли нашата Влада, а најмалку нашето Собрание. Значи, методологијата ќе биде поставена, трошоците и цената само ќе бидат калкулирани. Тоа сакав да го кажам. А во спроедба со трошоците на работењето и ефикасноста на работењето на претпријатијата може да се случи да биде многу повисока цената на електричната енергија.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

И Владата на Република Македонија најавуваше и директорот на Електростопанство на Македонија најавуваше дека данокот на додадена вредност директно нема да се одрази на поскапување на цената на електричната енергија, меѓутоа, тоа се случи. Колешке, вие најавивте и кажавте дека можно е, односно сега

го повторивте, да не повторувам и јас. Меѓутоа, се поставува прашањето кој може да верува на она што го зборувате и она што го зборува и директорот на Електростопанство на Македонија, ако ја земеме во предвид изјавата скорешна на заменик министерот за финансии кога кажа дека нивните проценки во Министерството за финансии во почетокот биле едни, но сега испаднале други, но сега е неминовно струјата да поскапи а до крајот на годината можеби ќе има и некои трети пресметки. Така што немаме гаранција за она што го зборувате. Тоа е поентата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Коце Трајановски реплика на дискусијата на Панде Лазаров.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал да реплицирам  по некои наоди кои што ги кажа генералниот директор на АД Електростопанство на РМ. Прво, кажа дека бруто платите се 22% од трошоците, а амортизацијата е 18%, што е катастрофално како може амортизацијата да биде помала од бруто платите. Како прво, не знаеме дали е тоа така. Како второ, ова е неосновано, бидејќи не мора да се направи крута паралела меѓу платите и амортизациите, за што знаеме дека амортизацијата зависи од вредноста од основните средства кои ги има фирмата. Ако имаме консалтинг фирма со голем број невработени и нормално тие имаат мала вредност на основни средства, во тој случај платите не се толку блиски, туку може би 100% се поголеми од амортизацијата. Тоа не е податок, туку напротив треба да се даде споредба меѓу платите и амортизацијата на електростопанствата се слични со слични основни средства, со слична основна дејност. Вака споредуваме баби и жаби. Второ, кажа дека при бодирањето може би има пропусти. Би сакал да му укажал на генералниот директор дека прво се истакнати имињата, па после е настапено бодирањето. Затоа, нема евентуални пропусти, туку системски е тоа направено. Впрочем, има и писмо во кое што се бара од одредени подружници да достават материјална состојба, на пример, еве, од Кратово, испратена на 9.06. под број 03-4373 се известуваат вработените во Електридистрибуција Кратово кои засновале работен однос после 05.11 да достават доказ за материјална состојба во семејството. Јасно е, жигосани

се луѓето во времето на нивното вработување. Воопшто нема основа дека има случајни пропусти.

Трето, побарав состојбата да се сними со моето доаѓање и мислам дека ако сака да се сними состојбата, ќе треба да се сними навистина во таа смисла, а не само да се бараат при снимањето сето она што е примено и вработено после 1.01.1999 година. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Лазаров.

ПАНДЕ ЛАЗАРОВ:

Уште еднаш ќе кажам, ако има пропусти во листите, има судски процеси. Сите ќе се жалат и веројатно судот ќе докаже дека тоа не е така и таа работа ќе се исправи. Така што, немој многу да се секираш за тоа. Ние, практично, одредивме во сите подружници бодирањето да го вршат луѓе кои таму работат. Четворица учествуваа во тоа, непосредниот шеф, раководителот, директорот на подружницата и Синдикатот. Ако тие погрешат, ќе си одговараат пред суд. Нема причина сега ние да се сомневаме во тоа. Штом тој направил грешка ќе одговара пред судот. Немаше некоја Комисија од централата па таа да врши подирање. Севршеше поединечно во секоја подружница со овие елементи. Уште еднаш ќе ги набројам, шефот, раководителот, директорот на подружницата и претставник од Синдикат. Ако не верувате во ова, дојдете проверете ја листата. Едноставно, секој ќе ја добие листата кога ќе го добие решението. Нема причина тука да се плашиме и зошто.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика се јави Илија Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Една кратка реплика на излагањето на генералниот директор г-динот Панде Лазаров во однос на процентот од 22% на учество на бруто лижниот доход во вкупниот промет на ЈП ЕСМ. според оние подтоци со кои располагаме, мислам дека процентот не е тој што генералноит директор го добил од неговите служби или е одено по принцип наплатена реализација односно од неа да се одреди процентот на учество на лижниот доход во вкупниот приход или не е земено предвид последното поскапувње на електричната енергија, која што нормално ќе ја зголеми приходната

страна  во билансот на ЕСМ. Така, овој процент според овие подтоци што јас ги имамам не тврдам дека се најточни, меѓутоа, горе-долу сметамдека се тожни, а изнесува некаде околу 14,1% ако се земе предвид и поскапувањето на струјата од 7% што е сега во сила. Сметам дека тој процент кореспондира и со Европските норми, кои што изнесуваат некаде меѓу 10 и 15% учество на трошоците за бруто лижни доходи во вкупниот промет на компанијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика г-динот Лазаров.

ПАНДЕ ЛАЗАРОВ:

Може да проверите во нашето сметководство односно книговодство, јас незнам колку ќе изнесува 7%, меѓутоа, во досегашните параметри е 22 со 18%.

ЛИЛЈАНАН ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика не се јавува никој.

Одиме со следниот дискутант, а тоа е г-динот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Министерството за економија, почитуван директоре на ЕСМ.

На деншната итно свикана седница на Собранието на Република Македонија на дневен ред е Одлуката за отпуштање на 110 вработени лица, вработени на неопределено време во системот на електростопанство на Република Македонија и тоа согласно елаборатот , кој што веројатно, структурата која што сега раководи со Електростопанство на Република Македонија е изработено за потребата од реорганизација на целиот систем и аналогно на тоа предлог програмата, која што треба да следи како модус  или решение на последните проблеми кои што овој систем го товарат, како и се друго што е во реформска фаза во РМ, а целата држава е во реформи и ЕСМ не е ништо друго, туку еден од подсистемие на државата РМ.

Јас со мојата дискусија ќе се осврнам на три елементи.

Првиот елемент е во каков економски амбиент се случува ова отпуштање на 110 вработени во РМ. За некои методолошки аспекти на реорганизацијата на ЕСМ и

на крај некио алтернативни решенија, кои што сигурно стоеле на располагање на менаџментот на ЕСМ, а веројатно не биле искористени од причини кои што директорот и неговиот раководен тим ги знаат. Најнапред, би рекол, три аксиоми кога е во прашање Електростопанство на РМ.

Прво, ЕСМ стопанисува со имот од државна сопственост. Значи, ако стопанисува со имот од државна сопственост и плус вториот аксиом дека тоа е монопол, а монополската цена не е иста како и пазарнаа цена, впрочем, ние тука се согласивме дека ДДВ како држава со измената од 5% на 18% за електричната енергија 13% ќе паднат на товар наЕСМ, со ветување од актуелната Влада на РМ дека струјата нема да поскапи до крајот на оваа календарска година, кое што ветување се прекрши и струјата поскапува на 7%.

Третиот аксиом е дека директорот г-динот Панде Лазаров за времето на една друга политичка гарнитура си остана во ЕСМ, си беше вработен и имаше увид во целокупното работење на ЕСМ и што е, исто така, аксиом дека тогаш немаше отпуштање на вработени. Напротив, се примаа вработени, а секоја национална економија, како што е македонската, која што од 1.01.2003 година имала 374 илјади невработени лица на Заводот а сега на 31.мај 2003 година согласно изворот телевизија Сител , бројот на невработените 384 илјади невработени, знажи, без да ги отпуштаме овие 110 вработени, зборував генерално, бидејќи ние сме дел од административна компонента на власта, каде што и господинот претставник директор на ЕСМ, како претставник на административната компонента на власта, од целата администрација што е јавен сектор, без разлика дали произведува, пренесува, наплатува електрична енергија, меѓутоа, се е тоа админисрација. Значи, сето тоа во РМ, на пет месеци бројот на невработените, ќе кажам од објективни причини, од прираст од новозавршени со средно образование и други, се зголемил за 10 илјади вработени. Уште ќе кажам дека Република Македонија со она што го има како бруто општествен производ се УШте не го достигнува нивото како Социјалисти;ка Република Македонија пред поделбата од СФРЈ и пред промената на системот од социјалистички во капиталистички продукционен однос.

Трето, ќе кажам, што мораме да го имаме предвид тука дека и во овие изминати осум месеци, на практикување на власта од страна на коалицијата која што сега е на власт со трите партии СДСМ, ЛДП и ДУИ, исто така, не постигнавме значаен пораст на индустриското производство, туку напротив сеуште сме на она

ниво кое што го имаме, како што кажав, затекнато не можеме да го постигнеме ниту нивото на ниско производство, ниту пак бруто општествениот производ од 1990 година. А, ние на граѓаните на Република Македонија им ветивме дека во независна, суверена и самостојна Македонија ќе живеат поубаво, побогато и дека со реформите ние ќе направиме тие да се чувствуват побезбедни, посигурно и да ја сакаат својата држава. Дали сакањето на својата држава се сведува на тоа дека ние, методолошки гледано, кога ќе се соочиме со проблем, од аспект еве да го уважиме тоа дека се работи за превработеност, дали тоа се сведува со надмудрувањето овде во парламентот, дека од техничко технолошки, структурални, економски и реорганизациски аспект ние сме приморани во дадени ситуации кога имаме 384 илјади невработени во РМ, уште 1100 лица да се најдат во Заводот за вработување и без ниту ронка самокркитичност да кажеме дека во таа предлог програма и во тој елаборат не сме ги наброиле, анализирале и испитале другите можности за реорганизација, како во делот на производството, така во делот на преносот, така во делот на трансмисијата, односно наплаата и она што значи вреднување на тој труд што ЕСМ, користејќи ја државната основа го прави. Тоа е ситуација кога треба да кажеме точно во таа програма отворено во кој дел на реорганизација лежи превработеноста и зошто ние мораме да ги отпуштиме тие 1110 вработени. Дали треба да кажеме дека ние во делови од Западна Македонија, не можеме да ја наплатиме електричната енергија. Дали тоа треба да го кажеме јавно дека тој процент е 2, 5 или 11% и дека заради тоа некој што чесно работел таму, мора да си отиде, затоа што ние немаме сила, немаме храброст јавно да кажеме на говорницата на македонскиот Парламент или Владата на прес конференција преку портпаролот или директорот на ЕСМ да каже колку се наплатува електрична енергија во одредени делови на РМ по процент, колкав е во Кавадарци, колкав е во Гостивар, колкав е во Липково, колкав е во Тетово, и тогаш да констатираме дека со наши внатрешни ресурси, ако ние се ангажираме дополнително, може би ни се потребни тие луѓе, да го подигнеме нивото на процент на наплата и тогаш тие 13 милијарди денари реализација, тоа и се наплатува, таа сума на 9 илјади вработени во глобални бројки поделено, испаѓа дека секој вработен, ако го мериме, не спрема инсталирана моќ на капацитетите на ЕСМ, туку според тоа колку реализираме киловат часови во РМ, во денарска противвредност отпаѓа на секој вработен во ЕСМ 1 милион и 500 илјади денари бруто реализација. Толку секој вработен во ЕСМ од

тие 9000 привредува со средства во државна сопственост. Колку е тоа 1 ипол милион денар? Тоа е 25 иљјади ЕВРА. Во тие 1ипол милион денари, за секој врботен поединечно е содржан неговиот бруто личен доход, содржана е амортизацијата за тоа како стопанисува, содржана е каматата на обртниот капитал ако го користи електростопанство, содржани се трошоковните елементи итн. Но, повторно ќе кажам за монополскаста цена владеат други принципи, други каузално причинско последични односи во економијата. Тоа не е пазарна цена. Штом не се утврдува на пазарот, не нуди побарувачка, туку државата ја утврдува и кажува сега ДДВ ќе го зголемите 13% и ќе падне на товар на ЕСМ, ќе зголемиме од 1 јули ќе биде 7% поголемо или ќе биде 7% помало, тоа не е пазарна цена. Зашто, има огромно влијание врз металопреработувачката индустрија, врз текстилната индустрија, има огромно влијание врз прехранбената индустрија, има огромно влијание врз стандардот на населението на РМ. Тука сме за тие 1100 вработени. Јас лично сметам дека ние треба итно да ја прекинеме акцијата на ЕСМ, затоа што нема изнајдено други решенија, освен отпуштање или тука треба да ги продискутираме кои се тие други решенија, да ја прекинеме таа акција и тие 1100 вработени, кои на крајот ќе добијат отказни решенија, тоа да се прекине. Значи, тоа е нехуман начин на однос кон државата од едно јавно претпријатие, во кое што сегашниот директор, исто така, можел да биде отпуштен во 1999 година, но си остана на своето работно мето, многу лагодно и така треба да биде во една добро уредена држава, каде што луѓето не треба да се ценат во која политичка партија припаѓаат туку по тоа кој колку придонел за развојот на тоа електростопанство или кои се неговите перспективни можностии како млад, надежен или средновечен кадар во тоа претпријатие да работи. Знажи, и тогаш можело да има отпуштање, но не биле отпуштени тие личности, и други инжењери и раководители на погони и на проекти и на подружници, си останале на работа и тоа така е добро. Ако државата во услови на една нормална вработеност, која што се движи во процент од 40, не може да најде сила да се справи со 1100 врботени кои што ги отпуштаме сега, тогаш ние треба добро да се запрашаме во кој сектор ние ќе ја регулираме вработеноста, ако не во јавниот сектор. Познати се Марксовите теории, познати се теориите на Рузвелт, познати се за тоа како оди развојот на посвоена Германија, како оди развојот на Франција со Митеран или развојот на франција со Жискар Де Стен. Јасни се работите од економски аспект. Тоа претпријатие не е приватно претпријатие. Тоа

утре со реформата може да биде по основ на капиталот, претпријатие на ЕСМ или на Унгарското електростопанството или на Француското електростопанство, но сега е тоа претпријатие со кое што стопанисува државата РМ. Кои се главните ресурси на заштеда, според мене, не да се отпуштаат, туку ќе кажам како актуелен пратеник во парламентот на РМ, каде што мојот личен доход без паушал изнесува 24 илјади денари. Колку изнесува личниот доход на директорот на ЕСМ. Дали ние имаме средно просечно профитна норма, средно пресечување на коефициентите за Владата, Парламентот и јавните претпријатија. Зошто, ако Владата ја одредува цената на струјата, може да дозволиме еден инжењер со просечен стаж од 20 години, а добро работно место, да има плата колку министер во Владата на РМ. По која логика платата на директорот на Електростопанство може да биде дупло поголема од платата на министерот за економија на РМ. Нели тука треба да ги бараме заштедите. Нели треба да направиме коефициент или пак директорот на ЕСМ да има коефициент поголем од премиерот на РМ. Тука имаме нелогичности. ако се сведиме на тоа дека на 13 милијарди денари реализација, платниот фонд од прилика учествува некаде околу 3 милијарди, во тие 3 милијарди можат да се направат многу убави поместувања. Така, директорот да се сведе на плата на премиерот на РМ, ако не и помалку, па вработените да се сведат на плата на она што претставува министри, па други директори во рамките на Секторот, еве ќе кажам за земјоделие, директор на заштита, кој што зема 16 илјади денари плата, па агроном магистер го спомнав Ристе Јановски, заменик директор кој што зема 12 илјади денари плата во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со 33 години стаж и тогаш ќе видите дека ќе останат не 315, туку над 600-тини милиони денари заштеда, ако ги упросечиме коефициентите во ЕСМ на коефициентите на тоа што значи Влада, парламент и други Јавни претпријатија, кои што ги почитуваат тие коефициенти. Зошто тука не ја бараме заштедата? Зошто не се погледнеме во очи и да кажеме директорот од аспект на хуманостод аспект на она што значи економска логика, се постави во функција кој е неговиот коефициент и учинок во стопанисувањето и да земат дупло плата од премиерот на РМ. Зошто тој не даде личен придонес во таа реорганизација, платните коефициенти да ги сведиме еднаш, а како држава, затоа што сите ја претставуваме државата, тие ја претставуваат подолго време во јавните претпријатија, можеби 15, 20 или 30 години

и ние ја претставуваме четири години некои 8, некои 12 и тука некаде е крајот на нашето претставување на државните интереси.

Да ги сведеме сите на средно упросечени коефициенти за одредена професија, за одреден степен на образование и за одредена тежина на работно место.

Тоа го зборуваше и Владата на Кљусев и Владата на господинот Црвенковски во друга политичка Влада и Владата на господинот Георгиевски и сега имаме политичка Влада на господинот Црвенковски и не успеавме тоа да го направиме така како што прави една современа европска држава. Секогаш има различности, имаме волонтаризам, имаме паушална оценка и сега добро ни е, ќе се ги задржиме нашите 50 илјади денари личен доход како директор, или како директор на хидроцентрала, или термоцентрала, 35 или 30 илјади денари и ќе кажеме дека некој човек со завршен Електро факултет кој што е примен случајно можеби човекот не е ни припадник на политичка партија, случајно е пример во времето на политичката гарнитура на ВМРО-ДПМНЕ и сега треба да биде отпуштен, а во меѓувреме не кажуваме колку сме примиле од 1.11.2002 до 31.05.2003 година. Колку луѓе сме примиле во друга политичка гарнитура. Луѓето треба да останат да работа, не велам да се отпуштат, но колку сме примиле. Дали сме примиле 500, 600, 300. Сигурно сме примиле луѓе. Тие биле потребни, како што бил потребен и г. Панде Лазаров да остане на работното место советник, или не знам кое работно место го имаше 4 години во времето на политичката гарнитура на друга коалициона Влада. Значи, едноставно немаме самокритичност. Едноставно бркаме 1100 луѓе, нашата одговорност не постои, тоа е единствениот лек, ќе ги отпуштиме, ќе заштедиме 311 милиони. Во тоа се состои рационализацијата.

Не, почитувани дами и господа пратеници, реорганизацијата се состои во нови организациони целини во ЕСМ, во нов приод, во нови видови на енергија, во нов пристап кон реализација на гасна турбина преку ЕСМ дали со сирмиус дали со ЕДВ да може да се направи, да произведуваме и топлинска енергија преку ЕСМ и да продаваме и да произведуваме електрична енергија и да извезуваме. Тоа се состои во нов инвестиционен циклус да го направиме 700 коловолтниот далекувод Неготино - Црвена Могила и Битола, со градот во Албанија проект на Светската банка. Во нов инвестиционен циклус да се доврши Козјак. Таму ќе треба тие работници. Можеме да ги распоредиме во нови друштва со ограничена одговорност, во некои

несуштински дејности, дали се тоа хотелски смештаи, дали се тоа претпријатија кои што копаат канали за електрични водови, а можеме тоа да го направиме од тој вишок на вработени и пак тие луѓе да привредуваат во еден друг комерцијален однос со Електростопанство на Република Македонија. Не едноставно вие сте тука примени така како што сметаме дека сте примени и треба да си одите. Значи, едноставно не се користи функционалната димензија на реорганизацијата. Се користи политичката димензија на реорганизацијата. Функционалната димензија се поставува така како што сегашниот директор бил заштитен во друга политичка гарнитура тој лично да ги штити сега тие што биле примени во таа политичка гарнитура и новите кои што ќе ги вработат. И некој друг утре кога ќе дојде како Влада исто така треба да биде одговорен инаку треба да донесеме заклучок во Собранието, методологија дека давање мораториум, ние ја образуваме Владата да пропише мораториум дека нема нови вработувања во ЕСМ. Ако е тоа единствен критериум реорганизацијата да почива само на превработеност. Тогаш не треба ниеден да вработуваме, а каде ќе одат нашите деца, синови, ќерки. Каде ќе се вработуваат. Ако имаме ние сега да живее по кредитната линија на мали и средни претпријатија и веднаш тој човек да може да се упати со препорака дека може да подигне 20 илјади евра, 30 илјади евра нешто да отвори, да постои НЕПА, НЕПА се укина, не постои банка за микрокредитирање. Ниту еден кредит не е одобрен, ниту едно мало претпријатие не е профункционирано, ниту еден извоз не е поддржан, а извозот ни опаѓа. Тогаш ни отпаѓа. Тогаш 1100 души ќе отпуштиме, 500 ќе ги упатиме да работат во мали бизниси, преработувачки капацитети кои што ќе извезуваат, па ќе бидат поддржувани, ослободени од данок 5 години, ќе имаат каматна стапка 3%, ќе земат кредит од ИФАТ ако се земјоделци или фармери. Тогаш да, тогаш ќе зборуваме функционално и во предлогот на програмата ќе стои тој дел. Или ќе стои децата ќе бидат доостручени или преквалифицирани. Од економиста Марјан Ѓорчев ќе го направиме сега да биде алатничар или не знам што друго ќе работи во електро смер, со курс од 6 месеци, за да не го изгуби работното место, ако е согласен тоа да го направи. Дури ни таа форма на преквалификација и доостручување, што е еден од проектите на Светска банка не е искористена во случајот со Електростопанство на Македонија. Едноставно, методолошки погледнато чисто квантитативна реорганизација. Од 9100 ќе ги намалиме на 8000 илјади и тоа е решението за сите проблеми во Електростопанство на Република Македонија. Не е тоа решението.

Истите проблеми ќе останат. Пак ќе остане проблемот како ќе ја наплатиме ние електричната енергија во Липково, пак ќе остане проблемот како ќе се справиме со инвестиционите активности во Македонија. Факт е, не е тоа критика на Владата, едноставно инвестиционата активност запре. Од икс причини, има сега објаснување претходната Влада правеше тоа и тоа, ние сега тоа ќе го анализираме, меѓутоа концептот е штедење. Тоа повеќе наликува на амбиентот од 80-те години. Јас се сеќавам тогаш умре Јосип Броз Тито, па дојдоа Ѓурановиќ, па Планинц, па штедеа, штедеа и јас на 23 години сум во еден амбиент на штедење. Не отидовме напред ништо, технолошки останавме на нивото од 75 година како технологија и Електростопанство е таму. Не е многу напреднато. Во хидроелектраните само некои мали реконструкции да, Лисиче го правиме 20 години, Козјак не знам колку години го правиме и не знам кога ќе го направиме, значи ние едноставно во тој инвестиционен циклус сме бавни. Тука нема прогрес. Злетовица не можеме да ја правиме, имало корупција во Јавното претпријатие Злетовица, Маркова река не можеме да дадеме пари од Телеком, како ние ќе одиме напред. Каде ќе се вработуваат нашите деца. Сега се 384 илјади до крајот на годината ќе бидат 400 илјади по таа прогресија. И уште треба да отпуштаме сега, еве во здравството, бидејќи и таму било превработено, па ќе отпуштиме од ПУИГ, па ќе отпуштиме од други претпријатија и во тој амбиент како ние ќе одиме напред како држава. Дури не е објективно моето искажување, не е ни критично, едноставно објективен пресек на ситуацијата.

Затоа предлагам ако веќе не ја прекинеме акцијата, а предлагам да смогнеме сили да ја прекинеме оваа акција, добро е да Владата, за актуелната Влада е добро, ќе добие поени, затоа што од големото око на народот никој не може да избега. СДСМ изгуби 1998 година затоа што не ја почитуваше волјата на народот. ВМРО-ДПМНЕ изгуби затоа што повторно не ја почитуваше волјата на народот. Народот се гледа. Не гледа како дискутираме тука и ќе не казни. Не казни нас 2002 година, си изгубивме ние. Правевме грешки изгубивме. Не ги повторувајте истите грешки. Зошто ги повторувате истите грешки сега. Отпуштате од работа 1100 вработени, зошто намалете ги платите во ЕСМ. Намалети ги платите ќе имате 600 милиони заштеда и плус кај вработените, еве и кај политичко вработените, меѓутоа вие ќе имате усогласени плати со Парламентот и со Владата на Република Македонија. Зошто отпуштате вработени, намалете си ја вашата плата господине

директоре, простете вака што од говорница, но тоа е мојот апел до вас како директор, во реорганизацијат. Сведете се на министерот за економија.

На крај за можните аспекти на решение. Ако навистина сакаме и му пожелувам на директорот се најдобро во реорганизацијата тогаш уште еднаш да потврдиме улогата на синдикатот во тие решенија. Синдикатот дефинитивно стана дел од партиите во Република Македонија. Дури претседателот на синдикатот искажа амбиции во учество на политичката борба со претпартиската пресметка на парламентарните избори кога синдикатот влезе со програм да цени која партија најмногу ќе понуди во економијата, па тие затоа ќе го повикаат своето членство да гласа таму. Тој е грански синдикат во ЕСМ. Тоа се случи во РЕК Битола каде што гранскиот синдикат се формира на база од долу па нагоре. Ако решат во РЕК Битола дел од гранката дека нема да членуваат заедно во Сојузот на синдикатите на Република Македонија тие ќе си изберат лидер на синдикалната организација како што тие сакаат и тогаш тие ќе кажат на раководството на РЕК Битола, бидејќи пак тоа претпријатие е од државен интерес, господинот Андонов одеше таму за косиот мост, тогаш имаше многу големи акции, ситурно г. Лазаров го памти тоа како беше штрајкот и рушењето на косиот мост во РЕК Битола, ние не треба такви работи да допуштиме, туку треба да дозволиме синдикалната волја да биде изразена, а тука не беше изразена. Лесно ни е да се покриеме со претседателот на ССМ, или зад гранскиот синдикат, но ние овде не направивме максимален социјален разговор, социјален разговор со вработените во Електростопанство на Македонија. Зошто не направивме?

Затоа што сигурен сум, сигурен сум, јас сум вработен со работна акција 1981 година. Со работна акција, каде што во еднопартиски систем не гледаше никој дека не сум бил жлен КПМ. Ме вработија и јас сум благодарен на државата Република Македонија и цело време ќе бидам благодарен. Господинот Перчуклиевски ме повика на разговор, 120 душе не вработи, кој во Прогрес, кој во Електростопанство, мене ме вработија во Стопанска основна банка Скопје со работна акција. Сега сме плуарализам и не можеме да го постигнеме тоа време, тој хуманизам на вработување. Тој хуманизам не можеме да го постигнеме, тоа е вистината. Ние треба да го постигнеме нажинот на решавање на проблемите, ...

(Реакција на некои пратеници од место)

... можете да се смеете г. Черепналковски, но вие бевте и во другата политичка Влада виден член во Министерството за економија за решавање на проблемите, мислам заедно со мене на многу разговори во Женева, во Брисел. Не е работата за смеење. Работата е трагична. Вие отпуштате вработени. Вие отпуштате вработени и за тоа народот ќе ве казни. Јас ви предлагам решение да не ве казни народот. Да ги вратите на работа луѓето, да си ги смалите платите, да обезбедите од тие пари докуп на стаж од 3-5 години, затоа што секој што има мали деца во Република Македонија знае што е најголем проблем - вработеноста и секој ќе сака да му докупи стаж, да оди во пензија, да остави простор за младите поколенија зад нас.

Тоа е мојот предлог, да се направи пресметка колку луѓе има од 3-5 години да им се докупи стаж за да одат во пензија и

Второ да се направи нивелирање на платите на Јавното претпријатие во ЕСМ со Владата и Парламентот на Република Македонија.

Мислам дека тука лежи решението и ќе се спасиме од она што се вели гнев на народот, а уште еднаш на крај ќе повторам од големото око на народот никој не може да избега.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Цветле Јаневска.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Почитувана госпоѓо потпретседател, почитувани претставници на Електростопанство на Македонија, колеги пратеници,

Се јавувам за дискусија по за сите нас, убедена сум, денешната тешка тема, единствената точка на дневен ред - Информација за состојбите во АД Електростопанство на Македонија и веднаш да го искажам моето несогласување со вториот дел од точката - селективната примена во процесот на реформите со отпуштањето на вработените.

Во исто време сакам да дадам поддршка на поставувањето на дневен ред на оваа точка.

Доаѓам од град каде егзистираат две подружници од ЕСМ (ХЕЦ Глобочица и Електродистрибуција Струга, а во непосредно соседство е и Електродистрибуција Охрид).

Морам да признам дека настапувам со едно чувство на оптовареност и со сиот почит кон оние 1100 работници кои ќе се најдат надвор од Електростопанство. Свесна сум дека очите на сите нив се вперени во нас очекувајќи дека нашата одлука позитивно да повлијае врз нивниот живот и егзистенција.

Секако дека ние треба да придонесуваме за разрешување на ваквите состојби како претставници на интересите на граѓаните, но во исто време обврзани сме да ги штитиме и државните интереси, а и вистината за ваквите состојби. Едно треба да ни биде јасно. Милост и селективна примена на реформите се најголемите кочници во севкупниот развој на секоја една демократска земја, па и на нашата. Бројките и фактите се неумоливи во отсликувањето на состојбите.

Најнапред сакам да се произнесам по информацијата. Таа е претенциозна и далеку од реална, а уште помалку дека носи позитивна порака и нуди комплексно решение.

Никако не можам да се согласам со тоа дека претходната Влада со нејзиното доаѓање на власт 1998 година ги започна најголемите реформи во државата во сите нејзини сегменти, а најмалку дека тие реформи засновани на здрави, економски, социјални и политички основи. Судбината на овие 1100 луѓе кои треба да останат на улица ја репродуцираше токму таа Влада. Се поставува прашање како? Со несоодветното и половично решавање на нивниот статус на вработување. Со времени, а не правилни и трајни решенија согласно постојните законски прописи за засновање работен однос. Со себично манипулирање на нивните човечки судбини го купуваа социјалниот мир а не создавајќи темелни услови за нормален живот за нив и за нивните деца.

Јас нема да се впуштам во толкување на формално - правната постапка околу отпуштањето од работа од ЕСМ. Напротив ќе се задржам на постапката околу вработувањето што значи на првичниот процес за кој тврдам ако не се случеше така како што се случи ќе го немаше и овој последователен процес.

Пред се, лицемерно е од изготвувачите на Информацијата за квалификацијата што ја даваат за селективен пристап на реформите започнати во ЕСМ кога таквиот пристап беше присутен при вработувањата 1999 до 2002 година.

Ако правната постапка важи при прогласувањето за технолошки вишок во ЕСМ, истото требаше да се примени и во организациите од каде се превземаа вработените. Впрочем и целата информација можеби и најсоодветно би ја прикажала таа применета постапка вака составена ако се заменат само носителите на таквите дејанија во тоа време, оние кои се сега во улога на напаѓачи во тоа време беа сторители и учесници во неправилностите.

Од сознанијата во ХЕЦ Глобочица и од Електродистрибуција Струга, заеднички е ставот  дека решенијата се правени во периодот од 1999 до 2002 година, се непродуктивни, со други зборови непотребни, неангажирани во Глобочица во овој период се вработени 54 односно процентот на нововработени е зголемен за 37% во однос на 1998 година а во Електродистрибуција Струга во истиот период 51 и процент на зголемување од 48,5%.

Во Електродистрибуција Охрид во овој период се вработени дури 89. Ќе се послужам со истата констатација од информацијата, во овој период не се случија никакви поголеми инвестициони вложувања во изградба на електродистрибутивни капацитети или пораст на произведени киловат часови, или пак поголемо превземање и дистрибуирано количество на електрична енергија. Напротив ќе го поткрепам ова најдобро на примерот на Електродистрибуција Струга од каде и потекнувам.

Електродистрибуција Струга покрај својата основна дејност, преземање и дистрибуција на електрична енергија до крајните потрошувачи се занимаваше и со споредна дејност односно во најголемиот дел на изградба на сите станбени, туристички објекти ги изведуваше сите електроинсталатерски работи. Ги проектираше и градеше сите свој електро дистрибутивни капацитети, трафостаници, далекуводи и ниско напонски електрични мрежи.

Споредната дејност во вкупниот приход учествуваше дури со 70%. Во 1995 година, согласно реформите во Електростопанство на Македонија, беше укината оваа спроедна дејност и следствено на тоа процесот на нови вработувања беше запрен и забранет. Во 1998 година по направените намалувања на вработените од 1995 година бројот на вработените изнесуваше 95. Согласно европските нормативи по бројот на дистрибутивни трафостаници на конзумно подрачје по должината на 10-киловолтните електрични мрежи, ниско напонски

електрични мрежи и по преземената електрична енергија требаше да се сведеме дури на 80 од 95.

Наспроти ова во 1999 година направени се 5 нови вработувања, во 2000-та 3, во 2001 дури 24, а во 2002-та 19 вработувања. Ваквата бројка од нови 51 вработени за овој период, не може да се оправда со никакви реални потреби. Физичките величини, изградени електрични мрежи 1999 - 2002 година бележат пораст само од 1%. Бројот на изградени дистрибутивни трафостаници 1,5% и ова не се параметри кои можат да наметнат пторебa од зголемен број на извршители за нивно одржување.

Исто така, преземената електрична енергија од единствениот електро-енергетски систем од 122 милиони киловат часови во 1998 година нарасна на само 141 милион сса/квтч што претставува процент од само 14% наспроти процентот на нови вработувања од 48,5%. Исто така не е зголемен бројот на активните броила, тоа е една константна бројка во овој период од 14,400 илјади, таа е непроменета. Регистрираните нови потрошувачи грубо по 250 броила годишно тоа се претежно викенд станови, викенд куќи што би рекле повремени потрошувачи.

Исто така во 1998 година како претпријатие бевме во горниот дел секогаш на листата на подружниците за високо ниво на наплата на електрична енергија. Со новите вработувања не се подобри процентот на наплата, да бидам реална, не е само одраз на вработувањата кои требаше да ги поспешат, туку и други реални осиромашувања на граѓаните.

Посебна приказна е структурата на вработените како што се: вработени со угостителско трет степен, шести степен земјоделска школа, хемиско - технолошки техничари, електро механичари, средности со градежен смер, шумарски техничар, машинобравари, гимназијалци. Вработени се, за волја на вистината и пет електро инженери од кои двајца со електроенергетска насока соодветна за електродистрибуцијата. Не е точно дека тие се распоредени на слободни работни места во систематизацијата затоа што таа не предвидуваше вакви кадри и со вакви образованија. Истата систематизација имаше слободни само 14 места од кои три години не се пополнуваа заради водење сметка од рационализација. Систематизацијата во овој случај по потреба се проширувaше, се растегнуваше, се измислуваа нови работни места, а се вреднуваа со коефициенти исти дури и поголеми од оние со соодветно образование и долгогодишно искуство во струката

кои го носеа товарот на специјалните работи и работни задачи. Среќа имаа да не настрадаат тие што преку ноќ стекнуваа дипломи со завршен трет степен електромеханичари, а работеа на работи и работни задачи електро монтери прва група или самостојни електро монтери. Имавме случај на примена жена за општ работник, а потоа распоредена архивар. Поставен електроинженер со степен со ниту еден ден работно искуство на место раководител на елетроинсталатерски работи кои веќе не се одвиваат во претпријатието каде услов беше најмалку две години работно искуство. Машин брават во ХЕЦ Глобочица наместо келнер и други несоодветни распоредувања. Начинот на нивното примање е општо позната вистина и најбитната работа не беа подвргнувани на претходни здравствени прегледи работниците кои вршат определена работа со зголемена опасност со повреди и заболувања, како што е тоа работа на височина и работа под напон. Имавме случај на повреда од електрична струја, но за среќа се заврши без последици.

Ваквата преврработеност се одрази и на зголемувањето и на трошоците на подружницата. Само еден податок нето платниот фонд од 13 милиони во 1998 година зголемен е на 21 милион, што претставува процент од 61,17%. Претпријатието во 2002 година искажа загуба од 11 милиони денари наспроти добивката на тоа претпријатие од 8,944.. илјади денари во 1998 година. Како резултат на зголемување на платниот фонд и останатите трошоци останувашe мал простор за развој на инвестиционите вложувања. Затоа вулгаризирање е да се манипулира со податокот дека електростопанството со својата позитивна нула може да издржи преврработеност и да не се создаваат нови рационализации.

Сега, збор - два и за бодирањата, како основа за правење на списоците за отпуштање од работа. Тие се вршени од комисии составени од непосредни раководители, се разбира, се со различни политички партиски убедувања. Целата таа процедура беше надгледувана од претставник на Синдикатот, а истата беше вршена согласно критериумите од Колективниот договор. Беа бодирани во Електродистрибуција - Струга 120 вработени, од вкупно 141. Не е точна констатацијата дека има субјективни критериуми. Единствено можам да се согласам дека има привидна субјективност во точка А, тука е листата по која се вршени бодирањата, каде е вреднување според критериум на успешност на работењето на работникот кое опфаќа вреднување според квалитет и квантитет на работите и рационално и економично користење на средства за работа и работно време.

Од евиденцијата на листите одговорно тврдам дека по однос на овие критериуми сите работници имаат добиено вкупно вреднување 85 бода, затоа што ниту еден раководител од трите критериуми работникот постигнува натпросечен квалитет, работникот постигнува просечен и работникот постигнува под просечен квалитет и работа, не одеа на крајните истанци, туку со 45 бода. Останатите критериуми се строго применувани согласно договорот.

Моја забелешка е дека беа фаворизирани новодојдените вработени, а ќе кажам и зошто. Во точката Б, вреднување според работен стаж на работникот и Г, вреднување според работно искуство на работникот се поситоветени тие два критериуми и со работно искуство од 0 - 10 години е дадено 4 бода. Замислете работно искуство од 10 години и оној што сега дошол добива ист број на бодови.

И на крајот, како залучок и со направените штети од превработувањата направени без никаква економска и технички - технолошка оправданост, сакам да ја искажам вербата во капацитетот на раководниот тип на Електростопанство на Македонија дека ќе ги спроведе реформите, а мора да се спроведат, затоа што алтернатива нема.

Нај на крај овој раководен тим има слух за хуманост во постапката, изземена е од списокот на отпуштања во ХЕЦ Глобочица мајката на четворката од селото Вевчани која нема ни еден работен ден во подружница Глобочица, но прима редовно надоместок и тоа ќе продолжи така, тоа е во ред, а ќе признаеме е и доблесен потег.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Наредниот дискутант е господинот Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитувана госпоѓо потпретседателке на Собранието на Република Македонија, почитувани колеги пратеници,

Денес на денешната седница пред пратениците на Собранието на Република Македонија имаме една многу значајна, т.е. битна точка на дневен ред и тоа за значителен број на граѓани на Република Македонија, точка за која баравме поради нејзината есенцијалност да биде ставена на една од претходните седници,

но, за жал, не наидовме на разбирање и беше одбиена од страна на парламентарното мнозинство, а тоа е точката “Состојбите во АД Електростопанство на Македонија и селективната примена на правото во процесот на реформите за отпуштање на вработените”.

Лично сметам дека беше ред и време конечно да се стави цитираната точка како посебна точка на дневен ред, точка која по многу нешта, а особено според структурата на одлуките и решенијата во неа ја прави контраверзна и која предизвикува бура од негодување како кај голем број од вработените во Електростопанство на Македонија, така и кај дел на граѓаните на Република Македонија, затоа што, како што пред малку реков, со решенијата кои се вградени во донесената одлука од страна на управувачките стдруктури на Електростопанство на Македонија длабоко навлегува и удрија со сета своја жестина на она што значи социјална сигурност на голем број на семејства во Република Македонија создавајќи на тој начин нова армија на невработени и социјално загрозени и зголемувајќи ја при тоа бедата и сиромаштијата кај ова население.

Се поставува прашањето за што всушност се работи, т.е. каква е таа одлука донесена од управувачките структури на Електростопанство на Македонија почнувајќи од генералниот директор, преку Управниот одбор, до она што значи организација на работниците која наводно ги штити правата на работниците, т.е. синдикалната организација која останува да веруваме дека веќе нема ништо заедничко со Синдикатот и синдикалните права на вработените во Електростопанство на Македонија, или едноставно таа е под толку силна пресија или притисок на гарнитурата на власт во Електростопанство на Македонија, па не може да ги обавува работите што се негова ингеренција, односно не смее да се става на страната на оние од кои произлегува и за кои всушност постои, а тоа се работниците. Ова го велам од причини затоа што беше лиферувана една абнормална изјава од страна на Синдикалното раководство на Електростопанство на Македонија дека е во согласност и во потполност ги прифаќа одлуките на раководните структури на Електростопанство на Македонија со кои ги прифаќаат реформите во Електростопанство на Македонија, а со тоа и отстранувањето од работа на вкупно 2500 вработени во Електростопанство на Македонија, а на самиот почеток 1100 вработени.

Сакам да потенцирам дека ваквиот став и ваквата одлука на самостојниот Синдикат, т.е. на синдикалното раководство на Електростопанство на Македонија не ме зачудува, затоа што беше извршен упад во синдикалната организација, беа променети раководните структури, донесени се свои луѓе и затоа во потполност без резерви ги прифаќаат и одобруваат одлуките на генералниот директор и на Управниот одбор, а убеден сум дека ставовите и мислењата на синдикалните организации на ниво на Електростопанство на Македонија не коренспондираат со ставовите на носителите на раководните функции во Синдикатот на Електростопанство на Македонија, т.е. по подружниците.

Во овој случај се работи за одлука која всушност структурите на Електростопанството на Македонија потпомогнати од Владата на Република Македонија ќе спроведуваат наводно реформи во Електростопанство на Македонија со кои фактички во првиот налет би биле отпуштени 1100 вработени, за да конечната бројка изнесува 2500 работници. Во овој момент би сакал да отсетам дека со вака донесената одлука со нејзината целокупна содржина и со понудените, т.е. вградените решенија во неа не коренспондираат со две работи, т.е. со две политички определеби на СДСМ.

Првата работа е така да кажам колективната предизборна хипноза, т.е. фарса, со која на македонскиот народ му беше ветено вработување по еден член од секое семејство и тоа од страна на претседателот на СДСМ, сега премиер на Владата на Република Македонија господинот Бранко Црвенковски.

Втората работа со која нема ништо заедничко оваа одлука тоа е Бранковиот закон кој исто така ветуваше вработување на сса 20.000 вработени. Навистина, тука можам да потврдам дека СДСМ со коалициониот партнер останаа доследни и навистина вработија по еден член од семејството, но не во претпријатијата, туку во Бирото односно она што значи Завод за вработување.

Познато е по промената на власта во Република Македонија и настанатите кадровски измени, т.е. со доаѓањето на господинот Панде Лазаров за генерален директор на Електростопанство на Македонија веднаш најави некакви реформи иако тоа е во надлежност на Управниот одбор согласно членот 190 од Колективниот договор на Електростопанство на Македонија, т.е. донесе одлука за наводни поголеми промени во производството, програмата, реорганизацијата, структурите, технологијата, а кое нешто нужно предизвикува намалување на бројот

на вработените. За нас, морам да признам, а тоа е факт, таквата одлука личеше едноставно на “операција метла” за сите оние кои беа вработени во Електростопанство на Македонија и неговите подружници во периодот од 1999 - 2002 година. Имено, генералниот директор на самиот почеток без при тоа да има целосен увид во целокупната ситуација на Електростопанство на Македонија веднаш прогласи некаков реформрски курс дека има вишок вработени најавувајќи дека при тоа ќе биде изготвена програма со определени критериуми со помош на кои ќе се врши рангирање и прогласување на дел од вработените на Електростопанство на Македонија за технолошки вишок.

Но, како и да е, ваквата одлука донесена од страна на структурите на Електростопанство на Македонија е длабоко неправедна, дискутабилна во повеќе нејзини аспекти предизвикувајќи при тоа бес кај поголемиот дел од вработените во Електростопанство на Македонија, па и кај дел на граѓаните на Република Македонија доведвуајќи ја при тоа во прашање нејзината целисходност и законитост.

Во што се состои неправедноста, дискутабилноста, нецелисходноста и воопшто противзаконитоста на оваа одлука? Пред се, имајќи го во предвид престанокот на работниот однос со отказ заради економски, технолошки, структурални и слични промени согласно одредбите од член 190 до 212 од Колективниот договор на Електростопанство на Македонија може да се забележи следното:

За престанок на работниот однос на работниците по основ на технолошки вишок потребно е согласно членот 190 од Законот за Колективниот договор, Одлука на Управниот одбор за воведување на поголеми промени во производството, а за такви поголеми промени во производството ниту сме слушнале, ниту станало збор, а тоа не може да се види ниту од Одлуката за реформите во Електростопанство на Македонија, напротив, ако зборуваме за промени на производството, актуелно е пред се пуштањето во погон на ХЕЦ Козјак каде веројатно ќе треба ангажирање на нова работна сила, а не редукција.

Апсолутно не можеме да забележиме промени во структурата и технологијата на производството, значи, едноставно одлуката за реформи во Електростопанство на Македонија, а со тоа и одлуките за престанок на работниот однос на 110 вработени поради технолошки вишок, не може да биде мотивирана согласно одредбите на Колективниот договор за престанок на работниот однос

заради економски, технолошки, стдруктурални промени, но мотивацијата сосема е друга, т.е. политички мотивирана да се избркаат од работа сите оние чија единствена вина е што се вработени во периодот од 1999 до 2002 година, т.е. во периодот на владеењето на гарнитурата на ВМРО-ДПМНЕ.

Понатаму, постапкат, според Колективниот договор предвидува по донесувањето на одлуката од Управниот одбор за поголеми промени во производството, генералниот директор за изготви елеборат т.е. анализи и истиот да се достави до Синдикатот кој треба да даде свое мислење.

Елаборатот треба да ги содржи причините поради кои настанале економските, технолошките и структуралните и слични промени поради кои дошло фактички до престанок за потребата од работа на вработените.

Во овој момент морам да кажам дека апсолутно нема ниту една промена која би одела во тој правец, т.е. би ја предизвикало потребата од намалувањето на бројот на работниците, а за улогата на Синдикатот нема воопшто да зборувам, ако се има во предвид неговата поврзаност со структурите на Електростопанство на Македонија, начинот на нивниот избор, како и фактот дека изборот на раководните структури на Синдикатот треба да си добие и судска разврска.

Врз основа на Елаборатот, се изготвува програма во која што се предвидени сите битни моменти за потребата од воведување на промени, намалување на бројот на вработените. Битно е да се спомне членот 193 став 3 точка 5 од Колективниот договор на ЕСМ во кој што се наведени начините за решавање на правата на работниците за чија работа престанала потребата, а имено, можноста вработување кај друг работодавец, согласно стручните квалификации на работникот, можноста за реализација на посебни програми, ограничување на можноста за нови вработувања, внатрешни прераспоредувања, ограничување на прекувремена работа, преквалификација, доквалификација и тн. и тн.

Значи, тоа се патиштата и можностите што треба да се имаат предвид пред да се донесе одлука за престанок на работниот однос на вработените поради технолошки вишок. Тоа, во ЕСМ, генералниот директор, Управниот одбор го немаат направено и затоа сметам дека од формално правна природа и формално правен аспект ваквата одлука на структурите на ЕСМ е противзаконита и спротивна на одредбите на Колективниот договор на ЕСМ.

Исто така, сакам да напомнам дека при рангирањето на работниците поединечно, а кои треба да се прогласат за технолошки вишок, во Колективниот договор се наброени девет критериуми што не се земени предвид при донесување на Одлуката за прогласување на технолошки вишок на дел од вработените од ЕСМ, туку селективно се применува правото само за вработените во периодот од 1999 до септември 2002 година. Исто така, почитувани колеги пратеници, не можам да се согласам дека еден од мотивите за донесување на Одлуката за отпуштање од работа и прогласување на дел од вработените во ЕСМ за технолошки вишок е финансиската состојба во ЕСМ. Ако се има предвид дека до сега АД ЕСМ по завршните сметки нема искажано загуби, значи, мотив за намалување на бројот на вработените не е финансиската состојба, туку е во прашање нешто сосема друго. Дури, ако сакаме да ја подобриме состојбата во ЕСМ, има други можности и механизми од различен тип. Пред се, општо е познато дека личните доходи во ЕСМ се прилично високи, па една од можностите за подобрување на финансиската состојба е намалување на личните доходи, барем за 10%, потоа, давање можност за одење во пензија на вработените со 2-3 до 5 години до пензионирање и тн. и тн.

Со тоа и таквиот начин на постапување имаме можност да го подмладиме ЕСМ, да ја релаксираме состојбата во ЕСМ со млади, не ризикувајќи при тоа ескалација на немири и нови социјални бранови.

Значи, ова сето погоре речено, со целокупно изнесената аргументација, лично сметам дека мотивите за донесување на ваквите одлуки ниту од далеку можат да бидат реформите и реформскиот курс на актуелното раководство, туку тие се од сосема друга природа или, поточно кажано претставува пресметување со сите вработени кои нашле работа во текот на 1999 до 2002 година и веројатно отворање работни места за други, на кои веројатно им е ветено од страна на актуелната власт. Јас, навистина ќе верувам во искреноста на заложбата за реформи во ЕСМ од страна на генералниот директор, на господинот Панде Лазаров, доколку и самиот даде сопствен личен пример и самиот се прогласи за технолошки вишок. Убеден сум дека денеска имаме толку слободни инженери кои имаат верувам многу поголеми капацитети и знаења, кои зборуваат 4 до 5 јазици, а да не зборувам за нивните познавања од компјутерска техника и технички капацитети.

Таков е случајот со избрканите, прогласени работници за технолошки вишок во Кавадарци-Неготино. Вработени, за кои сум убеден, значи лично ги познавам,

дека се апсолутно стручни. А, за нивната ангажираност, работна способност, квалитет на извршување на работите, автоматски можете да прашате и за нив да добиете целосни податоци од директорите што вие ги поставивте.

Со Колективниот договор, т.е. со Програмата за прогласување на технолошки вишок забранивте прекувремена работа. Но, сакам да ве известам и овде да нотирам, затоа што во подружницата на ХЕЦ Тиквеш, во текот на месец септември, па некаде до март беа изведени ремонтни активности во кои вработените, поточно сега прогласените за технолошки вишок се од 12 до 18 часа во денот, така што прекувремено имаат изработено некаде за 50 до 80 денови. Затоа, господо од раководството на ЕСМ, не можете да ме убедите дека нема потреба од овие вработени, зата што вакви ремонтни активности се очекуваат и во следните 3 односно 4 години. Едноставно, одлуката не базира на реалност, а истата е со политичка конотација, пресметана однапред, за постигнување на однапред зацртана цел, а тоа е пресметување со вработените кои евентуално се или биле членови на ВМРО-ДПМНЕ.

Со сигурност знам дека во овие подружници има вработено и тоа во голем број работници кои се пред пензија. Можат мирно и најспокојно, т.е. бес потреси да си заминат во пензија без притоа да има било какви тензии и незадоволства на сите во ЕСМ.

Дека има политика во сета оваа работа, ќе спомнам уште неколку факти. Имено, како е возможно, се прашувам, на одлуките на органите на ЕСМ да не можат да се изјавуваат правни лекови или, поконкретно, донесена е одлука од генералниот директор за прогласување на технолошки вишок на определен број на вработени и тоа со име и презиме, а правните служби да не ги примаат најавените приговори. Значи, или имаат наредба од раководните структури да не ги примаат приговорите, правните лекови или Правната служба и правните служби по подружниците, евен ќе го земам случајот со правникот од ХЕЦ “Тиквеш”, нема доволно стручни квалификации па не знаат како да постапат со правните лекови, што е веројатно, затоа што, ајде да не кажам, се работи за една приштинска диплома. Еве, во случајов можност за прогласување на технолошки вишок од повеќе причини, прво заради неспособност, а второ заради прекубројнот, со оглед на фактот што во повеќе подружници на ЕСМ има дуплирани кадри од типот на правници, економисти и тн.

Втор момент за можна политизација на целиот овој Галиматијас е неможноста за пристап кон актите на ЕСМ или, поточно, не се даваат актите, Колективниот договор, со цел да се побараат или проучат правата на работниците во ЕСМ. Значи, во правните служби не ги доставуваат колективните договори до вработените.

На крајот, почитувани колеги пратеници, би сакал да резимирам. Сметам дека во позадината на донесената Одлука лежи мотивот за политичка пресметка со вработените, вработени во текот на 1999 -2002 година, со можност за отворање работни места за свои членови а на кои што веројатно им е ветено вработување.

Второ, финансиската состојба на АД ЕСМ не е таква и не дава можност за редукција на вработените, затоа што личните доходи на работниците кои се прогласени за технолошки вишок учествуваат со сосема мал и незначителен дел во вкупниот финансов биланс.

Трето, постои можност, имајќи предвид дека личните доходи во ЕСМ се големи, истите да се редуцираат за некаде 10%, со што не ќе има потреба од прогласување технолошки вишок, вработените да се бркаат.

Четврто, доколку се сакаат вистински реформи, со Програмата за технолошки вишок да се обезбеди природен одлив, да се даде можност на вработените кои се со 2 до 3 до 5 години пред пензија да заминат во пензија, со што се обезбедува подмладување на ЕСМ, како и задржување на млади и стручни, како и продуктивни кадри.

Значи, сметам дека е потребно да се изврши ревизија на веќе поставените критериуми во Програмата за прогласување на технолошки вишок, бидејќи со една ваква нова методологија во многу ќе се подобри состојбата во ЕСМ, а истовремено ќе се релаксираат состојбите со младите кои се бркаат, без да се предизвика ризик од ескалација на социјални немири и социјални бранови.

Нема потреба да создаваме нови социјални случаи што  не е можат да ги извршуваат ниту основните обврски во државата како плаќање струја, плаќање телефон, даноци и тн. или пак, евентуално поради бедата и сиромаштијата да ги насочуваме кон евентуални девијантни однесувања или пак поттикнување за одење во странство и тн.

Од сите тие причини, предлагам раководните структури на ЕСМ, на чело со господинот Панде Лазаров да ја преиспитаат веќе донесената Одлука, да определат нова методологија во процесот на реформите на ЕСМ, се со цел да се донесе

најцелисходно и најправедно решение, имајќи ги предвид како сопствените интереси, така и интересите на државата но и интересите на вработените во ЕСМ и пошироко.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинто Тасев.

За реплика се јави госпоѓа Андова.

АНА АНДОВА:

Благодарам господине претседателе.

Колешки и колеги пратеници, претставници од Министерството за економија, директоре на ЕСМ,

Колега Тасев, сосема имам разбирање за дел од вашата дискусија во која што зборувате за објективност и субјективност на критериуми, но ги спомнавте онака патем или бегло со една или две реченици, според кои што беше извршено бодирањето на намалување на бројот на вработените во ЕСМ.

Меѓутоа, воопшто немам разбирање, не спомнавте еден друг ваш личен критериум што го практикувавте додека директорувавте во ХЕЦ “Тиквеш”. Еве, сосема адекватна и сосема соодветна пригода да објасните на македонската јавност по кои критериуми и како ги наградивте со вработување своите рекетари или тепачи на децата во Неготинската гимназија, како што ги нарекуваат граѓаните во Кавадарци и Неготино. Тоа не го кажувам јас, тоа го знае целата јавност.

Од тука, во најмала рака, освен маркетинг и чиста фразиологија не гледам ништо друго во вашата дискусија, иако навидум, тој што не ве знае, ќе ја прифати за сосема пригодна и адекватна. Меѓутоа, и самиот за себе си кажавте на минатата седница, кога расправавте по Извештајот на МРТ, а меѓу другото бидејќи сте стручњак и за радиодифузија и за одбрана и за Електростопанство и за се друго за што сме расправале сега самиот кажавте дека извештајот е извештај, а маркетингот е маркетинг. Тоа се ваши зборови, не се мои.

Во однос, спомнавте ревитализација односно ремонтни активности на дел од опремата од ХЕЦ “Тиквеш”. Колку што јас знам, договорите се по моделот “клуч на рака”, односно изведувачите на ремонтните активности својата перформанса не ја

поврзуваат со работната сила на нарачателот на работата. Меѓутоа, сосема е позитивно за секој вработен, а особено за млад инженер, за млади кадри, за млади стручњаци да учествуваат, да бидат присутни, да видат и да учат. Тоа е сосема позитивно.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Тасев Орданчо бара збор за реплика.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Сосема на кратко, на госпоѓата Андова, разбирам што денеска мораше да се јави, бидејќи доби задолжение да се јави, бидејќи веќе собираат потписи за нејзино менување во Кавадарци затоа што на некој начин била ставена во сенка од пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ од Кавадарци и затоа, веројатно денеска се јавила. Тоа е прва работа. Ова е чиста вистина.

Втора работа, јас не знам за кои рекетари се работи, за кои тепачи се работи. Веројатно е во една тешка заблуда госпоѓата Андова. Инаку, за случајот, се повторува неколку пати. Тој, за многу кратко време ќе добие судска разврска и ќе видиме дали се работи за рекетари наши или пак се работи за рекетари кои биле ангажирани од другата страна. Според тоа, госпоѓата Андова нека не биде многу возбудена, сите работи лека, полека ќе си дојдат на свое моесто.

Благодарам.

АНА АНДОВА:

(Од место, без вклучен микрофон).

Господине Тасев вие сте мој најголем маркетинг во моментов.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да продолжиме со работа, да не бидеме сите во сенка после вакви дебати.

(Пратеници бараат збор процедурално, бараат збор деловнички, бараат збор за реплика).

Има повеќе пријавени за процедура или за реплика, ќе одам по редоследот на компјутерот.

Господинот Ѓорѓиев Драган се јавува за реплика или за дискусија?

За дискусија.

Господинот Бислимовски Ристе, реплика на Тасев.

Повелете.

(Поедини пратеници интервенираат дека деловничката интервенција има предност пред репликата).

Нема утврдено редослед деловнички на реплика и на деловничка интервенција кој прв добива збор. Бидејќи инсистирате, еве прво ќе му дадеме збор на лидерот на опозицијата во Парламентот.

Повелете, ви тече времето.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Не ми треба многу време.

Благодарам претседателе.

Сметам дека согласно на член 86 требаше претходната колешка да ја прекинете, бидејќи може да се побара реплика на пратеник кој побара збор да исправи неточно пренесен наод или наод што предизвикува недоразбирање. Колешката постави прашање што беше надвор од дискусија на господинот Орданчо Тасев. Затоа сметам дека понатаму треба да ги предупредувате говорниците ако избегаат надвор од Деловникот.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Тоа важи за сите, така?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Да, да, за сите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

И за тие од вашата пратеничка група?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

За сите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Ќе дозволите прво да го применам на вашата пратеничка група тоа правило, па после на другите како пример?

Благодарам.

Има збор господинот Бислимовски.

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Благодарам почитуван претседатле, му благодарам и на координаторот на парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ кој ми помогна токму во смисла на репликата што сакам да ја упатам до пратеникот Тасев.

И господинот Тасев, а и други пратеници од опозицијата инсистираат и повикуваат на докуп на стаж и на предвремено пензионирање. Реформата на пензискиот систем почна уште некаде од 1995 година и тој циклус заврши во 2000 година. Така што опозицијата многу добро знае дека нема ниту можност, ниту законска основа за докуп на стаж или за предвремено пензионирање. Така што нивните дискусии без основа нека не бидат само лажна надеж за некој кој чека работа.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За реплика се јави господинот Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Само кратко претседателе.

Му благодарам на колегата Бислимовски, јас се согласувам со тој дел, меѓутоа ако можете со наша интервенција или со законска интервенција да смениме Устав, мислам дека можеме да го смениме и Законот за пензиско осигурување.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со дискусија.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Политичкото поведение на оваа Влада во изминатиот период од осум месеци потврдува дека оправдано било нашето сомневање дека таа иста политичка гарнитура може да придонесе за развојот на економските, културните и демократските процеси во Република Македонија и дека може да ги реализира ветувањата за подобар живот на граѓаните во државата.

Во периодот што помина, власта покажа крајно нечесен однос кон бирачите. За време на изборите, господинот Црвенковски жестоко ја критикуваше тогашната власт, им велеше на граѓаните да си ги погледнат сметките за телефон, струја, лекови, даноците, им велеше дека ќе вработи по еден член од секое семејство. А денеска, нема ниту трага од неговите ветувања. Првата петтина од мандатот ја потрошија да го влошат уште повеќе животниот стандард на граѓаните, да го зголемат бројот на невработени во државата, под изговор дека спроведуваат реформи.

Ако го направија тоа во името на реформите, смислата на реформите е да живееме подобро, а не од ден на ден да живееме се полошо. Веќе 20 години се говори за реформи, стабилизација, а мнозинството граѓани во државата живее се полошо и полошо. Не се прават реформи, почитувани, за да правиме од народот социјални случаи.

Целокупниот овој пристап кон оваа проблематика зборува дека оваа власт нема никаква стратегија, не продолжува со започнатите реформи, не постојат никакви претходни анализи и дефинирани потреби за работа и правци за развој од кои би произлегла и потребата и обемот на вработени, туку се тргнува од новите. Единствена реформа во овој момент е отпуштање од работа.

Тргнувајќи од тоа дека основен критериум за прогласување на технолошки вишоци е времето кога се вработени, наместо да биде тоа успешноста во работата и придонесот што можат да го дадат за развојот на ЕСМ, стручната подготовка и

квалификацијата, возраста, економско социјалната положба и да не го набројувам сето она што е утврдено во Колективниот договор, ми дава за право да се сомневам дека во основата н аовие отпуштања лежи политичка репресија и сегрегација на политичките неистомисленици. Сето тоа директно се рефлектира врз демократските процеси во државата и уште повеќе го разединува макеоднското ткиво. Можеби излезот од тоа е и врровци да се прогласат за некакво малцинство што сочинува 20% од граѓаните во државата, па да склучат некаков си рамковен договор со кој ќе им биде гарантирано на нив и на нивните роднини дека заради нивната политичка определба нема да бидат бркани од работа.

Но да се осврнам конкретно на отпуштањата од ЕСМ. Во Предлог програмата и Анализата-елаборат за економските, структурните и сличните промени кои предизвикале потреба од намалување работници во АД Електростопанство на Македонија никаде не се елаборирани причините за таканаречените тешки финансиски состојби во кои се наоѓа ЕСМ, кои промени ќе се воведат и што се очекува од нив во правец на подобрување на тешката финансиска состојба, па од тоа да произлезе колкав број работници и со каква структура ќе биде потребно за рационализација и реализација на ваквите промени.

Затоа, повторно ќе кажам, се во овој случај започнува однаопаку, бидејки според Законот за работни односи и Колективниот договор, дури откако ќе се воведат промените им престанува работниот однос на работниците утврдени како технолошки вишок. Не можам да се отргнам од впечатокот дека наместо уставното декалрирање на Република Македонија како социјална држава, се се прави Република Македонија да биде држава на социјални случаи. На листата на отпуштените се најдоа самохрани родители, социјални случаи , дури и членови на семејствата на загинати бранители на татковината. Каков е односот на власта со нив? Зарем не беше доста последното понижување што им го приреди министерот за внатрешни работи, кога забрани да присуствуваат роднините на загинатите бранители на свеченоста по повод Денот на полицијата, па сега мора да ги доживуваат и овие трауми на отпуштање од работа.

Се надевам дека директорот на ЕСМ кој си стои на зборот, како што кажа пред малку и нема да им ги потпише решенијата барем на овие граѓани и на овие вработени.

Понатаму, ќе се осврнам накратко и на отпуштањата во Електродистибуција-Струмица. Таму се отпуштаат 15 вработени кои што извршувале работни задачи соодветни на нивната стручна подготовка и стекнатите квалификации, а во исто време под договор на дело дополнително се ангажира работник , а преку тендер се ангажира и фирма чии што 15 работници ги превземаат работните обврски на досегашните вработени. Најголемиот дел од вработените кои добија известувања дека им престанува работниот однос се млади луѓе на возраст меѓу 20 и 30 години, единствени вработени и  на семејствата со по 3 и 2 малолетни деца. Со нивното отпуштање од работа овие семејства стануваат социјални случаи. Која друга можност им ја нудите вие, господа, на тие луѓе да преживеат. Каде е тука декларираната заложба на оваа Влада за вработување на младите? Зарем не можеше овој проблем да биде решен со докуп на стаж на вработени кои се пред пензионирање? Заменик премиерката Радмила Шекеринска во Утрински весник од 30 ноември 2002 година изјави: "Вработувањето на младите е прашање на опстанокот на државата". Значи ли тоа дека оваа Влада со овие процеси на отпуштање претежно на млади луѓе започнува процес на разградување на државата?

Почитувнаи дами и господа,

За вработените во ЕСМ, па и за граѓаните корисници на нивните услуги, треба да биде јасно  што ќе донесе краткорочно, а што долгорочно оваа мерка на отпуштања, кој ќе биде следниот чекор после тоа, кој ќе биде позитивниот резултат. Дали со тоа граѓаните ќе добијат подобра услуга и поефтина струја?

ЕСМ не губеше време, па во пакет со отпуштањата  што по нивно кажување им се потребни за да ги намалат вкупните трошоци на вработењето ни ја покачија и цената на струјата за 7%. Покачувањето на цената на струјата им се најде како најлесен начин од граѓаните кои редовно си ги плаќаат сметките да земат уште пвоеќе и да го компензираат простувањето на пвоеќегодишните долгови за неплатена струја, а претежно и делот што сеуште не го плаќаат граѓаните од тетовските, Скопскит еи Кумановските села.

Дали, почитувани дами и господа сметате дека со покачувањето на цената на струјата и новиот бран на поскапување што ќе произлезе од тоа ќе потикнете нов инвестиционен циклус во државата и дали ќе овозможите со тоа вработување на тие што ги отпуштате и на оние кои што сеуште се невработени? Многу

контрадикторности на едно место. Зборувате за тешка финансиска состојба  и отпуштате работници, а имате позитивна завршна сметка, покрај сите инвестиции и наводно , покрај прекумерниот број на вработени. Имате тешка финансиска состојба, а го преземате делот од 13% ДДВ на товар на претпријатието, а уште  згора на тоа вработувате и работници. Увезовте за 50% повеќе струја во однос на минатата година, иако хидроакомулациите беа полни и зимските температури беа повисоки и со тоа потрошивте износ во висина на двегодишни плати за овие 1100 работници. Зборувате за тешка финансиска состојба, а воопшто немате започнато кампања за зголемвуање на наплатата. Зошто во одделни делови на Макеоднија, на пример во Струмичко, наплатата е над 50%, а во други побогати краишта е помалку од 1%. Имате тешка финансиска состојба, а платите во ЕСМ се над просечните во Република Макеоднија.

Почитувани дами и господа, од сето тоа што го изнесов можам да заклучам дека одлуката за отпуштањето на 1100 вработени во ЕСМ е политичка одлука и не  е резултат на спроведените економски, технолошки и структурални промени. Затоа веднаш треба да престанат започнатите процеси на отпуштања  во ЕСМ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нема реплики од новопријавените за дискусија? (Не).

Има збор господинот Љупчо Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувнаи пратеници, генерален директор на ЕСМ и претставник на Министерството за економија,

Најнапред веднаш на почетокот сакам да го искажам револтот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ затоа што денес на една ваква седница не се присутни минситерот за економија и министерто за труд исоцијална политика.

Благодарност до генералниот директор на ЕСМ, затоа што едноставно тој се осмели да дојде и да продискутираме за сите случувања што се случуваат по повод отпуштањата на вработените во Електростопанство, меѓутоа, сепак, мислам дека беше потребно на ваква важна седница, на итна седница , да бидат присутни минситерот за економија и министерот за труд и социјална политика.

Денешната седница и точката на дневен ред за состојбата со отпуштањата на вработените во ЕСМ е многу важна не само за вработените во Електростопанство, туку и за вработентие кои се наоѓаат на разни списоци за отпуштање, кои се во подготовка во  Јавното претпријатие Макеоднски железници, Јавното претприајтие за стопанисување со станбен и деловен простор, Јавното претпријатие Макеоднски шуми, во здравството, во Службен весник, во Јавното претприајтие Македонија пат и многу други јавни претприајтија. За сите нив заедничка карактеристика е таа што Владата, ресорните министерства и јавните претпријатија немаат програма за трансформација и тоа треба јавно овде да го кажеме сите. Немаат програма за развој на јавните претпријатија. Немаат социјална програма за сите вработени кои ќе бидат технолошки вишок и ќе бидат отпуштени. Државата мора да им обезбеди основни услови за живеење, затоа што сите овие луѓе што ќе бидат отпуштени биле вработенив о јавните претпријатија. Фактот што не треба да се заборави, тоа во никој случај не треба да го заборави Владата иако овде немаме министри од Министерството за економија и Министерството за труд исоцијална политика, меѓутоа, не треба да го заборави Парламентот, е тој што овие вработени во сите анализи што се направени и во сите програми не се обична бројка, не се обичен процент кој треба само да се отфрли и да се реши проблемот. Тие се луѓе, вработени, достојни за почит, тие се државјани на Република Македонија кои се дел од сите останати вработени кои учествуваат во создавањето на развојот на државата, се разбира, секој според своите способности. Дали после вакви потези на Владата ние можеме д аочекуваме од овие луѓе да работат во интерес на земјата? А Владата не им обезбедила никакви услови после отпуштањето од работа, без определена програма за нивно натамошно ангажирање. Како може да се оправдаат критериумите - и овде навистиан барам објаснување за прогласување на технолошки вишок на инкасатор , млад човек со 3 деца, а кажуваме дека имаме слаба наплата и тоа треба да зајакне во Електростопанство. Со кого треба да зајакне Кои се тие луѓе што ќе ја зајакнат наплатата? Како може и под кои критериуми се прогласува за технолошки вишок вработена што се наоѓа на породилно боледување? И сега генералниот директор ни кажува дека тие луѓе треба да одат на суд и судот после година две да одлучи да ги врати, а кога ги кажуваме директно сега на лице место. Како може и под кои критериуми да се прогласува за технолошки вишок вработен млад завршен студент со највисок просек? Тоа го

видовме сите на ТВ, а се кажува дека државата, Владата на младите треба да им обезбеди услови за живеење бидејки имаме проблем на млади и стручни лица кои ја напуштаат земјата. Тоа е општ проблем на сите, не е проблем на Електростопанство, меѓутоа, проблем на Владата, но Владата ја нема овде со ниеден претставник. Како може и под кои критериуми да се прогласува за технолошки вишок лице што се наоѓа на отслужување на воен рок, бранител на државата? Се прогласува за технолошки вишок брат на загинат бранител на државава. Дали ние така ќе водиме сметка за сите овие луѓе? Сакавте поединечни случаи, еве ви поединечни случаи. Не сакавте да зборуваме општо, ќе зборуваме со име и презиме. Се прогласува за технолошки вишок вработен електроинженер во Електростопанство, долгогодишен стручнак, само затоа што е преземен од друго јавно претпријатие, а што е потребен на Електростопанство. Овие технолошки вишоци, бидете сигурни, не се направени согласно критериуми и согласно програма за намалување на бројот на вработентие.

Дали Владата, ресорното министерство и Електростопанство на Македонија ја имале предвид, господине генерален директоре, целокупната економско безбедносна ситуација кога почна и кога се врши отпуштање на вработени, и тоа каде? Во ХЕЦ Глобочица, во ХЕЦ Шпиље, во Струга, во Дебар и во Кичево. Дали тоа вие го имате направено самоволно врз основа на некои критериуми или тоа го имате направено согласно некои договори. Тоа треба да го кажеме овде јавно сите. Тоа значи не смао отпуштање од работа во овие делови на државата, тоа значи напуштање на родните места и доаѓање дали во други градови на Македонија, меѓутоа, и многу повеќе од тоа, напуштање на земјата. Владата наместо да направи посебна програма за вработување на млади луѓе во овие општини, посебна програма за вработување, Владата прави програма за отпуштање во ХЕЦ Шпиље, знаеме каква е таму состојбата, во Дебар во Електростопанство знаеме таму каква е состојбата со македонците, во Кичево знаеме каква е состојбата во РЕК Осломеј и во Струга знаеме каква е состојбата а бидете сигурни ќе знаеме уште подобро со новата територијална поделба што се подготвува во Република Македонија.

Не може да се оправда програма на Владата и на Електростопанство кога од една страна имаме масовни отпуштања, а од друга страна имаме големи побарувања и ненаплатени прихопди на Електростопанство на Макеоднија од цели региони. Тоа е кажано од Електростопанство, кој еден подолг временски период

воопшто не плаќаат електрична енергија и тоа е проблем на државата, не е проблем на Електростопанство. Владата и Електростопанство не презедоа ништо односно само неколкучасовен прекин на електричната енергија, а потоа продолжи со ненаплаќање како што беше и во изминатиот период.

И сега, дали Владата навистина ќе го реши проблемот со Електростопанство и со другите јавни претпријатија-затоа јас барав овде да биде министерот за економија и министерот за труд и социјална политика - само со отпуштање од работа? Дефинитивно не. Што ќе прави сега државата со овие луѓе? Дали овие луѓе што биле вработени во Јавните претпријатија можеме сите јавно да кажеме дека се веќе непотребни за државата? Не може да се отпуштаат вработени само со направена нова систематизација на работни места и тоа да тврдиме дека таа систематизација е програм аза отпуштање. Не може да се отпуштаат вработени без посебна социјална програма, меѓутоа тоа треба да го направи Владата, не треба да го направи јавното претпријатие. Треба да се направи програма за трансформација, програма за инвестиции за да се постигне развој. Без донесување на овие рпограми, меѓутоа, како што беше напред кажано, без точно придржување на програмите, од една страна, а од друга страна само со програма за отпуштање не може да се очекува развој и успешно работење на секое претприајтие, посебно на Електростопанство на Македонија.

Како главен аргумент за отпуштање на вработените во Електростопанство се кажува дека причина е тешката финанмсиска состојба на Електростопанство. Можеби тоа е вред, меѓутоа, Завршната сметка за 2002 година кажува дека Електростопанство има остварено позитивно салдо и тоа е направено од новото раководство на Електростопанство, го има усвоено новиот Управен одбор во февруари 2003 година. Значи, покрај сите 9.431 вработен, покрај сите реализирани инвестиции во електроенергетскито систем на Република Македонија, но и инвестиции во целата земја, Електростопанство работело позитивно. Тоа е потврдено и во Извештајот на Мајнел Банк Конзорцијум. Во овој Извештај се вели дека во најголемито број подружници каде што се јавуваат високи загуби немаат доволен број вработени во споредба со другите . Можеби и туак треба да се бара одговорот на сите овие работи, господине директоре. Тоа значи дека постојат и други можности, а дали постои превработеност или не се определува , и вие кажавте, според продадената електрична енергија по вработен. Затоа е потребна

програма што кажуваме дека е потребна за трансформација, социјална програма, програма за инвестиции и програма за развој.

Во овој период, Владата и Електростопанство направија неколку потези кои ќе имаат негативно влијание во натамошното работење на Електростопанство и тоа треба да не загрижи сите, и позиција и опозиција. Меѓутоа , граѓаните ќе бидат најповеќе поогодени негативно. Тие се: Веднаш после изборите новата Влада и новото раководство тврдеше дека Електростопанство е во тешка финансиска состојба, а истото раководство ја направи Завршната сметка за 2002 година и се покажа дека Електростопанство има позитивни резултати.

Со зголемување на стапката на ДДВ од 5% на 18%, ова зголемвуање се направи во март оваа година под жестоки притисоци од наша страна, каде што кажуваме дека не треба да се дозволи да се зголеми ДДВ на електричната енергија од 5 на 18%, меѓутоа, се направи. Од друга страна се тврдеше дека Електростопанство има капацитет да го издржи покачувањето на ДДВ и за тоа граѓаните нема да плаќаат повеќе пари.

Исто така, се тврдеше дека нема да има покачување на цената на електричната енергија до крајот на годината. Аргументите кои ги кажа тогаш раководстовто на Електростопанство и господинот директор беа точни, јас се согласувам со нив, беа прифатливи за сите и затоа го подржавме во тој момент како раководство и како генерален директор на Електростопанство, а тоа е дека со покачувањето на цената на електричната енергија и така ќе се намали слабата наплата. Јас се согласувам потполно со тоа , меѓутоа, од друга страна, знаеме дека електричната енергија на 1 јули, значи пред два дена поскапи за 7%, со можност за повторно покачување. Кои се тие аргументи што поскапува струјата за 7% и кои ќе бидат другите аргументи поради кои ќе поскапи струјата за неколку дополнителни проценти.

Со сите овие постапки се потврдува дека Владат аи Елктростопанство немаат , меѓутоа, треба да направат анализа за работата и насоки на дејствување, програма за работа, социјална програма за вработените за кои ќе се утврди дека се технолошки вишок. И најнапред, инвестициона програма што ќе носи развој на Електростопанство на Македонија.

Затоа, ние како пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ не можеме да подржиме ваков вид на работа во Електростопанство на Македонија и ваков вид на работа на

Владата, поточно на Министерството за економија и Министерството за труд и социјална политика.

ВМРО-ДПМНЕ како партија е согласна за реформи. Тоа го докажавме во изминатиот период. Постои начин и ние знаеме тоа како да го направиме. И ќе го подржиме и сега како опозиција , сите економски реформи, само ако тоа значи подобрување на условите за живеење на граѓаните. Само ако тие реформи значат развој на претпријатијата, а со тоа и развој на нашата земја.

Затоа, како ВМРО-ДПМНЕ и Либерална партија еден од заклучоците што ги имаме овде доставено, и мислам дека е најважно во овој момент да се направи, е итно престанување на вака започнатата акција за прогласување на технолошки вишок не само во Електростопанство на Македонија, туку и во сите јавни претпријатија на државата.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Панде Лазаров.

ПАНДЕ ЛАЗАРОВ:

Неколку работи да одговорам. Критериумите од Колективниот договор се исти во сите делови на државата. Не правиме разлика дали е Дебар, Кичево, Струга, Гевгелија и т.н. Значи, критериумите се исти, се вршеше бодирање под ист терк.

Второ, не прекинавме со наплатата, односно исклучување на оние неревносни потрошувачи, дури и те како секој ден е се поинтензивна.

И трета работа, во врска со зголемвување на бројот на инкасантите, не се работи за зголемување на бројот на инкасантите. Ние на време ги читаме сметките, меѓутоа, не ги плаќаме на време сметките. Не се работи за читање, дали ќе има 5 инкасанти. Ние имаме доволно инкасанти, дури и сега многу, меѓутоа, на време читаме, но на време не си ја плаќаме сметката. Од прилика тоа би кажал.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госдподинот Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Господине директоре, јас се согласувам потполно со вас дека вие го почитувате Колективнито договор, јас тоа и го кажав, меѓутоа, за овие места што ги спомнав како ХЕЦ Шпиље, ХЕЦ Глобочица, Дебар, Струга и Кичево сакав Владата на Република Македонија да подготви посебна програма, затоа што таму економско безбедносната ситуација не е како во другите делови од државата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сега е 17,00 часот, ја прекинувам дебатата.

Продолжуваме утре во 10,00 часот и утре ќе завршиме, па макар и во 24,00 часот со оваа седница.

(Седницата прекина во 17,00 часот)